# БОЖЈАТА ЉУБОВ И ПРАВДА

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јануари, февруари, март 2025

# БОЖЈАТА ЉУБОВ И ПРАВДА

Автор: Џон К. Пекам

Број 1/2025

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Илија Киров**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Бог љуби доброволно ... 7

2. Заветна љубов ... 14

3. Угодување на Бога ... 21

4. Бог е огнен и сочувствителен ... 28

5. Гневот на божествената љубов ... 35

6. Божјата љубов кон правдата ... 42

7. Проблемот со злото ... 49

8. Слободната волја, љубовта и божественото провидение ... 56

9. Космичкиот судир ... 63

10. Правила за ангажирање ... 70

11. Што уште / друго можев да направам? ... 77

12. Љубовта и правдата – двете најголеми заповеди ... 84

13. Љубовта е исполнување на законот ... 91

**Додаток**

Утрински стихови – јануари ... 98

Утрински стихови – февруари ... 99

Утрински стихови – март ... 100

Секојдневно читање на Библијата ... 102

Текстови за вечерно богослужение ... 103

Табели за почеток на саботата во Македонија ... 104

# БОГ НА ЉУБОВТА И ПРАВДАТА



Бог е љубов. Тоа ни го кажуваат стиховите 1. Јованово 4,8.16. Целата Библија сведочи за тој факт. Христијанската вера е сосредоточена на Божјиот карактер полн со љубов. Љубовта е во сржта на она кој е Бог, во сржта на сето она во што веруваме, и таа треба да биде во сржта на сето она што го правиме. Оттука, начинот на кој ја разбираме љубовта влијае на целокупната наша вера и практика. На пример, ако некој верува дека Божјата љубов мора да се заработи или да се заслужи, може да помисли дека Бог не го сака затоа што е грешен и недостоен. А во меѓусебните односи со другите, може да очекува од нив да ја заслужат љубовта – што претставува рецепт за катастрофа.

Во таа смисла и во многу други работи, начинот на кој ја разбираме Божјата љубов има огромни импликации за нашата вера и практика. Тогаш повторно, што е љубовта? Ако замолите десет луѓе да ја дефинираат љубовта, може да добиете десет различни одговори. Дури и меѓу христијаните има многу митови и недоразбирања во врска со Божјата љубов.

На пример, христијаните даваат различни одговори на прашањата како што се:

Дали Божјата љубов само дава, а никогаш не прима? Дали божествената љубов претставува целосна самопожртвуваност, или Бог може и да ужива и да чувствува задоволство во меѓусебните односи со луѓето? Дали Божјата љубов е емотивна? Дали Бог навистина се грижи за луѓето? Може ли Божјата љубов да се отфрли или да се изгуби правото на неа? Дали Бог понекогаш влегува во променливи односи со созданијата, кои вклучуваат оддалечување и повторно зближување? Дали гневот може да се спои со љубовта? Одат ли љубовта и правдата заедно? Ако Бог е љубов, зошто постои зло во светот, и тоа во толкава мера? Дали луѓето можат да љубат на ист начин како Бог? Кога би можеле, како би изгледало тоа?

Може да се стекне впечаток дека одговорите на некои од овие прашања се очигледни, но тие често се побиваат во христијанските толку-

вања на божествената љубов. Сепак, за многу одговори, кои понекогаш се сметаат за очигледни, по повнимателно проучување, излегува дека не можат да се поврзат со она што Светото писмо го учи за Божјата љубов.

Ние нема да се занимаваме со сите овие прашања одеднаш, но овие, а и некои други прашања, ќе ги разгледуваме во текот на целото ова тримесечје. И ќе видиме дека Божјата љубов е уште повеличествена отколку што мислиме. Божјата љубов, како што е опишана во Светото писмо, далеку ги надминува идеите кои, во поголемиот дел од нашиот свет денес, поминуваат како „љубов“. Во следните седмици, ќе разгледаме подетално некои од највпечатливите и најубави аспекти на Божјата љубов кои се откриени во Библијата.

Продолжувајќи понатаму, ќе видиме дека божествената љубов и правдата се нераскинливо поврзани. Бог, кој се открива во Библијата, ја сака правдата (видете, на пример, Исаија 61,8), а според тоа како ги опишува Библијата, божествената љубов и правдата одат заедно, така што не можете да го имате едното без другото. Бидејќи Тој е љубов, Бог е длабоко загрижен за неправдата и страдањата во овој свет, и себеси се поистоветува со угнетените и напатените, спремно преземајќи ја болката и тагата што злото ги предизвикало во делата на создавањето – при што Тој самиот страда најмногу, дури и до таа мера што може да се каже дека самиот Бог е најголемата жртва на злото.

На многу места во Библијата гледаме дека Бог е тажен и дека Му е тешко поради злото и страдањата, затоа што го сака секој поединец повеќе отколку што можеме да замислиме. Длабочината на Божјата љубов може да се види од Христовото оплакување над Својот народ, кога изјавил: „Ерусалиме, Ерусалиме, што ги убиваш пророците и со камења ги засипуваш испратените кај тебе! Колкупати сакав да ги соберам чедата твои, како квачката што ги собира пилињата свои под крилјата, а вие не сакавте!“ (Матеј 23,37)

Бог, од Библијата, кој е љубов, често е прикажан во Светото писмо како Оној чие срце е скршено и кој е ожалостен поради отфрлената и изгубена љубов. Целиот наратив на Светото писмо зборува за тоа што Бог направил и што прави за да ја обнови љубовта во секое катче на вселената. Ова, но и многу повеќе од тоа, е тема на поуката за ова тримесечје.

*Џон Ц. Пекам е помошен уредник на списанието Адвентистички преглед (Adventist Review). Во текот на пишувањето на оваа поука, тој беше професор по теологија и христијанска филозофија на Адвентистичкиот теолошки факултет при Универзитетот Ендрус.*

**Лекција 1**
**Од 28 декември 2024 до 3 јануари 2025**

# БОГ САКА/ЉУБИ ДОБРОВОЛНО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 33,15-22; Осија 14,1-4; Откровение 4,11; Јован 17,24; Матеј 22,1-14; Јован 10,17.18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ќе ги исцелам од нивното отпаѓање, ќе ги љубам од сето срце, зашто Мојот гнев се одврати од нив“ (Осија 14,4).**

Иако Петар трипати се откажал од него, токму како што предвидел Исус (Матеј 26,34), тоа откажување не било крај на приказната. По воскресението, Исус го прашал Петар: „Откако завршија со појадокот, Исус му рече на Симона Петра: ‘Симоне Јонин, љубиш ли Ме повеќе отколку овие?’ тој Му рече: ‘Да, Господи, Ти знаеш дека Те сакам.’ Му рече: ‘Паси ги Моите јагниња!’ Му рече пак, по вторпат: ‘Симоне Јонин, љубиш ли Ме?’ Му рече: ‘Да, Господи, Ти знаеш дека Те сакам.’ Му рече: ‘Води ги Моите овци на пасење!’“ Му рече по третпат: ‘Симоне Јонин, Ме сакаш ли?’ Петар се нажали дека по третпат го праша: ‘Ме сакаш ли?’ И Му рече: ‘Господи, Ти знаеш сè, Ти знаеш дека Те сакам.’ Исус му рече: ‘Паси ги Моите овци!’“ (Јован 21,15-17) Исто како што Петар трипати се откажал, Исус – поставувајќи го клучното прашање: „Дали ме сакаш“ – трипати го вратил Петар назад.

Колку и да се различни нашите околности од оние на Петар, на многу начини принципот е ист. Односно, прашањето што Исус му го поставил на Петар е навистина најважното прашање што Бог му го поставува на секој од нас во времето и местото на коешто се наоѓаме: Дали ме сакаш?

Сè зависи од нашиот одговор на тоа прашање.

# НАД СИТЕ РАЗУМНИ ОЧЕКУВАЊА

Бог не само што нè прашува: „Дали ме сакаш?“, туку Тој самиот го сака секој поединец, и тоа без никаква принуда или надомест. Навистина, Тој доброволно те сака и тебе како и мене и секоја друга личност, повеќе отколку што воопшто можеме да замислиме. А ние ја познаваме таа љубов врз основа на Божјото дејствување во историјата на Неговиот народ.

**Прочитајте 2. Мојсеева 33,15-22 и разгледајте го контекстот на овие стихови и наративот во кој тие се појавуваат. Што ни открива тој пасус, особено стих 19, за Божјата волја и љубов?**

---

---

Се чинело како да е изгубено сè. Набргу по Божјото чудесно избавување на израелскиот народ од ропството во Египет, истиот тој народ се побунил против Него и му се поклонувал на златно теле. Кога Мојсеј слегол од горатa и видел што направиле, ги фрлил плочите со Десетте заповеди и ги скршил. Меѓутоа, иако народот го изгубил сето право на заветните привилегии и благослови што Тој им ги дал, Бог доброволно одлучил да остане во заветен однос со нив – и покрај тоа што се покажале недостојни за заветните благослови.

Зборовите на стихот 2. Мојсеева 33,19: „Ќе бидам милостив кому што сакам да бидам милостив; ќе му се смилувам кому што сакам да му се смилувам“, честопати се погрешно сфатени во смисла дека Бог произволно избира да биде сочувствителен и благонаклонет кон некои, но не и кон другите. Меѓутоа, кога тоа ќе го согледаме во контекст, гледаме дека Бог всушност тука не вели дека произволно ќе биде благонаклонет и сочувствителен кон некои, а не и кон другите. Бог не работи така, наспроти одредена популарна теологија, според која Тој предодредува некои луѓе да бидат изгубени и да се соочат со вечна осуда.

Според тоа, што објавува Бог овде? Во суштина, Бог објавува дека, како Создател на сите нешта, Тој има право и власт бесплатно да додели благодат и сочувство дури и на најнезаслужните луѓе. И Тој го прави тоа во оваа ситуација, дури и по бунтот со златното теле, дарувајќи му милост на својот народ, Израел, иако не го заслужил тоа.

Тоа е еден од бројните примери во кои Бог јасно ја покажува својата љубов, над сите разумни очекувања. А тоа е добра вест за сите нас, зар не?

**На кои начини Бог продолжува да ја открива и јасно да ја покажува својата љубов кон вас – дури и над сите разумни очекувања?**

# НЕВОЗВРАТЕНА ЉУБОВ

Впечатлив пример за Божјата љубов кон паднатото човештво се наоѓа во сторијата за Осија. Бог му заповедал на пророкот Осија: „Оди, ожени се со блудница и народи блуднички деца, зашто земјата му се предаде на блудот, одметнувајќи се од Господа“ (Осија 1,2). Осија и неговата неверна жена требало да бидат жива поука за Божјата љубов кон својот народ, и покрај неверството и духовното блудништво на Израел. Односно, тоа е сторија за Божјата љубов што доброволно им се дарува на оние кои не ја заслужуваат.

Навистина, и покрај Божјата верност и љубов, народот се бунел против Него, и тоа секогаш одново. Следствено, Светото писмо постојано го опишува Бога како Оној кому неверниот брачен другар не му ја возвраќа љубовта. Тој го сакал својот народ совршено и верно, но тие го презирале, им служеле на други богови и ги обожавале, со што длабоко го ожалостувале и го раскинувале заемниот однос со Него, навидум неповратно.

**Прочитајте го текстот Осија 14,1-4. Што ни откриваат овие стихови за Божјата непоколеблива љубов кон Својот народ?**

---

---

По повторениот бунт на народот, Бог изјавува: „Ќе ги излекувам од одметнувањето нивно, благонаклоно ќе ги засакам“ (Осија 14,4). Изразот „благонаклоно“ во реченицата „благонаклоно ќе ги засакам“ е превод само на еден еврејски збор (*nedabah*), кој означува нешто што се нуди доброволно. Тоа е истиот израз што се користел за доброволните жртви во системот на светилиштето.

Во целата Книга на пророкот Осија, и низ сите наративи на Светото писмо, Бог покажува неверојатна посветеност и сомилост кон својот народ. Иако тие повеќе пати оделе по други „љубовници“, кршејќи го заветниот однос, навидум неповратно, Бог продолжил да им подарува љубов по својата слободна волја. Народот не ја заслужувал Божјата љубов. Тие ја отфрлиле и го изгубиле секое право да се повикуваат на неа. Сепак, Бог продолжил да им дарува љубов без никаква принуда, морална или некоја друга. Овде и на други места, Светото писмо доследно ја прикажува Божјата љубов како бесплатна и доброволна.

**Многумина размислуваат за Бога како некој далечен и суров владетел и судија. Како сликата на Бога како презрен и ожалостен маж на неверна сопруга ви помага да го согледате поинаку? Како тоа го менува начинот на кој го согледувате вашиот личен однос со Бога?**

# ЉУБОВ ДАДЕНА ДОБРОВОЛНО

Бог не само што продолжил доброволно да ја дава Својата љубов на Израелците, и покрај повторените бунтови, туку Тој продолжува и нам доброволно да ни ја дарува Својата љубов, и покај тоа што сè уште сме грешни. Ние не ја заслужуваме Божјата љубов и никогаш не би можеле да ја заработиме. Од друга страна, ние не сме му потребни на Бога. На Бога од Библијата ништо не му е потребно (Дела 17,25). Божјата љубов кон тебе, кон мене и кон сите луѓе е целосно израз на Неговата волја.

**Споредете ги стиховите Откровение 4,11 и Псалм 33,6. Што ни кажуваат овие стихови за Божјата слобода во врска со Создавањето?**

---

---

Бог доброволно го создал овој свет. И од таа причина, Бог е достоен за секаква слава, чест и власт. Нему не му било потребно да создава каков било свет. Пред основањето на светот, Бог веќе уживал во меѓусебниот однос на љубов што постоел во самото Божество.

**Прочитајте го стихот Јован 17,24. Што ни кажува овој стих за Божјата љубов пред постанокот на светот?**

---

---

На Бога не му требале суштества како предмет на љубов. Но, во согласност со Неговиот карактер, кој е проникнат со љубов, Бог решил да го создаде светот и со своите созданија да стапи во заедница полна со љубов.

И не само што Бог доброволно го создал овој свет како дар на својата великодушна љубов, туку Тој и понатаму продолжува доброволно да ги сака луѓето, дури и по падот во грев во Едем, дури и по гревовите што ние лично ги правиме.

По Падот во Едем, Адам и Ева немале право да продолжат да живеат и да ја примаат Божјата љубов. Но Бог, кој „држи сè со Својот моќен збор“ (Евреите 1,3), во својата голема љубов, милост и благодат ги одржал во живот и нашол начин да го помири човештвото со себе во љубовта. И тоа помирување нè вклучува и нас.

**Што ни кажува фактот што Тој продолжува да му подарува љубов на овој свет, и покрај неговата паднатa состојба и расипаност, за Божјата љубов и Божјиот карактер? На кој начин таа вистина треба да нè наведе да му возвратиме со љубов?**

## МНОГУМИНА СЕ ПОВИКАНИ, НО МАЛКУМИНА СЕ ИЗБРАНИ

Бог не само што ги сака луѓето по своја слободна волја, туку и ги повикува, за возврат, и тие Него да го сакаат. А дека Бог навистина им дава способност слободно да одлучат дали ќе ја прифатат или отфрлат Неговата љубов, е очигледно (меѓу другото) и врз основа на Христовата парабола за свадбената гозба.

**Прочитајте Матеј 22,1-14. Која е смислата на таа парабола?**

___

___

Во Христовата парабола за свадбената гозба, царот приредува свадба за својот син и испраќа слуги „да ги повикаат поканетите на свадба“, но „тие не сакаа да дојдат“ (Матеј 22,2.3). Всушност, царот неколку пати испраќал слуги да ги повикаат, но тие го игнорирале неговиот повик и, што е уште полошо, ги фаќале неговите слуги и ги убивале (Матеј 22,4-6).

Подоцна, откако се справил со оние што убиле некои од неговите луѓе, царот им рекол на другите свои слуги: „Тогаш им рече на слугите свои: ‚Свадбата е готова, но поканетите не беа достојни. Затоа одете по крстопатите и колкумина ќе најдете, поканете ги на свадба!'“ (Матеј 22,8.9) По уште една епизода за човекот без свадбена облека кој бил исфрлен, а ја означува потребата да ја примиме свадбената облека од царот за да присуствуваме на свадбената гозба, Исус ја завршува параболата со загадочна, но многу значајна изјава: „Зашто, мнозина се повикани, а малкумина избрани“ (Матеј 22,14).

Што значи тоа? Оние кои конечно се „избрани“, се оние кои го прифатиле Господовиот повик на свадбата. Изразот преведен како „повикува“ и „поканува“ во оваа парабола е грчкиот збор *калео* (повикува, поканува), а она што одредува кој е конечно „избран“ (*еклектос*) е прашањето дали тој доброволно го прифатил повикот.

Всушност, Бог ги повикува сите (односно, тој на секој поединец му упатува повик да дојде) на таа свадбена свеченост. Меѓутоа, секој од нас може и да ја одбие Божјата љубов. Слободата е суштински важна за љубовта. Бог никогаш никому нема да ја наметнува својата љубов. За жал, ние можеме и да го одбиеме заемниот однос со Бога полн со љубов.

„Избрани“ се оние кои го прифаќаат тој повик. За оние кои Го сакаат, Бог подготвил нешто многу поубаво од сè што можеме да замислиме. И повторно, сè се сведува на прашањето за љубовта и слободата својствена за љубовта.

**Што во вашиот живот открива дека сте го прифатиле повикот да дојдете на свадбата и дека сте дошле соодветно облечени?**

## РАСПНАТ ЗА НАС

Бог ги повикува сите да се поврзат со Него во однос полн со љубов, но само оние кои доброволно ќе го прифатат тој повик уживаат во вечните резултати. Како што видовме во параболата за свадбената гозба, мнозинството од оние што царот ги поканил „не сакаа да дојдат“ (Матеј 22,3).

Во врска со тоа, непосредно пред да биде распнат, Христос тагувал: „Ерусалиме, Ерусалиме, што ги убиваш пророците и со камења ги засипуваш испратените кај тебе! Колкупати сакав да ги соберам чедата твои, како квачката што ги собира пилињата свои под крилјата, а вие не сакавте!“ (Матеј 23,37) Христос сакал да ги собере, но тие не сакале. Истиот вообичаен грчки глагол кој значи „сака“ (*thelo*) се користи и за Христовата желба да ги спаси и за нивната неподготвеност да бидат спасени (а истиот израз се користи и во стихот Матеј 22,3).

Па сепак, Христос отишол на крстот и за тие луѓе и за нас. Колку чудесна љубов! Додека човечкиот грев заслужува смрт, лично Бог (во Христа) ја платил цената и нашол начин да го поправи нарушениот однос меѓу небото и земјата. Во меѓувреме, Тој продолжува да ни ја дарува Својата љубов, иако ништо не го принудува на тоа, освен Сопствената доброволна решеност да го прави тоа.

**Прочитајте го текстот Јован 10, 17.18. Споредете го со Галатјаните 2,20. Која порака за нас се наоѓа во тие текстови?**

---

Во конечниот показ на Божјата љубов – на крстот, гледаме дека Христос се дал себеси за нас според својата слободна волја. Христос го положил својот живот „на сопствена иницијатива“. Никој не Му го одзел животот. Тој доброволно го принел според планот на спасението, договорен на небото пред постанокот на светот.

„Планот за нашето спасение не бил дополнителна мисла, план создаден по Адамовото паѓање. Тој бил откровение на ‘тајната скриена од вечноста’ (Римјаните 16,25). Тој е откровение на начелата што биле темел на Божјиот престол уште од вечноста. Уште од почеток Бог-Отецот и Христос знаеле за отпадот на сатаната и за падот на човекот предизвикан со делувањето на измамната сила на отпадникот. Бог не е причина за постоењето на гревот, но однапред го видел неговото постоење, осигурувајќи средство со кое ќе ѝ се противстави на оваа страшна можност. Неговата љубов кон светот била толку голема што Тој се заветувал дека ќе го даде својот единороден Син ‘за ниеден кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен’ (Јован 3,16)“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 22 оригинал).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Христовите параболи* од Елена Г. Вајт прочитајте ја главата со наслов „Во пресрет на младоженецот“, стр. 405-421 оригинал.

„Овој свет го обвива темнина на погрешни замисли за Бога. Луѓето не го познаваат веќе вистинскиот Божји карактер. Тие погрешно го сфатиле и погрешно го протолкувале. Токму во тоа време треба да се објави божествената порака, пораката што просветлува со своето влијание, пораката што има спасоносна моќ. Треба да се објави вистината за Божјиот карактер. Светлината на неговата слава, светлината на неговата добрина, милост и вистина, треба да ја растера темнината на овој свет.

Тоа е делото што го опишува пророк Исаија кога пишува: ‘Искачи се на висока гора, гласнику на добрата вест, Сионе! Поткрени го силно својот глас, гласнику на добрата вест, Ерусалиме! Издигни го, не бој се, речи им на еврејските градови: ‚Еве го вашиот Бог!’ Ете, Господ доаѓа со сила, владее со својата мишка! Еве ја со него и неговата плата, а пред него неговата награда’ (Исаија 40,9.10).

Оние што го чекаат Младоженецот треба да му кажат на народот: 'Еве го вашиот Бог!' Откривањето на неговиот карактер полн со љубов е последен зрак на милосрдната светлина, последна порака на милоста што ќе му се објави на светот. Божјите деца треба да ја објават неговата слава. Со својот живот и карактер треба да покажат што сторила Божјата благодат за нив.

Светлината на Сонцето на праведноста треба да се покаже со добри дела - со зборови на вистината и со свети постапки“ (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 415, 416 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Полоша од помислата дека Бог не постои би била помислата дека Тој нѐ мрази. Колку би бил поинаков светот во кој живееме, кога тоа би било вистина?**
2. **Што мислите, зошто има толку многу погрешни сфаќања за Божјиот карактер во нашиот свет денес? Размислете и разговарајте за начините на кои би можеле да им помогнете на луѓето појасно да го согледаат Божјиот карактер полн со љубов.**
3. **Која порака за Божјиот карактер треба да ја објавуваме денес? Како би ја објасниле таа порака на некој кој сè уште не е запознаен со реалноста на Божјата љубов? На кои докази можете да укажете – докази кои ја откриваат реалноста на Неговата љубов и на Неговиот прекрасен карактер?**
4. **Едно е да зборуваме за Божјата љубов. Но, да ја откриваме и одразуваме таа љубов во нашиот живот, е нешто сосема друго. Кои „дела на светост“ би можеле да ја откријат Божјата љубов на оние околу нас?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 2**
**Од 4 до 10 јануари**

# ЗАВЕТНА ЉУБОВ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Петрово 3,9; 5. Мојсеева 7,6-9; Римјаните 11,22; 1. Јованово 4,7-20; Јован 15,12; 1. Јованово 3,16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Исус одговори и му рече: ‘Ако некој Ме љуби, ќе го пази словото Мое; и Мојот Отец ќе го возљуби, и ќе дојдеме кај него и живеалиште во него ќе направиме’“ (Јован 14,23).**

Многумина биле научени дека грчкиот збор агапе се однесува на љубов која е единствена за Бога, додека другите изрази за љубов, како што е *филео*, се однесуваат на други видови љубов, со послаб квалитет од агапе. Некои тврдат, исто така, дека агапе се однесува на еднострана љубов, љубов која само дава, но никогаш не прима, љубов целосно независна од човечкиот одговор.

Меѓутоа, внимателното проучување на божествената љубов во целото Свето писмо покажува дека овие идеи, иако вообичаени, се погрешни. Прво, грчкиот израз *agape* не се однесува само на Божјата љубов, туку и на човечката љубов, понекогаш дури и на погрешно насочена човечка љубов (2. Тимотеј 4,10). Второ, во целото Свето писмо има многу други изрази освен агапе кои се однесуваат на Божјата љубов. На пример, Исус поучувал: „бидејќи Отецот Сам ве сака [phileo] зашто вие Ме засакавте [phileo]“ (Јован 16,27). Тука грчкиот израз *phileo* се користи не само за човечката љубов, туку и за Божјата љубов кон луѓето. Според тоа, *филео* не се однесува на некој помалку вреден вид на љубов, туку на самата Божја љубов.

Светото писмо, исто така, учи дека Божјата љубов не е еднострана, туку длабоко релациона, во смисла дека Бог е многу заинтересиран за тоа дали луѓето ја одразуваат Неговата љубов кон Него и кон другите.

# БОЖЈАТА ВЕЧНА ЉУБОВ

Светото писмо е јасно – Бог ги сака сите. Најпознатиот стих во Светото писмо, Јован 3,16, ја објавува следната вистина: „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“.

**Прочитајте ги следните стихови: Псалм 33,5 и Псалм 145,9. Што учат овие стихови за тоа колку далеку досегнува Божјата добрина, сочувство и милост?**

---

Некои можеби мислат дека не се достојни за љубовта или дека Бог ги сака сите други, но не и нив. Меѓутоа, Библијата доследно објавува дека Бог го сака секој поединец. Не постои некој кого Тој не го сака. И бидејќи ги сака сите, Бог исто така сака и сите да бидат спасени.

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Петрово 3,9; 1. Тимотеј 2,4 и Езекиел 33,11. Што нѐ учат овие текстови за Божјата желба да ги спаси сите луѓе?**

---

Стихот Јован 3,16 додава: „Зашто Бог не Го испрати Својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него“ (Јован 3,17). Ако зависи само од Бога, секое човечко суштество би ја прифатило Неговата љубов и би било спасено. Сепак, Господ никому нема да му ја наметне својата љубов. Луѓето се слободни да ја прифатат или да ја отфрлат.

И иако некои ја отфрлаат, Бог никогаш не престанува да ги сака. Во стихот Еремија 31,3, Тој му кажува на Својот народ: „Оддалеку ми се јави Господ и ми рече: со вечна љубов те засакав и затоа останав милостив кон тебе.“ И на други места, Библијата секогаш одново учи дека Божјата љубов трае засекогаш (видете го, на пример, текстот Псалм 136). Божјата љубов никогаш не престанува. Тешко ни е да го разбереме тоа, бидејќи често ни е полесно да не ги сакаме другите, зар не?

Меѓутоа, кога ние како поединци би успеале да научиме како да ја искусиме реалноста на таа љубов – односно, сами за себе да ја спознаеме Божјата љубов – колку поинаку би живееле и би постапувале спрема другите!

**Ако Бог ги љуби сите, тоа значи дека Тој мора да ги љуби и некои личности со прилично незгоден карактер, бидејќи има некои (всушност, има многу) луѓе кои навистина се покажале достојни за презир. Што може да нѐ научи Божјата љубов кон таквите луѓе за тоа како треба да настојуваме да се однесуваме кон нив?**

## ЗАВЕТНАТА ЉУБОВ

Божјиот посебен однос на љубов спрема нас, Библијата често го опишува користејќи семејни или роднински врски како метафори, особено метафори на љубовта меѓу мажот и жената или добрата мајка кон своето дете. Овие метафори се користат особено за да го прикажат посебниот однос меѓу Бога и Неговиот заветен народ. Тоа е однос на заветна љубов, кој не ја подразбира само Божја љубов кон Неговиот народ, туку и очекувањето дека луѓето ќе ја прифатат таа љубов и, за возврат, ќе го сакаат Него (и едни со други).

**Прочитајте 5. Мојсеева 7,6-9. Што нѐ учат овие стихови кога станува збор за заветот што го склопува Бог и за Неговата добрина?**

________________________________________________

________________________________________________

Стихот 5. Мојсеева 7,9 опишува посебен вид на љубов што Бог ја има со својот заветен народ, однос кој делумно зависи од тоа дали тие ќе останат верни или не. Божјата љубов не е условена, но заветниот однос со Неговиот народ е.

Зборот кој се преведува како „добрина“ или „милост“ во стихот 5. Мојсеева 7,9, *hesed*, сам по себе претставува пример на заветниот аспект на божествената љубов (и многу повеќе од тоа). *Хесед* често се користи за да се опише величината на Божјата милост, добрина и љубов. Меѓу другото, *хесед* се однесува на љубезност или на непоколеблива љубов кон другите во рамките на постоечки заемен однос проникнат со љубов. Тој, исто така, и го придвижува таквиот однос, со очекување дека и другата страна, за возврат, ќе ја покаже истата љубезност.

Божјиот *hesed* покажува дека Неговата љубезност е крајно сигурна, постојана и трајна. Сепак, во исто време, примањето на благодатта на *hesed* е условно, зависи од подготвеноста на Неговиот народ да биде послушен и да ја одржи својата страна на тој заветен однос (видете: 2. Самоилова 22,26; 1. Царевите 8,23; Псалм 25,10; Псалм 32,10; 2. Летописи 6,14).

Божјата непоколеблива љубов е основа на сите односи на љубовта, и ние во никој случај не можеме да се мериме со таа љубов. Бог не само што бесплатно ни дал живот, туку во Христа бесплатно се дал и себеси за нас. „Никој нема поголема љубов од оваа: да го положи сопствениот живот за своите пријатели“ (Јован 15,13). Несомнено, највисокиот израз на Божјата љубов се покажал кога Господ „се понизи Самиот Себе и стана послушен до смрт, дури и до смрт на крст“ (Филипјаните 2,8).

**На кои сѐ начини можете постојано да ја имате реалноста на Божјата љубов во вашите мисли? Зошто е тоа важно?**

# УСЛОВЕН ОДНОС

Бог го повикува секој човек да оствари со Него близок однос проникнат со љубов (видете Матеј 22,1-14). Да се одговори на тој повик на соодветен начин, значи да се држат Божјите заповеди да го сакаме Него и да ги сакаме другите (видете Матеј 22,37-39). Дали некој ќе ги ужива предностите од тој однос со Бога, зависи од тоа дали слободно ќе одлучи да ја прифати или отфрли Неговата љубов.

**Прочитајте ги текстовите: Осија 9,15; Еремија 16,5; Римјаните 11,22 и Јуда 1,21. Што нѐ учат овие текстови во врска со тоа дали предностите на Божјата љубов можат да се отфрлат – дури и да се изгубат?**

Во овие и други текстови, повеќе пати се прикажува дека уживањето во благодетите од заемниот однос со Бога проникнат со љубов, е условено од човечкиот одговор на Неговата љубов. Сепак, не треба да згрешиме мислејќи дека Бог некогаш навистина престанува да ги сака луѓето. Како што видовме, Божјата љубов е вечна. И иако стихот Осија 9,15 ги вклучува следните зборови што Бог ги кажал за Својот народ: „Нема повеќе да ги сакам“, важно е да се има предвид дека подоцна во истата книга Тој изјавува за нив: „благонаклоно (во други преводи доброволно; заб. на прев.) ќе ги засакам“ (Осија 14,4). Значи, стихот Осија 9,15 не може да значи дека Бог целосно престанува да го сака својот народ. Тоа, всушност, мора да се однесува на условеноста на некои посебни аспекти или предности од односот со Бога полн со љубов. А начинот на кој ние одговараме на Неговата љубов е од пресудна важност за тој заемен однос да продолжи.

„Кој ги има заповедите Мои и ги пази, тој е оној што Ме љуби; а кој Ме љуби Мене, возљубен ќе биде од мојот Отец; и Јас ќе го возљубам, и ќе му се јавам Сам“ (Јован 14,21). Исто така, на своите ученици Исус им вели: „Бидејќи Отецот Сам ве сака, зашто вие Ме засакавте и поверувавте дека Јас сум излегол од Бога“ (Јован 16,27).

Овие и слични текстови учат дека, за да се сочува благодатта на спасоносниот однос со Бога, зависи од тоа дали ќе ја прифатиме Божјата љубов (која вклучува спремност да бидеме и пренесувачи на таа љубов). И повторно, тоа не значи дека Божјата љубов некогаш престанува. Напротив, како што не можеме да го спречиме сонцето да грее, но можеме да се скриеме од неговите зраци, така не можеме да направиме ништо за да ја спречиме Божјата вечна љубов. Но, она што можеме да го направиме е на крајот да го отфрлиме заемниот однос со Него и, на тој начин, да се лишиме себеси од она што го нуди и обезбедува тој однос, особено од ветувањето за вечен живот.

**На кој начин луѓето можат да ја видат и доживеат реалноста на Божјата љубов, без разлика дали ја возвраќаат или не? На пример, како светот на природата, дури и по гревот, ја открива Неговата љубов?**

## ИЗГУБЕНОТО ПРАВО НА МИЛОСТ

Божјата љубов е вечна и секогаш незаслужена. Но луѓето можат и да ја отфрлат. Ние имаме можност да ја прифатиме или да ја отфрлиме таа љубов, но само затоа што Бог доброволно нè сака со својата совршена, вечна љубов пред да направиме што било (Еремија 31,3). Нашата љубов кон Бога е одговор на она што веќе ни е дадено уште пред да го побараме.

**Прочитајте 1. Јованово 4,7-20, со посебен нагласок на 7. и 19. стих. Што ни е кажано тука за Божјата љубов, која претходи на секоја друга?**

---

Божјата љубов секогаш доаѓа прва. Ако Тој не нè засакал прво, ние не би можеле да му ја возвратиме љубовта. Иако нè создал со способност да сакаме и да бидеме сакани, сам Бог е темелот и изворот на сета љубов. Ние, меѓутоа, имаме право да одлучиме дали ќе ја прифатиме, а потоа и ќе ја одразуваме во нашиот живот. Оваа вистина е илустрирана со Христовата парабола за слугата кој не простува (видете Матеј 18,23-35).

Во таа парабола гледаме дека немало начин на кој слугата некогаш би можел да го отплати она што му го должел на својот господар. Според текстот Матеј 18, слугата му должел на својот господар 10.000 таланти. Еден талант изнесувал околу шест илјади денарии. А еден денариј бил колку што би му било платено на просечен работник за еден ден работа (споредете со текстот Матеј 20,2). Значи, на просечен работник му требале 6.000 работни денови за да заработи еден талант. Да претпоставиме, по пресметувањето на слободните денови, дека просечниот работник би можел да работи 300 дена годишно и, на тој начин, да заработи 300 денарии годишно. Според тоа, на просечниот работник би му требале приближно дваесет години за да врати еден талант, кој се состоел од 6.000 денарии (6.000/300 = 20). Затоа, за да заработи 10.000 таленти, просечниот работник треба да работи 200.000 години. Накратко, слугата никогаш не би можел да го врати тој долг. Сепак, господарот се смилувал над него и доброволно му го простил тој огромен долг.

Меѓутоа, кога тој слуга, на кого му било простено, одбил на еден од своите колеги да му прости далеку, далеку помал долг од 100 денарии, и кога го испратил во затвор поради тој долг, господарот се разгневил и го отповикал неговото милосрдно простување. Тој слуга го изгубил правото на љубов и проштавање од својот господар. Иако Бог секогаш е полн со сочувство и милост, човекот секако може да го отфрли, па дури и да го изгуби своето право на предностите на Божјото сочувство и милост.

**Сетете се што вам ви било простено и колку ве чини тоа што Исус ви простил. Што треба ова да ни каже за тоа колку треба да им простуваме на другите?**

## БЕСПЛАТНО ДОБИВТЕ, БЕСПЛАТНО ДАВАЈТЕ!

Како што тој слуга никогаш не би можел да му го отплати долгот на својот господар, така и ние не можеме да му се оддолжиме на Бога. Никогаш не би можеле да ја заработиме или заслужиме Божјата љубов. „Но Бог ја докажа љубовта Своја кон нас, со тоа што Христос умре за нас, уште додека бевме грешни" (Римјаните 5,8). Каква неверојатна љубов! Како што се вели во стихот 1. Јованово 3,1: „Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот – да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме!"

Меѓутоа, она што можеме и треба да го правиме е колку што можеме повеќе да ја одразуваме Божјата љубов кон другите. Ако сме примиле толку големо сочувство и простување, колку повеќе сочувство и простување треба да покажеме кон другите? Да се потсетиме дека слугата го изгубил правото на сочувство и простување од господарот затоа што самиот не го покажал тоа спрема својот колега, другиот слуга. Ако навистина го сакаме Бога, нема да пропуштиме да ја одразуваме Неговата љубов спрема другите.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 15,12; 1. Јованово 3,16 и 1. Јованово 4,7-12. Што нè учат овие исечоци за односот меѓу Божјата љубов, нашата љубов кон Бога и љубовта кон другите?**

Веднаш по стихот Јован 15,12, Исус им рекол на своите ученици: „Вие сте Ми пријатели ако го вршите она што ви заповедам Јас" (Јован 15,14). А што им заповедал Исус? Меѓу другото, Исус им заповедал ним (но и нам) да ги сакаме другите како што Тој ги сака нив. Овде и на други места Господ ни заповеда да го сакаме Бога и да се сакаме едни со други.

Накратко, треба да сфатиме дека ни е простен бескраен долг кој никогаш не би можеле да го отплатиме, долг кој уште на крстот бил платен за нас. Според тоа, треба да го сакаме и да го славиме Бога и да живееме со љубов и благонаклоност спрема другите. Како што учи Лука 7,47, оној на кого му е простено многу, љуби многу, но „кому му е простено малку, тој мала љубов има". А кој од нас не согледува колку многу му е простено?

Ако љубовта кон Бога бара од нас да ги сакаме другите, треба итно да ја пренесуваме пораката за Божјата љубов, и тоа со збор и со дела. Ние треба да им помагаме на луѓето во нивниот секојдневен живот овде и сега, а исто така да се стремиме да бидеме проводници на Божјата љубов и да ги насочуваме луѓето кон Оној што им го нуди ветувањето за вечен живот на новото небо и новата земја – една сосема нова творба во однос на овој свет, кој е толку оштетен и опустошен од гревот и смртта, од тажните плодови на отфрлањето на Божјата љубов.

**Кои конкретни чекори можете да ги преземете за да ја покажете својата љубов кон Бога со тоа што ќе ги сакате другите? Што би можеле да направите денес и во наредните денови за да им ја покажувате Божјата љубов на луѓето и да ги повикате (најпосле) да уживаат во она што подразбира да се има ветување за вечен живот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патот кон Христа* од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Предимство да се молиме“, стр. 93-104 (оригинал).

„Изнесете му ги на Бога своите потреби, своите радости, своите таги, своите грижи и своите стравувања. Вие не можете да го преоптоварите; вие не можете да го заморите. Оној што ги изброил влакната на вашата глава не е рамнодушен кон потребите на своите деца. ‘Зашто Господ е полн со милост и со сочувство’ (Јаков 5,11). Неговото срце, полно со љубов, е трогнато со нашите жалости дури и кога само зборуваме за нив. Изнесете му го сè она што го збунува вашиот ум. На Оној кој во својата рака ги држи световите и управува со сите работи во вселената, ништо не му е премногу тешко да го носи. Сè што е поврзано со нашиот мир, за Него ништо не е премногу незначително за да го забележи. Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за Него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните, а нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира. ‘Тој ги исцелува ранетите души и ги преврзува нивните рани’ (Псалм 147,3). Односот меѓу Бога и секоја душа е толку личен и целосен, што се чини дека нема ниту една друга душа на земјата да го дели со неа неговото грижливо внимание, ниту една друга душа за која би го дал својот сакан Син“ (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 100 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Задржете се на реченицата од горенаведениот текст: „Односот меѓу Бога и секоја душа е толку личен и целосен, што се чини дека нема ниту една друга душа на земјата да го дели со неа неговото грижливо внимание, ниту една друга душа за која би го дал својот сакан Син.“ Каква утеха ви дава тоа и како треба да биде вашиот начин на живот, знаејќи дека Бог ви е близу и се грижи за вас? Како можете да научите да живеете со реалноста на тоа чудесно ветување? Замислете како би било кога, од ден во ден, навистина би можеле да верувате во тоа.**

**2. Во светлината на лекцијата за оваа седмица, како го разбирате текстот Псалм 103,17.18? Што открива тој за фактот дека Божјата љубов е вечна, но дека предностите од односот со Него сè уште зависат од тоа дали ќе ја прифатиме Неговата љубов?**

**3. На кои сè начини сознанието за тоа го менува вашиот однос со Бога? Како ова влијае на начинот на кој размислувате за страдањата на другите луѓе?**

**Лекција 3**
**Од 11 до 17 јануари 2024**

# УГОДУВАЊЕ НА БОГА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ, Лука 15,11-32; Софонија 3,17; Ефесјаните 5,25-28; Исаија 43,4; Римјаните 8,1; Римјаните 5,8; Марко 9,17-29.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господ, твојот Бог, е среде тебе. Тој е силен да те спаси; ќе се развесели за тебе со радост, ќе те обнови според љубовта Своја, ќе се гордее за тебе со песни, како на празничен ден“ (Софонија 3,17).**

Замислете го следното сценарио: петгодишно дете му пристапува на својот татко со лошо спакуван подарок за Денот на таткото и возбудено му го предава.

Сега замислете тој татко да каже: „Сине, не ми е грижа за твојот подарок. Во крајна линија, нема ништо што можеш ти да ми дадеш, а да ми се допаѓа. Сè што можеш да ми дадеш, можам самиот да си го набавам, и сè што ќе ми дадеш е или купено со мои пари или направено со материјали за кои сум платил јас. Затоа, чувај си го твојот подарок. Ниту ми треба, ниту го сакам. Но, во секој случај, сепак те сакам“.

Уф!

Што мислите за реакцијата на тој татко? Веднаш ни доаѓаат на ум зборовите „бездушно“, „ладно“ и „нечувствително“. Дали е ова начинот на кој Бог ни одговара? Можеме ли ние навистина да му угодиме на Бога? Колку и да е тешко да се замисли, дури и ние како паднати суштества, расипани од гревот и склони кон зло – да, можеме да му угодиме на Бога! Со други зборови, Бог не гледа на нас, ниту на даровите што Му ги носиме, со став каков што имал таткото во оваа приказна. Напротив, можеме да Му угодиме на Бога – но само преку Христа.

# ПОВРЕДНО ОТКОЛКУ ШТО МОЖЕТЕ ДА ЗАМИСЛИТЕ

Како што видовме во една од претходните лекции, нема никој – дури ни најлошиот грешник или најлошиот злосторник – а Бог да не го сака. И токму затоа што ги цени луѓето повеќе отколку што можеме да замислиме, Бог е незадоволен поради гревот, затоа што нѐ љуби и знае што ни прави гревот.

**Прочитајте го текстот Лука 15,11-32. Што открива параболата за изгубениот син за Божјата сомилост и љубов? Какво предупредување им упатува на оние кои, како и другиот син, остануваат дома?**

____________________________________________

____________________________________________

Во приказната што ја раскажува Исус, синот на човекот рано го побарал своето наследство, практично отфрлајќи го својот татко и неговиот дом. Тој заблуден син потоа го расфрла своето наследство, запаѓа во сиромаштија и трпи глад до таа мера што им завидува на свињите што јадат од корита. Потоа, сеќавајќи се дека слугите во куќата на неговиот татко имаат повеќе од доволно храна, тој донесува одлука да се врати дома со надеж дека ќе стане слуга.

А она што следи е навистина моќно. Некои татковци би одбиле да примат таков син по неговото враќање. „Ти си го зеде своето наследство и ги прекина врските со мојата куќа. Твојот дом веќе не е тука". Тоа би бил логичен, па дури и здраворазумски став, зар не? Во очите на некои родители, таквиот син отишол предалеку за да биде примен назад, особено како син.

Меѓутоа, во оваа парабола, таткото (кој го претставува самиот Бог) не реагира на ниту еден од тие начини. Наместо тоа, „кога (тој заблуден син) беше уште далеку, го виде неговиот татко и се сожали на него, па потрча, го прегрна и го целива" (Лука 15,20). Иако во тоа време се сметало дека е недоволно достоинствено домаќинот на куќата да трча да се сретне со некого, овој татко во своето големо сочувство потрчал во пресрет на својот син, и што е уште пошокантно, го примил назад во својот дом, па дури и направил гозба во негова чест, со која тој е како показател за Божјото големо сочувство кон секој самоглав поединец и задоволството што го предизвикува кај Него враќањето на макар и една единствена личност. Каква ли слика за нашиот Бог!

**Интересна е реакцијата на другиот син. Зошто таа реакција е всушност толку човечка и, барем делумно, заснована на чувство за правичност, а исто така и толку разбирлива? Меѓутоа, што нѐ учи тој дел од приказната за тоа како човечкото сфаќање на правичноста не ја досегнува длабочината на евангелието како ни Божјата љубов кон нас?**

# ВЕСЕЛБА СО ПЕСНА

Колку и да е тешко да се замисли, Бог секој човек го смета за непроценливо вреден, поради што се радува на спасението макар и на една единствена душа.

**Прочитајте го стихот Софонија 3,17. Како овој стих ја расветлува параболата за блудниот син?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Стихот Софонија 3,17 нагласено ја прикажува Божјата одушевеност за Неговиот откупен народ. Речиси секој збор за радост и восхит што постои во еврејскиот јазик е спакуван во тој еден стих, кој го опишува Божјото задоволство поради Неговиот откупен народ. Речиси како ниту еден од тие изрази да не е доволен за да се опише големината на Божјото задоволство што Бог го чувствувал тој ден.

Забележете и каде, според тој стих, се наоѓа Бог – „среде" Својот народ. Помирувањето, кое произлегува од односот полн со љубов, доаѓа заедно во непосредното Божјо присуство. Исто како таткото, кој кога ќе го здогледа својот син оддалеку, потрчува кон него – овде Бог е среде својот народ.

Во стихот Исаија 62,4 се употребува сличен приказ во вид на аналогија со бракот. Според Исаија 62,4, Божјиот народ ќе се нарекува „*Hephzibah*", што значи „Моја милина", а земјата ќе се вика „*Beulah*", што значи „венчана". Зошто? Затоа што во текстот се вели дека „ти си Господова милозливост, и твојата земја ќе има сопруг". Самиот врв на Божјата радост е резервиран за денот на обновувањето, кога Тој ќе го прими Својот народ и ќе ни се радува, како што оној татко му се радувал на својот изгубен син.

**Прочитајте Ефесјаните 5,25-28. Што ни кажува ова за тоа каква љубов сме повикани да покажуваме и ние?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Во тој пасус мажите се охрабруваат да ги сакаат своите жени „како што и Христос ја возљуби Црквата и Се предаде Сам Себеси за неа", а исто така да ги сакаат „како своите тела" (Ефесјаните 5,25.28). Овие текстови не само што го нагласуваат тој вид на несебична и пожртвувана љубов што мажот треба да ја има спрема својата сопруга, туку покажува дека и сам Христос го сака својот народ (црквата) како дел од самиот себе.

## ДА МУ УГОДУВАМЕ НА БОГА?

Како е можно Бог, кој е Бог на сета вселена, да ужива во обичните луѓе, непостојани груткички од протоплазма на една малечка планета во веројатно бескрајната вселена? Како е можно луѓето да се толку важни за Севишното Битие, кое е семоќно и кому не му треба ништо? Овие прашања можат да се поделат на два аспекта. Прво, со што би можел да биде воодушевен и самиот Бог? Второ, како би можеле луѓето да Му донесат задоволство, особено со оглед на нашата грешност? Првиот аспект на тие прашања е предмет на денешното, а вториот на утрешното проучување.

**Прочитајте ги следните текстови: Исаија 43,4; Псалм 149,4 и Мудри изреки 15,8,9. Што ни кажуваат тие за Божјата воодушевеност од Неговиот народ?**

---

---

Како што делумно видовме вчера, Бог може да биде задоволен со луѓето, затоа што луѓето ги сака на начин што ги зема предвид нивните најдобри интереси, како што би постапил секој што ги сака и се грижи за другите.

Наспроти ова, Бог е незадоволен кога неговиот народ прави зло. Навистина, текстот Мудри изреки 15,8.9 учи дека, додека „жртвата“ и „патот“ на злите се „одвратност пред Господа“, „молитвата на праведните Му е пријатна“ и Тој „го сака“ оној кој „ја бара правдата“. Тој пасус покажува не само дека Бог не е задоволен од злото, туку и дека ужива во доброто. Тоа ги доведува божественото задоволство и Неговата љубов во директна паралела, покажувајќи ја длабоката поврзаност меѓу Божјата љубов и Неговото задоволство, што се гледа низ целото Свето писмо.

Според стихот Псалм 146,8, „Господ ги сака праведните“. Текстот 2. Коринќаните 9,7 додава: „Зашто Бог го љуби оној што од срце дава“. Но најпрво забележете што тие текстови не кажуваат. Тие не велат дека Бог ги сака само праведните или само радосните даватели. Бог ги сака сите. Сепак, за да можат тие текстови воопшто да пренесат нешто, тоа мора да значи дека Бог ги сака „праведните“ и „радосните даватели“ во некоја посебна смисла. Она што го видовме во текстот Мудри изреки 15,8.9 ни дава навестување за тоа – Бог ги сака и првите, но и другите луѓе со тоа што искажува дека е задоволен од нив.

**Размислете колку мора да се тесно поврзани небото и земјата, кога Бог, Творецот на универзумот, може да биде толку блиску, дури и емотивно, поврзан со нас. Каква надеж треба да ви пружи таа неверојатна мисла, особено ако поминувате низ некој тежок период?**

## ЖИВИ КАМЕЊА

Како може ние, паднати и грешни суштества, да му угодиме на светиот Бог?

**Прочитајте Римјаните 8,1 и Римјаните 5,8. Што нѐ учат овие текстови за нашата положба пред Бога?**

Бог им дарува благодат на луѓето пред каков било човечки одговор. Пред да кажеме или да направиме нешто, Бог допира до нас и ни дава можност да ја прифатиме или отфрлиме Неговата љубов. Како што вели Римјаните 5,8: „Но Бог ја докажа љубовта Своја кон нас, со тоа што Христос умре за нас, уште додека бевме грешни“ (споредете со Еремија 31,3). И ние можеме да бидеме помирени со Бога, па дури и угодни во Неговите очи преку верата, а врз основа на делото на нашиот Откупител.

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 2,4-6 и споредете го со Евреите 11,6. Што ни кажува ова за тоа како можеме да му угодиме на Бога?**

Без Божјата интервенција, паднатите луѓе не се во состојба да Му принесат нешто вредно. Но Бог, во Неговата благодат и милост, обезбедил начин заснован на Христовото дело. Поточно, „преку Исус Христос“ може да се принесат „духовни жртви кои Му се на Бога пријатни“ (1. Петрово 2,5). Иако „без вера не е можно да Му се угоди на Бога“ (Евреите 11,6), врз основа на Христовото посредничко дело, Бог ќе ги „усоврши“ верниците „во секое добро дело за да ја исполните Неговата волја, вршејќи го во вас она што Му е Нему благоугодно, преку Исус Христос, Нему слава во вечни векови, Амин!“ (Евреите 13,21) Оние кои одговараат со вера на Божјиот повик, се сметаат за праведни во Неговите очи благодарение на Христовото посредување, чијашто праведност е единствената прифатлива праведност. Оние кои ќе одговорат на Божјите љубезни понуди, се сметаат за достојни благодарение на Христовото посредување (Лука 20,35), и Тој ги преобразува во Неговиот лик (1. Коринќаните 15,51-57; 1. Јованово 3,2). Божјото дело на откупување не се извршува само за нас, туку и во нас.

**Зошто идејата за Христос кој посредува за вас на небото претставува толку големо охрабрување?**

## ДОСТОЈНА ЦЕЛ

Под закрила на Божјата милост и Неговото посредување, Бог наоѓа задоволство дури и во најмалиот позитивен одговор на Неговата љубов. Преку Оној кој единствено е достоен за љубовта и кој самиот е совршено праведен, секој од нас може да се смета за праведен и вброен меѓу Божјите најмили, кои ќе живеат со Него во совршена љубов низ сета вечност. Тоа е големата надеж во откупувањето, која го подразбира Христово дело за нас на небото.

Но, можеби се прашувате, дали тоа ме вклучува дури и мене? Што ако не сум доволно добар? Што ако се плашам дека немам доволно вера?

**Прочитајте го текстот Марко 9,17-29. Како Бог одговара на човекот во таа сторија? Колкава вера е доволна?**

Учениците не успеале да го истераат демонот и се чинело дека е изгубена секоја надеж. Но Исус дошол и му рекол на тој татко: „Ако можеш да повеуваш – сè е можно за оној што верува“ (Марко 9,23). А таткото, плачејќи, одговорил: „Верувам, Господи! Помогни му на моето неверие!“ (Марко 9,24)

Забележете дека Исус не му рекол на човекот: „Врати се кај мене кога ќе имаш повеќе вера“. Наместо тоа, доволен бил извикот на човекот: „Помогни му на моето неверие!“

Без вера невозможно е да му угодиме на Бога (Евреите 11,6); а сепак Исус ја прифаќа и најмалата вера, а ние можеме со вера (преку Христовото посредување) да бидеме според Неговата волја. Врз основа на верата и благодарение на Христовото дејствување во наше име, ние можеме да одговориме на начин што прави Бог да биде задоволен, исто како што таткото е задоволен кога детето ќе му донесе подарок кој инаку е безвреден.

Затоа треба да го следиме советот на Павле и да си поставиме пред себе цел да му угодиме на Бога (2. Коринќаните 5,9.10; споредете со, Колошаните 1,10; 1. Солуњаните 4,1; Евреите 11,5). И треба да бараме од Бога да ги преобликува нашите интереси за да ги опфати најдобрите интереси на оние што ги сакаме и да ја зголеми нашата љубов за таа да допре до другите. „Со својата братска љубов сакајте се срдечно едни со други; натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг. Во усрдноста да не сте колебливи; бидете со горлив дух; служете Му на Господ; радувајте се во надежта; во маката бидете трпеливи, а во молитвата постојани; помагајте им на светиите во нивните потреби; трудете се да бидете гостопримливи“ (Римјаните 12,10-13).

**Ако Бог нè прифаќа преку Христа, колку повеќе ние треба да ги прифаќаме другите? Каква светлина фрла врз таа идеја заповедта да ги сакаме другите како себеси (2. Мојсеева 19,18; Матеј 22,39) и златното правило да постапуваме кон другите онака како што би сакале тие да постапуваат кон нас?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте ја главата со наслов „Да не се плаши срцето ваше“ стр. 662-680 оригинал.

„Господ е разочаран кога неговите деца малку се ценат. Тој сака неговото избрано наследство да се цени себеси според цената со која ги проценил Тој. Бог ги сакал, инаку не би го испратил својот Син да ги откупи во толку скап потфат. Тој има одредена задача за нив и мошне е задоволен кога од него бараат највисоки предимства со желба да го прослават неговото име. Тие можат да очекуваат многу ако имаат вера во неговите ветувања.

Меѓутоа, да се молиме во Христово име значи многу. Тоа значи дека мораме да го усвоиме неговиот карактер, да го покажеме неговиот дух и да ги правиме неговите дела. Ветувањето на Спасителот е дадено условно. ‘Ако имате љубов’, кажува Тој, ‘ќе ги држите моите заповеди’. Тој ги спасува луѓето не во гревот, туку од гревот, а оние што го сакаат ќе ја покажат својата љубов со послушноста.

Секоја вистинска послушност доаѓа од срцето. Тоа значи да се работи со Христа со цело срце. Ако сакаме, Тој ќе се изедначи со нашите мисли и цели, нашите срца и умови ќе ги доведе во хармонија со својата волја и ние, слушајќи го него, всушност постапуваме според нашите природни поттици. Волјата, очистена и посветена, ќе најде свое највозвишено задоволство во неговата служба. Кога ќе го запознаеме Бога онака како што имаме предимство да го запознаеме, ќе живееме живот на постојана послушност. Со почитување на Христовиот карактер и со заедница со Бога, гревот ќе ни стане одвратен“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 668 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Што би можело да значи „да се прима несебично“? Што мислите, каков ќе биде односот меѓу примањето и давањето на небото и на новата земја?**
2. **Доаѓајќи од оддалечените краишта на вселената – можеби подалеку и од просторот до кој може да достигне најострото око на вселенскиот телескоп Џејмс Веб – небесните гласници го нарекле пророкот Даниел *chamudot*, „возљубен, посакуван, драг“. И тоа го направиле три пати. Во стихот Даниел 9,23, Гаврил вели *ki chamudot attah*, „ ти си човек сакан“. Во стихот Даниел 10,11, едно небесно суштество (можеби повторно Гаврил) му се обраќа со *ish chamudot*, „сакан човеку“, израз кој и подоцна се повторува (Даниел 10,19). Размислете што кажува тоа за Бога и колку Тој ни е близу. Каква надеж можете да црпите за себе од таа чудесна вистина?**
3. **Како примерите на хероите на верата за кои се зборува во текстот Евреите 11 се поврзани со содржината на лекцијата за оваа седмица? Поточно, што ни откриваат ваквите примери, кога станува збор за тоа како човек може со вера „да му угоди на Бога“? Што можете да научите и да примените во вашиот секојдневен живот од таквите примери на вера и посветеност?**

Лекција 4
Од 18 до 24 јануари

# БОГ Е ОГНЕН И СОЧУВСТВИТЕЛЕН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 103,13; Исаија 49,15; Осија 11,1-9; Матеј 23,37; 2. Коринќаните 11,2; 1. Коринќаните 13,4-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Може ли жена да го заборави породот свој, а да не се смилува на чедото од утробата своја? А и кога би го заборавила, Јас тебе нема да те заборавам“ (Исаија 49,15).**

На емоциите често се гледа како на нешто непожелно, нешто што треба да се избегнува. За некои луѓе, емоциите се суштински ирационални, така што добар маж или жена не би биле опишани како „емотивни“. Во дел од античката грчка филозофија, идејата за „рационален“ човек, кој (главно) не се препушта на страстите и кој владее со своите чувства со ладнокрвен разум, се цени како идеал.

Вистина е дека незауздаными емоции можат да бидат проблематични. Меѓутоа, Бог ги создал луѓето со способност да чувствуваат, а и Самиот Тој во целото Свето писмо се прикажува како таков што доживува длабоки емоции. А ако Бог може да доживее толку длабоки чувства, како што Библијата доследно прикажува, тогаш емоциите не можат да бидат суштински лоши или ирационални – бидејќи Бог на Библијата е совршено добар и поседува совршена мудрост.

Всушност, има преубави вистини кои можат да се соберат од сознанието дека Божјата љубов кон нас е длабоко емотивна, но секогаш со предупредување дека Божјата љубов (емотивна или таква каква што е), иако е совршена, не треба да се смета за идентична со емоциите што ги доживуваат луѓето.

# ПОВЕЌЕ ОД МАЈЧИНСКАТА ЉУБОВ

Веројатно најголемата љубов позната на човечкото искуство е љубовта на родителот кон своето дете. Библијата често ја користи сликата на односот родител-дете за да ја долови Божјата неверојатна сомилост кон луѓето, нагласувајќи дека Божјата сомилост е несразмерно поголема дури и од најдлабокиот и најубавиот човечки израз на истото чувство. **Прочитајте ги следните текстови: Псалм 103,13; Исаија 49,15 и Еремија 31,20. Што ни кажуваат овие прикази за природата и длабочината на Божјата сомилост?**

---

Според тие текстови, Бог кон нас се однесува како кон свои возљубени деца, и нè сака како што добар татко и мајка ги сакаат своите деца. Дури и ако се случи, како што објаснува Исаија 49,15, мајката да го заборави „породот свој“ или „да не се смилува на чедото од утробата своја“, Бог никогаш не ги заборава своите деца и Неговата милост никогаш не престанува (Плачот на Еремија 3,22).

Важно е да се забележи дека еврејскиот израз *raḥam*, кој се употребува за милосрдие овде и во многу други текстови кои ја опишуваат Божјата изобилна и сочувствителна љубов, се смета дека е изведен од еврејскиот збор за материца (*reḥem*). Оттука, како што забележале научниците, Божјата сомилост е „мајчинската љубов која е како материца“. Навистина, тоа е енормно поголемо од секоја човечка сомилост, дури и од сомилоста на мајката спрема своето новороденче.

Според Еремија 31,20, Бог гледа на својот заветен народ како на „драг син“ и „дете сакано“, и покрај фактот што тие често се бунтувале против Него и го жалостеле. И покрај тоа, Бог изјавува: „срцето Мое се радува за него“ (или според друг превод „срцето ми трепери за него“; заб. на прев.) и „ќе се смилувам над него“. Изразот кој овде е преведен како *смилува* е истиот израз кој претходно е употребен за божествената сомилост (raḥam). Потоа, изразот „срцето Мое се радува“ може буквално да се преведе како: „Мојата утроба се растрепери“. Тој опис на божествените емоции користи изразито „висцерален“ јазик (кој се однесува на утробата, на внатрешните органи), што укажува на извонредната длабочина на Божјата сочувствителна љубов кон својот народ. Дури и покрај нивното неверство, Бог продолжува да покажува изобилно сочувство и милост спрема својот народ, и тоа над сите разумни очекувања. **За некои од нас, сознанието дека Божјата сомилост кон нас е како сомилоста на таткото или мајката кои се полни со љубов, ни влева длабока утеха. Сепак, некои луѓе можеби се борат да го сфатат ова бидејќи нивните родители не им покажувале љубов. На кои други начини би можело ним да им се открие Божјата сомилост?**

# ЉУБОВ ОД КОЈА СЕ РАСТРЕПЕРУВА СРЦЕТО

Неизмерните длабочини на Божјата сочувствителна љубов кон човештвото стануваат очигледни во Книгата на пророк Осија. Бог го поучил пророкот Осија: „Оди, ожени се со блудница и народи блуднички деца, зашто земјата му се предаде на блудот, одметнувајќи се од Господа“ (Осија 1,2). Но подоцна, во 11. глава, Осија го опишува Божјиот однос со Неговиот народ, користејќи ја метафората на татко кој е полн со љубов кон своето дете.

**Прочитајте го текстот Осија 11,1-9. Како сликовитите прикази во овие стихови живописно го доловуваат начинот на кој Бог го сака својот народ и се грижи за него?**

---

Божјата љубов кон неговиот народ се споредува со нежната наклонетост на родителот спрема детето. Светото писмо се служи со слики на учење на мало дете да оди, носење на сакано дете во прегратки, негување и хранење и други примери на нежна грижа кон својот народ. Светото писмо исто така тврди дека Бог го „носел“ својот народ, исто „како што човек го носи своето синче“ (5. Мојсеева 1,31). И „поради Својата љубов и сомилост, Самиот ги откупи“ и „ги дигна и ги носеше во сите дни на древноста“ (Исаија 63,9).

За разлика од Божјата непоколеблива љубов, Неговиот народ често бил неверен, со што на крајот го оттурнал Бога и навлекол суд врз себе, длабоко ожалостувајќи Го. Бог е сочувствителен, но никогаш на сметка на правдата. (Како што ќе видиме во една од подоцнежните лекции, љубовта и правдата одат заедно.)

Дали некогаш сте биле толку вознемирени поради нешто што ви се грчел стомакот? Токму ваквите слики се користени за длабочината на Божјите емоции кон Неговиот народ. Сликата на нечие вознемирено срце и сочувство кое се разгорува претставува идиоматски јазик на длабоки емоции, кој се користи и за Бога и за луѓето.

Оваа слика на сочувство кое се разгорува (*kamar*) се употребува во случајот со двете жени кои дошле пред Соломон, и секоја тврдела за исто бебе дека е нејзино. Кога Соломон наредил бебето да се расече на половина (без намера навистина да го повреди детето), таа слика предизвикала емотивна реакција на вистинската мајка (1. Царевите 3,26; споредете 1. Мојсеева 43,30).

**Секој кој некогаш бил родител знае за што зборува таа поука. Ниту една друга овоземна љубов не е ни приближна на неа. Како ова ни помага да ја разбереме реалноста на Божјата љубов кон нас, и каква утеха можеме и треба да црпиме од тоа разбирање?**

# ИСУСОВАТА СОМИЛОСТ

Новиот завет користи ист вид на сликовито изразување како и Стариот завет за да го опише Божјото сочувство. Павле вели за Отецот дека тој е „Татко на милосрдноста и Бог на секоја утеха“ (2. Коринќаните 1,3). Потоа, во Ефесјаните 2,4, тој објаснува дека Бог е „богат со милост“ и дека ги спасува луѓето „поради големата Негова љубов, со која нѐ засака“.

Самиот Христос во различни параболи повеќе пати употребува изрази кои укажуваат на „висцерални“ емоции од утробата, за да ја опише сомилоста на Отецот (Матеј 18,27; Лука 10,33; Лука 15,20). А истиот јазик што ја прикажува божествената сомилост во Стариот и во Новиот завет, е употребен и во Евангелијата за да ги пренесе Исусовите сочувствителни одговори кон оние кои се во неволја.

**Прочитајте ги следните стихови: Матеј 9,36; Матеј 14,14; Марко 1,41; Марко 6,34 и Лука 7,13. Видете исто така Матеј 23,37. Каква светлина фрлаат овие стихови на тоа како Христос бил трогнат од човечките неволји?**

---

---

Во повеќе наврати во Евангелијата се вели дека Христос бил трогнат од сомилост кон луѓето во неволја или кон оние на кои им била потребна помош. А Тој не само што сочувствувал со нив, туку ги задоволувал и потребите на луѓето.

И да – Исус и плачел над својот народ. Можеме да ги замислиме солзите во Христовите очи додека тој го посматра градот и вели: „Колкупати сакав да ги соберам чедата твои, како квачката што ги собира пилињата свои под крилјата, а вие не сакавте“ (Матеј 23,37). Овде гледаме дека Христовото тагување тесно се совпаѓа со Божјото тагување опишано на многу места во Стариот завет. Всушност, многу изучувачи на Библијата забележуваат дека сликата на птица што се грижи за своите млади е нешто што на древниот Блиски Исток се користело само како слика за божество. Во овој стих, многумина гледаат алузија на сликата од текстот 5. Мојсеева 32,11, која го прикажува Бога како птица која лета над своите млади, ги штити и се грижи за нив.

**Сепак, нема поголем пример за Божјата сочувствителна љубов кон нас од самиот Исус – кој се даде себеси за нас во чин кој е врвен израз на љубовта. Но Христос не е само совршена слика на Бога. Тој е и совршен пример за човекот. Како можеме нашиот живот да го обликуваме по углед на Христовиот, обраќајќи посебно внимание на потребите на другите и, на тој начин, не само да проповедаме за Божјата љубов, туку и да ја покажуваме на опипливи начини?**

## ЉУБОМОРЕН БОГ?

Бог од Библијата е „милосрден Бог“. На еврејски јазик, Бог се нарекува *el raḥum* (5. Мојсеева 4,31). Поимот „*el*“ значи „Бог“, а *raḥum* е друг облик на коренот за сомилост (*raḥam*). Сепак, за Бога не се вели само дека е милосрден, туку и љубоморен Бог, ел кана (*el qana*’). Како што кажува 5. Мојсеева 4,24: „Господ твојот Бог, е оган, што гори, Бог ревнител“ (буквално: љубоморен Бог, *el qana*’). (Видете ги следните стихови: 5. Мојсеева 4,24; 5. Мојсеева 6,15; Исус Навин 24,19; Наум 1,2).

**Стихот 1. Коринќаните 13,4 тврди дека „љубовта не завидува“ (во некои англиски преводи: „љубовта не е љубоморна“ [RSV]). Како тогаш е можно Бог да е „љубоморен Бог“? Прочитајте 2. Коринќаните 11,2 и разгледајте ги сите начини на кои Божјиот народ покажувал неверство кон Него во сите библиски наративи (видете, на пример, Псалм 78,58). Каква светлина фрлаат овие пасуси на разбирањето на Божјата „љубомора“?**

---

Божјата „љубомора“ често погрешно се сфаќа. Ако за некого кажете дека е љубоморен сопруг или љубоморна сопруга, веројатно не го сметате за комплимент. Поимот љубомора често има негативна конотација во многу јазици. Меѓутоа, во Библијата, божествената љубомора нема негативна конотација. Тоа е оправдана желба на мажот, кој љуби, да има исклучителна врска со својата жена.

Иако постои таква љубомора која е во спротивност со љубовта (1. Коринќаните 13,4), според стихот 2. Коринќаните 11,2 постои и добра и праведна „љубомора“. Павле зборува за тоа како „Божја љубомора“ (или „ревност“; заб. на прев.) (во некои преводи – „побожна љубомора“, 2. Коринќаните 11,2). Божјата љубомора е единствениот и секогаш праведен вид љубомора, и подобро е да се зборува за неа како Божја огнена љубов кон својот народ.

Божјата огненост (или жар, копнеж – qana’) спрема Неговиот народ произлегува од Неговата длабока љубов кон нив. Бог сака исклучителен однос со Својот народ – само Тој треба да биде нивен Бог. Сепак, Бог често се прикажува како презрен љубовник, чија љубов е невозвратена (видете Осија 1-3; Еремија 2,2; Еремија 3,1-12). Затоа, Божјата „љубомора“ или „ревнивост“ никогаш не е непредизвикана, туку секогаш е одговор на неверството и злите луѓе. Божјата љубомора (или „огнена љубов“) нема негативни конотации како човечката љубомора. Никогаш не е завидлива, туку секогаш исправна и праведна желба за исклучителен однос со Неговиот народ и за нивно добро.

**Како можеме да научиме да ја одразуваме истата добра „љубомора“ кон другите, каква што Бог ја покажува кон нас?**

## СОЧУВСТВИТЕЛЕН И ОГНЕН

Бог се открива во Библијата како сочувствителен и огнен, и тие божествени емоции се врвно отелотворени во Исуса Христа. Бог е сочувствителен (споредете со стиховите Исаија 63,9; Евреите 4,15), длабоко трогнат од неволјите на својот народ (Судии 10,16; Лука 19,41) и подготвен да сослуша, одговори и утеши (Исаија 49,10.15; Матеј 9,36; Матеј 14,14).

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 13,4-8. На кои сè начини овој исечок нè повикува да ја одразуваме Божјата сочувствителна и прекрасна љубов во нашите односи со другите?**

---

Ние копнееме да бидеме во врска со луѓе кои се олицетворение на онаа љубов која е опишана во текстот 1. Коринќаните 13,4-8. Но колку често се стремиме да станеме таква личност спрема другите? Ние не можеме себеси да се натераме долго да трпиме и да бидеме милостиви, да не завидуваме и да не бидеме воображени, груби и себични. Не можеме во себе да ја вообличиме љубовта која „сè премолчува, сè верува, на сè се надева, сè трпи“ и „никогаш не престанува“ (1. Коринќаните 13,7.8). Таквата љубов може да се овоплоти во нашиот живот само како плод на Светиот Дух. И слава нека е на Бога што Светиот Дух ја излева Божјата љубов во срцата на оние кои со вера се во Христа Исуса (Римјаните 5,5).

На кои практични начини би можеле, со Божјата благодат и со силата на Светиот Дух, да одговориме и да ја одразуваме Божјата длабоко емотивна, но секогаш совршено праведна и разумна љубов? Прво, единствениот соодветен одговор е да го обожаваме Бога кој е љубов. Второ, на Божјата љубов треба да одговориме со активно покажување сочувство и добронамерна љубов кон другите. Не треба само да наоѓаме утеха во нашата христијанска вера, туку и да бидеме мотивирани да ги тешиме другите. Конечно, треба да признаеме дека не можеме сами да го промениме нашето срце, туку дека само Бог може.

Затоа, да Го молиме Бога да ни даде ново срце за Него и за другите – чиста и очистувачка љубов која го воздигнува она што е добро и ја отстранува плевата однатре.

Нашата молитва нека биде „Вам, пак, Господ да ви даде да растете и да изобилувате во љубов еден кон друг и кон сите... и да ги утврди вашите срца, та да бидат непорочни во светоста пред Бога и Отецот наш при доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос со сите Негови светии!“ (1. Солуњаните 3,12.13)

**Зошто умирањето за себе, за себичноста и расипаноста на нашето природно срце е единствениот начин да ја покажеме таквата љубов? Кои избори треба да ги направиме за да бидеме во состојба да умреме со таквиот вид на смрт?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Мисли од Горӣаӣа на блаженсӣвааӣа* од Елена Г. Вајт прочитајте ја главата со наслов „Блаженствата“, стр. 6-44 оригинал).

„Сите оние кои ја чувствуваат големата сиромаштија на својата душа и сфаќаат дека во себе немаат ништо добро, можат да добијат праведност и сила гледајќи во Исуса. Тој вели: ‘Дојдете кај Мене сите изморени и обременети’ (Матеј 11,28). Тој ве моли својата беда да ја замените со богатството на неговата милост. Ние не сме достојни за Божјата љубов, но Христос, нашиот Гарант, е достоен и во состојба да ги спаси сите оние кои доаѓаат кај Него. Какво и да било вашето искуство во минатото, колку и да се обесхрабрувачки вашите сегашни околности, ако дојдете кај Исуса такви какви сте, слаби, беспомошни и очајни, нашиот милостив Спасител, кој е полн со сочувство, уште оддалеку ќе ви излезе во пресрет, ќе ве прегрне со рацете на својата љубов и ќе ве наметне со наметката на својата праведност. Тој ќе ве претстави пред Таткото облечени во белата облека на Својот сопствен карактер. Тој се за ложува за нас пред Бога, велејќи: ‘Јас го заседов местото на овој грешник. Не гледај во ова дете што се изгубило, туку гледај ме Мене’. Колку и да зборува гласно сатаната против нашата душа, обвинувајќи ја за грев и полагајќи право на нас како на свој плен, крвта на Христос зборува многу посилно“ (Елена Г. Вајт, *Мисли од Горӣаӣа на блаженсӣвааӣа*, стр. 8, 9 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Погледнете што кажува вдахновението за тоа како ние, благодарение на Исуса, сме претставени пред Отецот. „Тој ќе ве претстави пред Таткото облечени во белата облека на Својот сопствен карактер.“ Без оглед колку понекогаш сме обесхрабрени поради нашите мани и недостатоци, или колку често не го одразуваме спрема другите оној вид љубов што Бог го излева на нас, зошто секогаш мораме да се враќаме на таа прекрасна вест дека сме прифатени од Отецот затоа што Исус нè претставува пред „Таткото облечени во белата облека на својот сопствен карактер“?**

2. **Замислете како таа мајка мора да се чувствувала во случајот кога двете жени излегле пред Соломон, и секоја тврдела дека тоа бебе е нејзино дете. Повторно размислете за тој јазик полн со емоции кој е опишан во стихот 1. Царевите 3,26. Каква светлина фрла ова врз истиот вид на изрази што се користат за да се опишат Божјите чувства кон Неговиот народ во стихот Осија 11,8?**

3. **Секаде во Евангелијата гледаме дека Исус честопати бил трогнат од потребите на луѓето. И што правел? Тој постапувал на таков начин што одговарал на човечките потреби. На кои начини можете вие, како поединец, или можеби дури и како класа, да ги задоволите потребите на оние на кои им е потребна утеха?**

**Лекција 5**
**Од 25 до 31 јануари 2025**

# ГНЕВОТ НА БОЖЕСТВЕНАТА ЉУБОВ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 78; Јона 4,1-4; Матеј 10,8; Матеј 21,12.13; Еремија 51,24.25; Римјаните 12,17-21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но Тој, Милостивиот, им го простуваше гревот и не ги истребуваше, многупати ја отстрануваше јароста Своја и не го разгоруваше сиот Свој гнев“ (Псалм 78,38).**

Иако често се слави Божјата сомилост, многумина сметаат дека помислата за Неговиот гнев вознемирува. Ако Бог е љубов, тие сметаат дека Тој никогаш не би требало да пројавува гнев. Меѓутоа, таквото сфаќање е погрешно, затоа што Неговиот гнев произлегува директно од Неговата љубов.

Некои тврдат дека старозаветниот Бог е Бог на гневот, додека новозаветниот Бог е Бог на љубовта. Меѓутоа, постои само еден Бог и Тој се открива како еден и ист во двата Завета. Бог, кој е љубов, се гневи на злото, или, попрецизно кажано, токму затоа што Тој е љубов. Самиот Исус изразил голем гнев против злото, и Новиот завет во повеќе наврати учи за праведниот и соодветен гнев Божји.

Божјиот гнев секогаш е Неговиот праведен и полн со љубов одговор на злото и неправдата. Божествениот гнев е оправдано негодување, поттикнато од совршената добрина и љубов, која бара процут на сето она што го создал. Божјиот гнев е едноставно соодветен одговор на љубовта против злото и неправдата. Според тоа, злото го поттикнува Бога да ревнува во полза на жртвите на злото, а против неговите сторители. Божествениот гнев, според тоа, претставува само уште еден израз на божествената љубов.

# ОЖАЛОСТЕН ОД ЗЛОТО

Бог на Библијата ја сака правдата, а го мрази злото. Затоа гревот и злото го поттикнуваат на ревност – ревност што се манифестира во корист на оние кои се угнетувани и малтретирани, дури и во случаи кога нечие зло пред сè го погаѓа самиот него. Бог го мрази злото затоа што злото секогаш ги повредува Неговите созданија, дури и ако тие самите си го нанесуваат. Во библиските наративи, Божјиот гнев секогаш одново е предизвикуван од она што библиските научници го нарекуваат „циклус на бунт“. Тој циклус се одвива на следниов начин:

Народот се бунтува против Бога и прави зло, понекогаш дури и такви грозоморни злосторства како жртвување деца и други гадости, кои се означени како зло во Неговите очи.

Бог се повлекува сообразно со одлуките на народот.

Народот е угнетуван од туѓи народи.

Народот пека кон Бога барајќи избавување.

Бог милостиво го избавува народот.

Народот повторно се бунтува против Бога, често уште пострашно од порано.

Меѓутоа, и покрај тој циклус на застрашувачко зло и неверство, Бог се соочува со човечкото неверство со бескрајна верност, трпеливо поднесување, неверојатна благодат и длабока сомилост.

**Прочитајте го текстот Псалм 78. Што ни кажува тој за Божјиот одговор на повторените бунтови на Неговиот народ?**

---

Според Библијата, љубовта и правдата се меѓусебно испреплетени. Божествениот гнев е соодветен одговор на љубовта кон злото, затоа што злото секогаш повредува некого кого Бог го сака. Нема ниту еден пример во Светото писмо во кој Бог произволно или неправедно е гневен или лут.

И иако Неговиот народ постојано го напуштал и го издавал, Бог со векови трпеливо продолжувал да им укажува сомилост над сите разумни очекувања (Немија 9,7-33), покажувајќи ја на тој начин несфатливата длабочина на Неговото трпеливо сочувство и Неговата милосрдна љубов. Навистина, според стихот Псалм 78,38, Бог „Милостивиот, им го простуваше гревот и не ги истребуваше, многупати ја отстрануваше јароста Своја и не го разгоруваше сиот Свој гнев“.

**Сигурно некогаш сте биле лути поради злото направено на другите. Како тоа чувство ви помага подобро да го разберете Божјиот гнев против злото?**

# БОГ Е БАВЕН НА ГНЕВ

Бог е лут на злото затоа што Тој е љубов. Бог е толку сочувствителен и благонаклонет што еден библиски пророк дури и го прекорил дека е премногу милостив!

**Потсетете се на сторијата за Јона и размислете за реакцијата на Јона на Божјето сочувствително простување на Ниневијците во текстот Јона 4,1-4. Што ни кажува тоа за Јона, а што за Бога? (Видете и Матеј 10,8.)**

Реакцијата на Јона е поучна од две основни причини. Прво, таа ја покажува личната тврдокорност на срцето на Јона. Толку многу ги мразел Асирците поради она што му го направиле на Израел, што не сакал Бог да им укаже каква било милост.

Каква поука е тоа за нас! Мора да бидеме внимателни и да не заземаме ист таков став, колку и да е тој разбирлив. Од сите луѓе, оние кои ја примиле Божјата благодат би требало први да препознаат колку е незаслужена таа благодат и, соодветно на тоа, да бидат подготвени да ја делат со другите.

Второ, реакцијата на Јона дополнително потврдува до која мера Божјата сомилост и благодат се во срцта на Неговиот карактер. На Јона Божјата милост му била толку позната што – токму затоа што Бог е „милостив и сочувствителен“ и „долготрпелив и многумилостив“ (Јона 4,2) – знаел дека Тој ќе се смилува и дека нема да го изврши судот над Ниневија. Бог постапува праведно и милостиво кон сите луѓе и народи.

Еврејскиот израз преведен како „бавен на гнев“ или „долготрпелив“ може буквално да се преведе како „со долг нос“. Во тој еврејски идиом, гневот метафорично се поврзува со носот, а должината на носот метафорички покажува колку време е потребно за некој да се налути.

Според тоа, укажувањето на Бога како на некој кој е „со долг нос“, ја пренесува пораката дека Тој е бавен на гнев и долготрпелив. Иако на луѓето не им треба долго време да се разгневат, Бог е крајно воздржан и трпелив. Тој ја дарува благодатта бесплатно и изобилно, но сепак не го оправдува гревот и не замижува пред неправдата. Наместо тоа, сам Бог прави помирување за гревот и злото преку крстот, така што може истовремено да биде и праведен и да ги правда оние што веруваат во Него (Римјаните 3,25.26).

**Дали некогаш сте пропуштиле да покажете милост или благодат кон некој што ви нанел неправда? Како можете на најдобар начин да го сочувате сеќавањето на она што Бог го направил за вас, за да можете и вие да станете поблаги кон другите, во знак на благодарност за изобилната благодат што Бог ја покажал кон вас? И како да го направиме тоа – како да покажеме благодат и милост, а да не дозволиме грев и да не овозможиме злоупотреба и угнетување?**

## ПРАВЕДНО НЕГОДУВАЊЕ

Иако има многу несоодветни облици на лутина, Библијата нѐ учи и дека постои „праведно негодување“.

Замислете мајка која ја гледа својата тригодишна ќерка како се забавува на игралиштето, а потоа, одеднаш, некој човек го напаѓа нејзиното дете. Зар таа не треба да се налути? Секако дека треба. Лутината е соодветен одговор на љубовта во такви околности. Тој пример ни помага да ја разбереме и Божјата „праведна огорченост“.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 21,12.13 и Јован 2,14-15. Што ни кажува Исусовата реакција за тоа како се користел храмот, за Божјата лутина против злото?**

---

---

Во тие случаи, Исус покажува „побожна ревност“ во праведна огорченост поради оние кои спрема Божјиот храм се однесувале како нешто обично, и кои го претвориле во „разбојничка пештера“ за да ги искористуваат вдовиците, сираците и сиромашните (Матеј 21,13; спореди со стихот Јован 2,16). Храмот и службите од кои се очекувало типолошки да го претставуваат Божјото милостиво простување и Неговото чистење на грешниците, наместо тоа, биле користени за да ги мамат и угнетуваат најзагрозените. Зар Исус не требало да се налути на тие гнасни постапки?

Текстовите Марко 10,13.14 и Марко 3,4.5 нудат уште неколку примери за Неговата праведна огорченост. Кога луѓето носеле мали деца кај Него, а „учениците им забрануваа (на оние што ги носеа)“, Исус „негодуваше“ – буквално, многу бил „огорчен“. И тогаш им рекол: „Оставете ги децата да доаѓаат кај Мене“ (Марко 10,13,14).

На друго место, кога фарисеите чекале да Го обвинат дека ја прекршил саботата затоа што лекувал во тој ден, Исус ги прашал: „Во сабота дозволено ли е да прави човек добро или зло; да спаси една душа или да ја погуби?“ (Марко 3,4) И „кога ги изгледа со гнев, зашто Му беше тешко поради нивните скаменети срца“, продолжил да го лекува човекот (Марко 3,5). Христовиот гнев овде е поврзан со жалост поради нивната закоравеност. Тоа е праведниот гнев на љубовта, баш како што и гневот што му се припишува на Бога во Стариот завет е исто така праведен гнев на љубовта. Како може љубовта да не биде вознемирена од злото, особено кога злото го повредува предметот на таа љубов?

**Како можеме да поведеме сметка да не се обидуваме себичниот гнев да го прогласиме како „праведна огорченост“? Зошто тоа би било толку лесно да се направи, и како можеме да се заштитиме од таа суптилна, но реална стапица?**

## БОГ НЕВОЛНО КАЗНУВА

Секогаш одново и одново, низ Библијата, Бог ја покажува својата ревност во полза на угнетените и обесправените, како и својот праведен гнев кон угнетувачите и насилниците. Да нема зло, Бог не би се гневел. Неговиот гнев е насочен секогаш и само против она што им штети на делата на Неговото создавање.

Според Плачот на Еремија 3,32.33, Бог неволно казнува („не по волјата на Своето срце ги казнува"). Тој не сака да ги осудува злобниците, но љубовта конечно бара правда.

Оваа вистина е илустрирана со тоа колку долго Бог продолжувал да му простува на својот народ и повторно да му дава можности да се покаат и да се помират со Него. Секогаш одново, преку пророците, Бог го повикувал својот народ, но тие одбивале да слушаат (видете: Еремија 35,14-17; Псалм 81,11-14).

**Прочитајте го стихот Езра 5,12 и споредете го со стиховите Еремија 51,24.25.44. Што е објаснето овде за судовите што дошле над Ерусалим преку Вавилонците? (Видете и 2. Летописи 36,16.)**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Според текстот Езра 5, бидејќи народот упорно и без да се покае го предизвикувал Бог на гнев, Тој на крајот се повлекол и ги предал „во раката на Навуходоносор, царот вавилонски" (Езра 5,12). Но тоа го направил дури откако веќе „немаше лек" (2. Летописи 36,16), а подоцна му судел на Вавилон за прекумерното разорување што ѝ го нанел на Јуда (Еремија 51,24.25.44; споредете со Захарија 1,15).

Многу други судови опишани во Светото писмо како Бог да ги донел, се објаснети како примери во кои Бог им го „предава" народот на нивните непријатели (Судии 2,13.14; Псалм 106,41.42), во согласност со одлуките на народот да го напуштат Господа и да им служат на „боговите" на околните народи (Судии 10,6-16; 5. Мојсеева 29,24-26). Божјиот гнев против злото, кое конечно ќе кулминира со искоренување на сето зло еднаш засекогаш, произлегува од Неговата љубов кон сите, и Неговата желба за конечното добро на вселената, која и самата има удел во целото тоа прашање околу гревот, бунтот и злото.

**Како фактот дека Бог не сака да изврши суд врз никого влијае на вашето разбирање за божествениот гнев и лутина? Ако Бог е бавен на гнев, зар не треба и ние да бидеме потрпеливи со оние околу нас? Како да го направиме ова, а во исто време да ги штитиме и да се грижиме за жртвите на неправди?**

# ПОКАЖУВА СОМИЛОСТ

Иако божествениот гнев е нешто „страшно“, тој во никој случај не е неморален ниту лишен од љубовта. Напротив, во Стариот и Новиот завет Бог го манифестира својот гнев токму поради својата љубов. Божествениот гнев е страшен поради подмолната природа на злото, кое е во спротивност со чистата добрина и Божја убавина и светост.

Во тој поглед, суштинската одлика на Бога е љубовта а не гневот. Таму каде што нема зло и неправда, нема ни гнев. Конечно, Божјото дело, кое е највисок израз на Неговата љубов, и кое се состои во искоренување на злото од вселената, исто така успешно ќе ги отстрани огорченоста и гневот. А тоа е затоа што никогаш повеќе нема да има неправда ниту зло. Згора на тоа, ќе има само вечност на блаженство и правда во совршениот однос на љубовта. Никогаш повеќе нема да се разгори божествениот гнев, зашто никогаш повеќе нема да има потреба од него. Колку прекрасна мисла!

**Некои се загрижени дека божествениот гнев може по грешка да биде сфатен како давање дозвола за човечка одмазда. Прочитајте ги следните текстови: 5. Мојсеева 32,35; Мудри изреки 20,22; Мудри изреки 24,29; Римјаните 12,17-21 и Евреите 10,30. Како овие текстови нѐ штитат од помислата за лична одмазда?**

---

Според Светото Писмо, Бог има право да донесува суд, а кога го прави тоа, Тој секогаш постапува совршено праведно. И Стариот и Новиот завет го задржуваат правото на одмазда исклучиво за Бога. Како што пишува Павле во Римјаните 12,19: „Не одмаздувајте се за себе, возљубени; туку дајте му место на Божјиот гнев, зашто е напишано: ‘Одмаздата е Моја, Јас ќе ја отплатам!’ – говори Господ“ (цитирано од текстот 5. Мојсеева 32,35).

Иако Бог на крајот донесува суд против неправдата и злото, Христос обезбедил пат за спасение на сите кои веруваат во Него. Навистина, Исус е тој „Кој нѐ ослободува од гневот што доаѓа“ (1. Солуњаните 1,10; споредете со Римјаните 5,8.9). И тоа е во согласност со Божјиот план: „Зашто Бог не нѐ определил за гнев, туку да придобиеме спасение преку нашиот Господ Исус Христос“ (1. Солуњаните 5,9). Божјиот гнев не е обессилен, но оние кои веруваат во Исуса ќе бидат поштедени од тој гнев благодарение на Него.

**Како Христовото помирување ја поддржува правдата додека истовремено нѐ избавува од гневот? Откако сте дознале што сѐ е обезбедено за вас, и покрај вашите недостатоци, колку би требало да бидете помилостиви и повеликодушни кон другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Идолопоклонство во подножјето на Синај“, стр. 315-330 оригинал.

Во контекст на гревот во врска со златното теле, Елена Г. Вајт напишала: „Израелците сториле предавство кон Господа кој како нивни Цар ги опсипал со толку доброчинства, и чијшто авторитет тие доброволно се обврзале да го почитуваат. За да се одржи правда во божественото владеење, со тие предавници морало да се постапува според нивната заслуга. Но Божјето милосрдие се покажало дури и во овој случај. Иако го пазел авторитетот на својот закон, Тој на сите им дал слободна волја, можност да бираат и прилика да се покаат. Истребени биле само оние што биле упорни во бунтот.

Овој грев морал да биде казнет за околните народи да претставува сведоштво за Божјето негодување против идолопоклонството. Извршувајќи ги барањата на правдата над престапниците, Мојсеј, како орудие во Божјите раце, морал на историјата да ѝ остави свечен и јавен протест против нивното злосторство. Бидејќи Израелците требало да го осудуваат идолопоклонството на соседните народи, нивните непријатели подоцна би можеле да им префрлат дека и самиот народ кој тврди дека Јехова е негов Бог направил златно теле под гората Хорив и му се клањал. А вака, иако принудени да ја признаат срамната вистина, страшната судбина на престапниците, Израелците можеле да ја изнесат како доказ дека нивниот грев не бил ниту дозволен ниту простен.

И љубовта, ништо помалечка отколку правдата, бара тој грев да се осуди... Тоа што во таа пригода настрадале неколку илјади луѓе, била само Божја милост со истата казна да не мора да уништи милиони. За да спаси мнозина, сепак морал да казни некои“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 324, 325 оригинал.

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Што мислите, зошто толку многу луѓе се борат со поимот за божествениот гнев? Што вам ви помага да го разберете?**
2. **Кои проблеми настануваат секогаш кога луѓето бараат одмазда, а кои никогаш не се појавуваат кога Бог ја бара?**
3. **Во која смисла Божјиот суд врз Израел по бунтот со златното теле е исто така пример за божествената милост? Кои други примери во Светото писмо покажуваат дека дури и Божјиот суд е чин на љубов?**
4. **Иако разбираме дека Бог со право е огорчен поради злото и дека суди совршено праведно, колку е важно ние да се воздржуваме од осудување на другите? Разговарајте за ова, особено во светлината на стихот 1. Коринќаните 4,5.**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Лекција 6**
**Од 1 до 7 февруари 2025**

# БОЖЈАТА ЉУБОВ КОН ПРАВДАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 33,5; Псалм 85,10; 5. Мојсеева 32,4; Јаков 1,17; Тит 1,2; 2. Мојсеева 32,14; Матеј 5,43-48.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А кој сака да се фали, нека се фали со тоа што има мудрост за да Ме сознае Мене. Зашто Јас Сум Господ Кој ги твори милоста, судот и правдата на земјата, зашто тоа Ми е мило," зборува Господ" (Еремија 9,24).**

На древниот Блиски Исток, „боговите" на паганските народи не само што биле непостојани, неморални и непредвидливи, туку наредувале и да се вршат злосторства, како што е жртвување на деца. Дури и во такви случаи, паганските маси не можеле да сметаат на нивната наклоност, и затоа не се осмелувале да ги разлутат своите племенски „божества".

Според 5. Мојсеева 32,17, зад таквите „богови" стоеле демони (видете и 1. Коринќаните 10,20.21). А нивните облици на богослужение ги обезбедувале сите услови за искористување на луѓето, оставајќи го народот во голема духовна и морална темнина.

Бог од Библијата е далеку поразличен од тие демонски сили. Јахве е совршено добар и Неговиот карактер е непроменлив. И само поради Божјата непоколеблива добрина можеме да имаме надеж, сега и во вечноста.

Во целосна спротивност со лажните богови на древниот свет, па дури и со модерните „богови" на денешницата, Јахве е длабоко загрижен за злото, страдањето, неправдата и угнетувањето – сето тоа што Тој постојано и недвосмислено го осудува. И што е најважно, еден ден Тој ќе го искорени сето тоа.

## ЉУБОВТА И ПРАВДАТА

Низ целото Свето писмо, љубовта и правдата одат заедно. Вистинската љубов бара правда, а вистинската правда може да се спроведе и да биде задоволена само во љубовта. Ние не сме навикнати да размислуваме за тие двата концепта како нешто што оди заедно, но тоа е само затоа што човечкиот род во голема мера ги изопачил и љубовта и правдата.

**Прочитајте ги следните стихови: Псалм 33,5; Исаија 61,8; Еремија 9,24; Псалм 85,10 и Псалм 89,14. Како тие ја расветлуваат Божјата заинтересираност за правдата?**

---

---

Тие текстови изречно тврдат дека Бог ја сака правдата (Псалм 33,5; Исаија 61,8). Во Светото писмо поимите „љубов“ и „правда“ се нераскинливо поврзани. Неговата љубов и Неговата праведност одат заедно, а Бог е длабоко заинтересиран за тоа да види дека правичноста и правдата се спроведуваат во светот.

Затоа, со добра причина, пророците доследно ги осудуваат сите видови неправди, вклучувајќи ги и неправедните закони, лажните мерила, угнетувањето и неправичното постапување кон сиромашните, вдовиците или кој било што е ранлив. Иако луѓето прават многу зла и неправди, Бог е тој кој постојано твори „милост, суд и правда на земјата“ (Еремија 9,24). Според тоа, во целото Свето писмо, оние кои му се верни на Бога со копнеж го очекуваат божествениот суд како нешто многу добро, бидејќи тој носи казна за злосторниците и мачителите, а правда и ослободување за жртвите на неправдата и насилството.

Всушност, правичноста и праведноста се темел на Божјото владеење. Божјото морално владеење на љубовта е чесно и праведно, сосема поинакво од корумпираните влади на овој свет, кои често ја поддржуваат неправдата заради лична корист и лична моќ. Во Бога „милоста и вистината ќе се сретнат, праведноста и мирот ќе се целиваат“ (Псалм 85,10).

Бог јасно ни дава до знаење што очекува од нас. „О, човеку, речено ти е што е добро, и што бара од тебе Господ; да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог“ (Михеј 6,8). Ако има нешто во Божјиот карактер за што треба да го одразуваме, тогаш љубовта – како и правдата и милоста што произлегуваат од неа – би биле од суштинска важност.

**Кои примери на изопачена човечка правда постојат дури и сега? Како тогаш да не пекаме кон Бога Неговата совршена правда да дојде еден ден?**

## БОГ Е СОСЕМА ДОБАР И ПРАВЕДЕН

Бог не само што тврди дека ја сака правдата и не само што ги повикува луѓето да љубат и да вршат правда, туку и Самиот совршено и непоколебливо ги покажува овие особини. Светото писмо учи дека Бог е потполно свет, верен, праведен и полн со љубов. Бог секогаш го прави само она што е љубезно, исправно и праведно. Тој никогаш не прави ништо лошо.

**Прочитајте ги стиховите 5. Мојсеева 32,4 и Псалм 92,15. Што нѐ учат овие пасуси за Божјата верност и праведност?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Овие и многу други пасуси објавуваат дека Бог е праведен и полн со љубов – и во Него „нема неправедност“ (Псалм 92,15; споредете Псалм 25,8 и Псалм 129,4). Бог „не врши неправда, секое утро го произнесува Својот суд на видело, но беззаконикот не знае за срам“ (Софонија 3,5). Забележете ја директната спротивност меѓу Божјиот карактер и карактерот на оние што ја сакаат неправдата.

Бог знае што е најдобро за секого, го посакува она што е најдобро за секого и постојано работи за да го оствари најдобриот исход за сите кои се вклучени во тоа.

**Прочитајте ги текстовите Псалм 9,7.8 и Псалм 145,9-17. Што учат овие стихови за Бога?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Библискиот Бог е „праведен судија“ (Псалм 7,11) и никакво зло не живее покрај Него (Псалм 5,4). Како што вели стихот 1. Јованово 1,5: „Бог е светлина, и во Него нема никаква темнина“. Навистина, Бог не само што е совршено добар, туку, според стихот Јаков 1,13, „Бог со зло не се искушува“ (споредете со стихот Авакум 1,13).

Во сето ова, Божјата добрина и слава се нераскинливо поврзани. И додека многумина ја обожаваат моќта, Бог е семоќен, но Тој Својата моќ ја манифестира само на начини кои се праведни и полни со љубов. Не случајно, кога Мојсеј Го замолил: „Покажи ми ја својата слава“, Бог одговорил велејќи: „Ќе дозволам пред тебе да помине сиот Мој болскот“ (2. Мојсеева 33,18,19).

**Зошто еден толку добар Бог дозволува толку многу зла на овој свет? Разговарајте за вашиот одговор во класата.**

## БОЖЈИОТ НЕПРОМЕНЛИВ КАРАКТЕР

**Прочитајте ги стиховите Малахија 3,6 и Јаков 1,17. Што учат овие текстови за Божјиот карактер?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во текстот Малахија 3,6, Бог изјавува: „Зашто, Јас, Господ, не се менувам; затоа вие, синови на Јаков, не бевте уништени!“

Иако некои го читаат тој дел од стихот и го разбираат како Бог да не се менува на кој било начин, остатокот од стихот и неговиот непосреден контекст покажуваат дека Божјата непроменливост, која е објавена тука, всушност е Божјата морална непроменливост.

Остатокот од тој стих укажува на тоа дека Бог може да го промени неговиот однос спрема некого, зашто Тој вели: „Затоа вие, синови на Јаков, не бевте уништени!“ И, веќе во следниот стих, Бог го повикува својот народ: „Вратете се кон Мене, и Јас ќе се вратам кај вас“ (Малахија 3,7).

Според тоа, Бог навистина влегува во односи со Своите созданија кои вклучуваат оддалечување и повторно зближување, но преку сите тие бурни врски и преку сè друго, Божјиот карактер останува постојан. Тоа го потврдува и стихот Јаков 1,17, кој објавува дека сите добри и совршени дарови доаѓаат од Бога, кој не се менува. Бог не е извор на злото.

Овде и на други места, Светото писмо повеќе пати учи дека Божјиот карактер е непроменлив. Со други зборови, Библијата учи дека Бог е во морална смисла непроменлив. Сепак, Бог може, и влегува во вистински однос со созданијата, на кои им возвраќа на соодветен начин, но секогаш со љубов и праведност.

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Тимотеј 2,13; Тит 1,2 и Евреите 6,17,18. Што учат тие за Бога?**

____________________________________________________________

Бог не може да биде спротивен на самиот себе. Бог никогаш не лаже и Божјите ветувања не можат да се прекршат. Можеме да бидеме уверени дека Бог на Библијата е истиот Бог кој (во Христа) доброволно се предал себеси за нас на крстот. Тој е Бог на кој можеме безрезервно да се потпреме и во иднината да гледаме со доверба и надеж, бидејќи, како што вели Евреите 13,8: „Исус Христос е ист вчера, и денес, и во вечни векови.“

**Како можете да научите да се надевате во Божјата добрина дури и кога во животот работите навистина ви одат лошо? Како Божјата слика на крстот ни помага да научиме да се потпираме на Неговата добрина?**

## БОГ КОЈ СЕ КАЕ?

Може ли Бог да се „покае“? Ако може, што би значело тоа? Видовме дека Божјиот карактер никогаш не се менува. Меѓутоа, некои библиски текстови зборуваат за тоа како Бог се „кае“ или се „откажува“. Барем кога станува збор за луѓето, покајанието подразбира дека некој направил нешто лошо. Како тогаш некои библиски текстови можат да го прикажуваат Бога како некој кој се „кае“?

**Прочитајте го стихот 2. Мојсеева 32,14 и споредете го со текстот Еремија 18,4-10. Што мислите за тие описи на Божјото „жалење“ и „откажување“?**

---

---

Во тие и во многу други стихови, Бог е прикажан како некој што се откажува од осуда како одговор на покајание или некое посредување од страна на народот. Бог ветува дека, ако народот се одврати од своето зло, и Тој ќе се одврати од осудата што ја планирал. Божјото одвраќање од извршување на осуда како одговор на човечкото покајание е вообичаена тема во целото Свето писмо.

**Прочитајте ги текстовите 4. Мојсеева 23,19 и 1. Самоилова 15,29. Што нè учат за тоа дали Бог се „кае“ и се „предомислува“ или не?**

---

---

Во тие пасуси изрично се кажува дека Бог „не е човек, та да се предомисли“ (1. Самоилова 15,29) и „Бог не е човек па да лаже, не е човечки син за да се кае, зар Тој кога ќе рече, и не ќе направи? Зар ветува, па не исполнува?“ (4. Мојсеева 23,19). Тие текстови, читани во светлината на други пасуси, не можат да се разберат во смисла дека Бог воопшто никогаш не „попушта“, туку ја пренесуваат вистината дека Бог не се „предомислува“ и не се „кае“ на начин на кој луѓето го прават тоа. Напротив, Бог секогаш ги исполнува своите ветувања, и иако понекогаш го менува правецот на своето дејствување како одговор на човечкото покајание, Тој секогаш го прави тоа во согласност со Неговата добрина и Неговата Реч. Бог се повлекува од осудата како одговор на покајанието, токму затоа што Неговиот карактер е добар, праведен, милостив и полн со љубов.

**Кое е значењето на тие библиски прикази за божественото „попуштање“? Што ни кажува тоа за постојаноста на Божјиот карактер, паралелно со фактот дека Тој влегува во вистински односи на давање и земање, а тоа е всушност она што му е навистина важно?**

## ДРЖЕТЕ СЕ ЦВРСТО ЗА ЉУБОВТА И ПРАВДАТА

Светото писмо доследно учи дека „Господ, твојот Бог, е Бог верен, Кој го пази Својот завет и има милост кон оние што Го сакаат и ги извршуваат заповедите Негови до илјада поколенија“ (5. Мојсеева 7,9). Неговиот карактер полн со добрина и љубов врвно го претставил Исуса на крстот (видете: Римјаните 3,25.26; Римјаните 5,8). Според Псалм 100,5, „добар е Господ: Неговата милост е вечна и Неговата верност е од род во род“ (споредете со стихот Псалм 89,2). Значи, можеме да му веруваме на Бога. Тој им дава само добри дарови на своите деца ( Јаков 1,17; споредете со Лука 11,11-13). Всушност, Тој им дава добри работи дури и на оние кои се поставуваат како Негови непријатели.

**Прочитајте го текстот Матеј 5,43-48. Што нè учи тој за Божјата неверојатна љубов? Како би требало да постапуваме кон другите во светлината на тоа Исусово учење?**

________________________________________

________________________________________

Матеј 5 ја опишува Божјата љубов како совршена. Несовршена љубов е кога ги сакаме само оние кои нè сакаат. Но Бог ги сака дури и оние што Го мразат, дури и оние што се поставуваат како Негови непријатели. Неговата љубов е целосна, па оттаму и совршена.

Иако Божјата љубов, како и милоста, во голема мера ги надминува сите разумни очекувања, таа никогаш не ја заобиколува правдата, ниту ѝ противречи. Напротив, таа ги спојува правдата и милоста (Псалм 85,10). Исто така, Библијата и нас нè охрабрува: „Чувај ги љубовта и справедливоста и надевај се секогаш во својот Бог“ (Осија 12,6). Односно, како што вели англискиот превод: „Држи се за љубовта и правдата“ (ESV; споредете со стихот Лука 11,42).

На крајот, сам Бог ќе воспостави совршена правда. Стихот Римјаните 2,5 учи дека „ќе се открие праведниот суд од Бога“ (Римјаните 2,5). Конечно, откупените ќе пеат: „Големи и чудесни се делата Твои, Господи Боже Седржителе! Праведни и вистинити се Твоите патишта, Царе на народите! Кој нема да се уплаши од Тебе, Господи, и не ќе го прослави името Твое? Зашто само Ти си свет; зашто сите народи ќе дојдат и ќе се поклонат пред Тебе; бидејќи се појавија Твоите праведни судови!“ (Откровение 15,3.4; споредете со стиховите Откровение 19,1.2)

**Исаија 25,1 објавува: „Господи, Ти си Бог мој; ќе Те возвеличам, ќе го славам името Твое, зашто си извршил премудри дела, определени во старо време, вистинити и сигурни.“ Како можеме да научиме да го славиме Бога, дури и во лоши времиња? Како и самиот ваш живот може да биде живот на принесување пофалба на Бога, на начин кој ја промовира правда во вашата сфера на влијание?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патот кон Христа* од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Божјата љубов кон човекот“, стр. 9-15 оригинал.

„Божјата реч (Библијата) го открива неговиот карактер. Лично Тој ја објавил својата неограничена љубов и милосрдие. Кога Мојсеј се молел: ’Покажи ми ја својата слава!‘, Господ одговорил: ’Ќе дозволам пред тебе да помине сиот мој сјај‘ (2 Мојсеева 33,18.19). Бог поминал покрај Мојсеја објавувајќи: ’Господ, Господ, Бог милослив, жалослив, долготрпелив, богат со љубов и верност, покажува милост кон илјадници, проштава беззаконија, неправди и гревови‘ (2 Мојсеева 34,6.7). Тој е ’долготрпелив и богат со милосрдие‘, ’зашто му е мила милоста‘ (Јона 4,2; Михеј 7,18).

Бог ги поврзал нашите срца со себе со безброј знаци и на небото и на земјата. Тој се труди да ни се открие себеси преку чудесата на природата, преку најдлабоките и најнежни земни врски што може да ги запознае човечкото срце. Но сето тоа непотполно ни ја открива неговата љубов. Иако ни се дадени сите тие докази, непријателот на доброто во толкава мера го заслепил умот на луѓето, што Бога го гледале со страв, замислувајќи го како свиреп и неумолив господар. Сатаната ги навел луѓето Бога да го замислуваат како суштество чијашто основна особина е крута праведност – како свиреп судија, безмилосен и строг доверител. Тој Творецот го претставувал како суштество кое со недоверливо око ги посматра луѓето за да ги пронајде нивните заблуди и грешки и да ги казни. За да ја отстрани оваа темна сенка, и да му ја открие на светот бесконечната Божја љубов, Исус дошол да живее меѓу луѓето“ (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 10, 11 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто е толку важно да се препознае дека Божјата слава е поврзана со Неговата добрина? На кој начин ова ја поправа теологијата за славата, која ја нагласува суштествената моќ, без да ја нагласува Божјата љубов и Неговиот карактер?**

**2. Дали некогаш сте се сомневале во Божјата добрина? Дали познавате некој што ја доведува во прашање Божјата добрина поради начинот на кој понекогаш постапуваат оние кои тврдат дека го следат Бога, или едноставно поради сето зло на овој свет? Како сте го решиле тоа прашање лично за себе, и како би можеле да му помогнете на некој што се бори со прашањето за Божјата добрина? Видете ја лекцијата за следната седмица.**

**3. Објаснете го одговорот на прашањето од понеделник подетално во саботношколската класа. Како реалноста на големата борба ни помага да го разбереме сето зло што постои денес?**

**Лекција 7**
**Од 8 до 14 февруари 2025**

# ПРОБЛЕМОТ СО ЗЛОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јов 30,26; Матеј 27,46; Јов 38,1-12; Псалм 73; 1. Мојсеева 2,16.17; Откровение 21,3.4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина“ (Откровение 21,4).**

Можеби најголемиот проблем со кој се соочува христијанството е проблемот со злото – како да се помири фактот дека Бог е совршено добар и полн со љубов со фактот за злото на овој свет. Накратко речено, ако Бог е седобар и семоќен, зошто постои зло, и тоа во толкава мера?

Тоа не е само академски проблем, туку нешто што длабоко вознемирува многу луѓе и што некои ги спречува да го запознаат Бога и да го засакаат.

„За мнозина потеклото на злото и причината за неговото постоење е причина за голема збунетост. Тие го гледаат гревот со неговите страшни последици што се јавуваат во вид на јад и очај и се прашуваат како може да постои сето ова под суверено владеење на Оној кој е безмерен во својата мудрост, сила и љубов. Пред нив е тајна што тие не можат да ја одгатнат“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 492 оригинал).

Многу атеисти укажуваат на проблемот со злото како причина поради која се атеисти. Но, како што ќе видиме оваа и следната седмица, Бог, кој ни се открива во Библијата, е целосно добар и можеме да Му веруваме – и покрај злото со кое е толку многу заразен нашиот паднат свет.

## „ДО КОГА, ГОСПОДИ?“

За проблемот со злото се зборува не само во современите контексти, туку и во самото Свето писмо.

**Прочитајте ги следните текстови: Јов 30,26; Еремија 12,1; Еремија 13,22; Малахија 2,17 и Псалм 10,1. Како овие текстови го изнесуваат проблемот со злото во прв план на човечкото искуство?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Тие текстови отвораат многу прашања кои се актуелни и денес. Зошто изгледа како злите да напредуваат, и дека оние што прават зло имаат корист од нивното зло, ако не секогаш, сепак доволно често? Зошто праведните страдаат толку многу? Каде е Бог кога се случува зло? Зошто понекогаш ни се чини дека Бог е далеку од нас, дури и дека се крие?

Што воопшто и да кажеме за овие прашања и за проблемот во врска со злото, треба да внимаваме да не го банализираме проблемот со злото, односно да не ја намалуваме неговата сериозност. Не треба да се обидуваме да го решиме тој проблем со потценување на природата и количината на злото во светот. Злото е нешто многу лошо – и Бог го мрази многу повеќе од нас. Според тоа, би можеле да се придружиме на тој крик што одекнува низ целото Свето писмо како одговор на многуте зла и неправди во овој свет: „До кога, Господи?“

**Прочитајте го стихот Матеј 27,46. Како ги разбирате тие Исусови зборови? Што ни откриваат за тоа како злото го допрело Бога на најфрапантен начин?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Сам Исус, на крстот, го поставил прашањето: „Боже мој, Боже мој, зошто ме остави?“ (Матеј 27,46) Тука на посебен начин гледаме дека и самиот Бог бил погоден од злото, што е зачудувачка вистина, силно нагласена од Христовите страдања и смрт на крстот, каде што сето зло на овој свет се срушило врз Него.

Но дури и тука има надеж. Она што Христос го направил на крстот ја поразил причината за злото, сатаната, и на крајот целосно ќе го укине злото. Исус цитирал зборови од Псалм 22,1, но остатокот од тој псалм завршува со триумф.

**На крстот, Исус се радувал на надежта која, во тој момент, не можел да ја види. Како можеме да црпиме утеха од Неговото искуство во миговите кога ни сами не гледаме никаква надеж пред нас?**

# ИМА МНОГУ РАБОТИ ШТО НЕ ГИ ЗНАЕМЕ

Крајот на историјата ќе настапи со победа на љубовта над злото. Но, во меѓувреме, остануваат многу прашања што вознемируваат. Како можеме да размислуваме и да зборуваме за проблемот на злото на начин кој би можел да биде од полза?

**Прочитајте го текстот Јов 38,1-12. Како Божјиот одговор на Јов го расветлува проблемот со злото? Колку знаеме, а колку не знаеме за она што би можело да се случува зад сцената?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Во тој наратив Јов страшно настрадал, и самиот поставувал многу прашања зошто го снашло толку големо зло и страдање. Тој барал прием кај Бога за да побара одговори на своите прашања, не знаејќи дека има многу повеќе работи кои се случуваат зад сцената, во небесниот двор (видете Јов 1-2).

Божјиот одговор на Јов е впечатлив. Поточно, „Тогаш Господ му одговори на Јов од бурата и рече: 'Кој е тој што го замрачува Провидението со зборови без смисла?'" (Јов 38,1.2) Еден превод тоа го кажува вака: „Зошто зборуваш толку многу кога знаеш толку малку?" (Јов 38,2, превод од англиски /CEV/). Потоа, во стихот Јов 38,4, Бог додава: „Каде беше ти кога ги поставував основите на земјата? – кажи, ако знаеш".

**Прочитајте го стихот Јов 42,3. На кој начин одговорот на Јов го расветлува она што ние би требало да го препознаеме во врска со нашата положба?**

________________________________________

________________________________________

Со своите одговори, Бог му разјаснил на Јов дека има многу работи што тој не ги знае и не ги разбира. Како Јов, и ние треба понизно да признаеме дека многу нешта се случуваат на овој свет, зад сцената, за кои ние не знаеме ништо. Но, фактот што не ги знаеме одговорите на нашите прашања, не значи дека нема добри одговори и дека еден ден нема да биде сѐ разрешено. А до тогаш треба да се потпреме на Божјата добрина, која ни се открила на толку многу начини.

**Размислете колку малку, всушност, знаеме за што и да е. Зошто, со оглед на тоа, треба да научиме да живееме без одговори на оние најтешки прашања – за злото и страдањето?**

# СКЕПТИЧЕН ТЕИСТ

Во текстот на Исаија 55,8,9, Бог изјавува: „Моите мисли не се ваши мисли, ниту вашите патишта се Мои патишта, вели Господ. Но, како што е небото повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и мислите Мои повисоко од вашите мисли".

Божјите мисли се далеку повозвишени од нашите. Не можеме ни да ја замислиме сложеноста на Божјиот план за историјата. Со оглед на тоа, зошто би очекувале да бидеме во позиција да знаеме точно кои причини Бог ги има за она што го прави или не го прави во различни ситуации?

Еден од начините за пристапување кон проблемот со злото, кој се заснова на признавањето колку малку знаеме во врска со тоа, се нарекува „скептичен теизам". Скептичен теист е оној кој верува дека Бог има добри причини да постапува токму онака како што и прави, но со оглед на нашето ограничено знаење, не треба да очекуваме да бидеме во положба да знаеме точно кои се тие причини. Скептичниот теист е скептичен во поглед на човечката способност да биде свесен, или целосно да ги разбере Божјите причини во поглед на справување со злото во светот. Само затоа што не може да ги види, на пример, микробите кои лебдат во воздухот насекаде околу нас, не значи дека тие микроби не се во воздухот насекаде околу нас. Тоа што човек не знае какви причини има Бог, секако не значи дека Бог нема добри причини.

**Прочитајте го текстот Псалм 73. Како псалмистот пристапува кон злото и неправдата околу себе? Што гледа тој што му дава поинаква перспектива?**

___

___

Псалмистот бил длабоко вознемирен поради злото во светот. Погледнал наоколу и видел дека злото напредува. Му се чинело дека сè е неправедно и нечесно. Тој не можел да понуди никаков одговор во врска со тоа. Се запрашал дали воопшто вреди да верува во Бога и да му служи. Односно, така размислувал сè додека не погледнал во светилиштето.

Светилиштето дава дел од клучот за решението на проблемот со злото – имено, сознанието дека постои праведен Судија кој во свое време ќе донесе правда и суд.

**Како адвентистичкото разбирање на судот и доктрината за светилиштето може да го расветли проблемот на злото? Дали е корисно за вас да знаете дека, иако сега имаме многу прашања, деталите за историјата и Божјите праведни судови ќе бидат откриени на крајот?**

## ОДБРАНА СО ПОВИКУВАЊЕ НА СЛОБОДНАТА ВОЛЈА

Колку малку и да ги разбираме Божјите патишта и мисли, Светото писмо ни открива нешто што ни помага да се справиме со проблемот на злото. Еден од начините за решавање на логичниот проблем на злото е познат како одбрана со повикување на слободната волја.

Одбраната со повикување на слободната волја е сфаќање дека злото е последица на злоупотребата на слободната волја од страна на созданијата. Значи, Бог не може да се обвинува за злото, бидејќи злото е последица на тоа што созданијата ја злоупотребуваат слободната волја што Тој им ја дал од добри причини. Меѓутоа, зошто Бог им дал таква слободна волја на создадените суштества? Во врска со ова К. С. Луис еднаш напишал дека „слободната волја, иако го прави злото возможно, е исто така единственото нешто што овозможува и каква било љубов, добрина и радост што вреди да се има. Свет на автомати – суштества кои функционираат како машини – тешко дека би вредело да се создаде. Среќата што Бог ја осмислува за Своите виши суштества се огледува во тоа што можат слободно, доброволно да се здружуваат со Него и едни со други... А за тоа, тие мора да бидат слободни“ (Mere Christianity (New York: MacMillan, 1960), p. 52).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 2,16.17. Како овие стихови ја прикажуваат моралната слобода дадена на Адам и Ева?**

---

За почеток, зошто воопшто би им била дадена заповед ако немале слободна волја? Адам и Ева јаделе од забранетото овошје и оттогаш нашата планета е преполна со зло. Во текстот 1. Мојсеева 4, првата следна глава по наративот за Падот, ужасните последици од гревот се огледуваат во смртта на Авел од рацете на неговиот брат. Наративот за Падот покажува како злоупотребата на слободната волја од страна на Адам и Ева ги вовела гревот и злото во историјата на нашата планета.

Во целото Свето писмо ја гледаме реалноста на моралната слободна волја. (Видете ги следните текстови: 5. Мојсеева 7,12.13; Исус Навин 24,14.15; Псалм 81,11-14; Исаија 66,4). Секој ден во нашиот живот, во поголема или помала мера, и ние исто така ја спроведуваме слободната волја што ни ја дал нашиот Создател. Без слободна волја, ние не би биле препознатливи како луѓе. Би биле повеќе како машини, па дури и роботи без ум.

**Корпорацијата Sony направи куче-робот по име Аибо. Тоа изгледа како вистинско куче, но не се разболува, не добива болви, не гризе и не се митари. Дали би го замениле вашето куче од крв и месо за Аибо? Ако не, како тој ваш избор би можел да ви помогне подобро да разберете зошто Бог нè направил такви какви што сме, со слободна волја – и покрај сите ризици**?

## ЉУБОВТА И ЗЛОТО?

Бог им дал на созданијата слободна волја затоа што таа е неопходна за љубовта, а злоупотребата на таа слободна волја е причина за злото. И повторно, многу прашања остануваат без одговор. Бог го дозволува злото (извесно време) иако жестоко го презира, бидејќи укинувањето на таквата можност би ја направило љубовта невозможна, а неговото предвремено уништување би ја уништило довербата неопходна за љубовта.

„Земјата ја обвил мрак, зашто Бог е погрешно сфатен. За да се растераат мрачните сенки, за светот да може да се врати кај Бога, сатанската измамничка сила морала да биде скршена. Тоа не можело да се постигне со сила. Применувањето на сила им се противи на начелата на Божјето владеење. Тој сака само служба од љубов, а љубовта не може да се изнуди; таа не може да се задобие со сила или со власт. Само љубовта може да разбуди љубов. Да го познаваме Бога значи да го љубиме. Неговиот карактер мора да се истакне како спротивност на карактерот на сатаната“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 22 оригинал).

Без слободна волја, не би можело да има љубов, а ако Бог е љубов, тогаш јасно е дека не постои можност Бог да ја негира љубовта или слободата неопходна за да постои љубовта. Можеме да претпоставиме, исто така, дека, кога би го знаеле крајот од почеток, како што го знае Бог, сигурно не би сакале Тој да ја укине нашата слобода. На крајот на краиштата, кој би сакал да живее во вселена без љубов?

**Прочитајте Римјаните 8,18 и Откровение 21,3-4. Како тие ни влеваат сигурност, нѐ поттикнуваат да имаме доверба во Божјата добрина, и покрај сето зло на овој свет?**

---

Дури и кога ние не успеваме да видиме ништо низ темнината, Бог може да го види крајот од почеток. Тој, исто така, може да го види и вечното блаженство ветено на сите што ја полагаат својата вера во Исуса. Според Римјаните 8,18, „страдањата на сегашното време не се ништо спрема славата која треба да се открие кон нас“. Дали имаме доволно вера и доверба во тоа неверојатно ветување?

Исто така, љубовта, како и слободата својствена на љубовта, е толку света, толку суштински важна, што Исус, наместо да нѐ лиши од неа, тој повеќе сакал да дозволи таа да Го испрати на крстот, каде што толку многу страдал. Тој сепак ни ја дал таа слобода, знаејќи колку тоа ќе Го чини. Зошто оваа мисла е толку клучна, што секогаш треба да ја имаме на ум?

**Ако го земеме предвид фактот дека Бог ни дава слободна волја, како тоа ни помага да се заштитиме од помислата дека сѐ што се случува е Божја волја?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Зошто било дозволено да се појави грев?“, стр. 33-43 ориг.).

„Во својата бесконечна мудрост, Бог не го уништил сатаната дури ни тогаш кога го фрлил од небото. Бидејќи на Бога му е угодна и прифатлива само онаа служба што се врши од љубов, преданоста на неговите созданија мора да се темели врз непоколеблива увереност во неговата праведност и добронамерност. Небесните жители и жителите на другите светови, неподготвени да ја сфатат природата и последиците на гревот, во тоа време не би можеле да ја забележат Божјата праведност во случај веднаш да го уништил сатаната. Кога сатаната би бил веднаш збришан, мнозина на Бога би му служеле повеќе од страв отколку од љубов. Влијанието на измамникот не би било уништено ниту духот на бунтот би бил целосно искоренет. За добро на целата вселена низ бесконечните времиња, било потребно тој поцелосно да ги развие своите начела, со цел обвинувањата против Божјето владеење да можат да се согледаат во нивната вистинска светлина и правдата и Божјата милост, како и непроменливоста на неговиот закон, засекогаш да останат надвор од секое сомневање.

Бунтот на сатаната треба на целата вселена да ѝ послужи како поука за сите времиња – да биде вечно сведоштво за природата на гревот и за неговите страшни последици. Резултатот на владеењето на сатаната и последиците што ги имало тоа и врз луѓето и врз ангелите, требало да покажат какви плодови мора да се очекуваат кога ќе се отфрли Божјиот авторитет. Требало да се покаже дека од постоењето на Божјето владеење зависи благосостојбата на сите суштества што ги создал Тој. Така историјата на овој страшен бунт, на сите свети суштества требало да им послужи како вечна заштита, спречувајќи ги да бидат наведени на ваков престап и чувајќи ги од гревот и од казната што ја носи тој“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 42, 43 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **„Теодиција“ е израз за оправдување на Бога, со оглед на постоењето на злото. Но тоа не е оправдување на самото зло. Замислете некој на небото како кажува: „О, да, Исусе, сега разбирам зошто моето семејство беше мачено и убиено пред мои очи“. Да, сето тоа сега има многу смисла. Ти благодарам, Исусе!“ Тоа е апсурдно. Како можеме да дојдеме до сознание дека всушност Бог, а не злото, е Тој кој конечно е оправдан во рамки на големата борба? (види Лекција 9.)**
2. **Дали некогаш сте се почувствувале малку како Јов? Дали некогаш сте биле во искушение да помислите дека не може да има добро објаснување за страдањата што сте ги доживеале вие или вашите најблиски? Како конечното увидување на Јов дека тој „говорел“ за нешто што „не го разбирал“ (Јов 42,3) ја расветлува положбата во која се наоѓаме ние, кога станува збор за нашите сопствени прашања?**

**Лекција 8**
**Од 15 до 21 февруари 2025**

# СЛОБОДНАТА ВОЛЈА, ЉУБОВТА И БОЖЕСТВЕНОТО ПРОВИДЕНИЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 13,34; Еремија 32,17-20; Евреите 1,3; 5. Мојсеева 6,4,5; Ефесјаните 1,9-11; Јован 16,33.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ова ви го реков за да имате мир во Мене. Во светот ќе имате маки; но не плашете се, зашто Јас го победив светот“ (Јован 16,33).**

Провидение е поим кој се користи за да се опише Божјото дејствување во светот. Начинот на кој размислуваме за Божјото провидение во голема мера влијае на тоа како се однесуваме кон Бога и ближните и како го разбираме проблемот на злото.

Христијаните имаат различни сфаќања за божественото провидение. Некои веруваат дека Бог ја пројавува својата моќ така што одредува сите настани да се одвиваат токму онака како што се случуваат. Тој дури избира и кој ќе биде спасен, а кој изгубен! Според ова сфаќање, луѓето не се слободни да избираат што било друго освен она што Бог го пропишал. Всушност, луѓето кои веруваат на овој начин тврдат дека дури и човечките желби се нешто што Бог го одредил.

Спротивно на ова, силните библиски докази покажуваат дека Бог не одредува сè што се случува. Напротив, Тој им дава на луѓето слободна волја, дури и до таа мера што тие (како и ангелите) можат да одлучат да постапуваат директно против Неговата волја. Историјата на Падот, гревот и злото е драматичен и трагичен показател за последиците од злоупотребата на таа слободна волја. Планот на спасение бил воспоставен за да се поправи трагедијата предизвикана од злоупотребата на слободната волја.

# НАШИОТ СУВЕРЕН БОГ

„Бог е суверен“, проповедал пасторот за млади пред својата средношколска група. „Тоа значи дека тој има контрола над сè што се случува.“ На ова, еден збунет средношколец возвратил: „Значи, Бог имал контрола над тоа што моето куче умре. Зошто Бог би го убил моето куче?“

Обидувајќи се да одговори на тоа, пасторот за млади рекол: „Тоа е незгодно прашање. Но Бог понекогаш дозволува да поминеме низ тешки времиња за да бидеме подготвени во иднина, кога ќе се случи нешто уште потешко. Се сеќавам колку ми беше тешко кога умре моето куче. Но, поминувањето низ тоа искуство ми помогна да се справам со уште потешки моменти подоцна, кога почина баба ми. Мислиш ли дека тоа има смисла?“

По подолга пауза, средношколецот одговорил: „Значи, Бог го убил моето куче за да ме подготви за моментот кога ќе ја убие баба ми“ (Marc Cortez, цитирано во: John C. Peckham, Divine Attributes: Knowing the Covenantal God of Scripture; Michigan: Baker Academic, 2021; стр. 141). Луѓето понекогаш претпоставуваат дека сè се случува така како што сака Бог. Што и да се случува во светот, тоа е токму онака како што Бог сакал да се случи. На крајот на краиштата, Бог е семоќен. Како тогаш може да се случи нешто што Бог не сака да се случи? Затоа, што и да се случи, колку и да е лошо, тоа е Божја волја. Барем така учи оваа теологија.

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 81,11-14; Исаија 30,15.18; Исаија 66,4 и Лука 13,34. Како овие текстови одговараат на прашањето дали Божјата волја секогаш се спроведува?**

---

Иако многумина веруваат дека Бог секогаш мора да го добие она што го сака, Библијата изнесува сосема поинаква приказна. Светото писмо секогаш одново го прикажува Бога како некој кој доживува желбите да не му бидат исполнети. Односно, она што се случува е често спротивно на она што Бог кажува дека, всушност, повеќе би сакал да се случи. Во многу случаи, Бог изрично тврди дека она што се случува е спротивно на она што Тој го сака. Тој сакал еден исход за својот народ, но тие избрале нешто друго наместо тоа. И самиот Бог се жали: „Но Мојот народ не го послуша гласот Мој... О, да беше Ме послушал Мојот народ и Израел да одеше по Моите патишта! Веднаш ќе ги покорев нивните непријатели“ (Псалм 81,11.13.14).

**Размислете за импликациите на која било теологија која сè што се случува припишува на директната Божја волја. Какви длабоки проблеми, особено во контекст на проблемот на злото, би можела да создаде една таква теологија?**

## ПАНТОКРАТОР

Низ целото Свето писмо гледаме како Божјата неверојатна сила отворено се пројавува. Библијата опфаќа безброј наративи за тоа како Тој ја користи својата сила и прави чуда. Но, и покрај ова, се случуваат многу работи што Бог не ги сака.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 11,17; Еремија 32,17-20; Лука 1,37 и Матеј 19,26. Размислете и за стихот Евреите 1,3. Што можеме да научиме од овие стихови за Божјата сила?**

---

Овие и други текстови учат дека Бог е семоќен и дека го одржува светот со својата сила. Навистина, книгата Откровение во повеќе наврати упатува на Бога како „Господ Бог Седржител“ (на пример, Откровение 11,17; споредете со стиховите: 2. Коринќаните 6,18; Откровение 1,8; Откровение 16,14; Откровение 19,15; Откровение 21,22), а зборот преведен како „Седржител“ (пантократор) буквално значи „семоќен“. Фактот дека Бог е семоќен не е поткрепен само со зборови, туку се јавува во многу неверојатни примери, кога Бог ја користи својата моќ за да го избави својот народ, или на некој друг начин чудесно интервенира во овој свет.

Меѓутоа, да се каже дека Бог е „семоќен“, не значи дека Тој може да направи што било. Светото писмо учи дека има работи што Бог не може да ги направи. На пример, стихот 2. Тимотеј 2,13 изјавува дека Бог „Сам Себе не може да се одрече“.

Соодветно на тоа, повеќето христијани се согласуваат дека Бог е семоќен (omnipotent), што значи дека Тој има моќ да прави сѐ што не вклучува противречност – односно, сѐ што е логички можно и во согласност со Божјата природа. А дека има нешто што не е можно за Бога, бидејќи тоа би подразбирало противречност, очигледно е врз основа на Христовата молитва во Гетсиманија. Иако потврдил дека „за Бога... сѐ е можно“ (Матеј 19,26), тој исто така, кога се приближувало распнувањето, му се молел на Отецот: „Оче Мој, ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша; сепак, нека биде не како што сакам Јас, туку како што сакаш Ти“ (Матеј 26,39).

Се разбира, Отецот ја поседувал сета моќ да го избави Христа од страдањата на крстот, но не можел да го стори тоа а истовремено да ги спаси грешниците. Морало да биде едното или другото, но не и двете.

**Светото писмо исто така учи дека Бог сака да ги спаси сите (на пример: 1. Тимотеј 2,4-6; Тит 2,11; 2. Петрово 3,9; Езекиел 33,11), но сепак нема сите да бидат спасени. Што нѐ учи овој факт за реалноста на слободната волја и за ограничувањата на Божјата сила во постапувањето со созданијата на кои им е дадена слободна волја?**

## ДА ГО САКАМЕ БОГА

Тоа што Бог е семоќен не значи дека Тој може да направи нешто што е логички невозможно. Според тоа, Бог не може причински да определи некому да Го сака по своја слободна волја. Ако, под тоа да се прави нешто слободно, се подразбира тоа да се прави без наредба, тогаш по дефиниција е невозможно некој да биде натеран да прави нешто слободно. Накратко, како што веќе видовме, но мораме повторно да нагласиме – Бог не може никого да присили да Го љуби, бидејќи во моментот кога ќе стане присила, тоа веќе не е љубов.

**Прочитајте ги стиховите Матеј 22,37 и 5. Мојсеева 6,4.5. Што нè учат тие за реалноста на слободната волја?**

___

___

Најголемата заповед, да го сакаме Бог, дава доказ дека Бог навистина сака сите да Го љубат. Но сепак, не секој го сака Бога. Па зошто Бог едноставно не ги натера сите да Го сакаат? Повторно, тоа е затоа што љубовта, за да биде љубов, мора слободно да се дава.

**Прочитајте ги стиховите Евреите 6,17.18 и Тит 1,2. Што нè учат овие стихови за Бога?**

___

___

Според стихот 4. Мојсеева 23,19, „Бог не е човек па да лаже“. Бог никогаш не лаже (Тит 1,2). Бог секогаш го држи својот збор и никогаш не ги крши своите ветувања (Евреите 6,17.18). Според тоа, ако Бог ветил нешто, или се обврзал на нешто, Неговото идно постапување ќе биде морално ограничено со тоа ветување.

Ова значи дека ако Бог им дава слобода на Своите созданија да изберат нешто друго наместо она што Тој би сакал, тогаш не зависи од Бога што ќе изберат луѓето. Ако Бог се обврзал да им даде слободна волја на своите созданија, тогаш луѓето имаат способност да ја користат својата слобода и на начини што се спротивни на Божјите идеални желби. Трагично е што многу луѓе навистина ја користат својата слобода на таков начин, и затоа, соодветно на тоа, се случуваат многу работи кои Бог би сакал да не се случат, а кои, строго кажано, не зависат од Бога.

**Што сте сториле вие, иако сте знаеле дека Бог не сака да го направите тоа? Што ве учи тоа за реалноста – и можните застрашувачки последици – на слободната волја?**

## БОЖЈАТА ИДЕАЛНА И ДОПОЛНИТЕЛНА ВОЛЈА

**Прочитајте го текстот Ефесјаните 1,9-11. Што кажува тој текст за предодреденоста? Дали некои луѓе се предодредени да бидат спасени, а други да бидат изгубени?**

---

Грчкиот израз преведен со „предодреденост“, овде и на друго место во Светото Писмо (*prohorizo*), сам по себе не учи дека Бог ја одредува историјата на причински начин. Всушност, тој грчки израз едноставно значи „да се одлучи однапред“.

Се разбира, некој може да одлучи нешто однапред еднострано, или може да одлучи нешто однапред на начин што ќе ги земе предвид слободните одлуки на другите. Светото писмо учи дека Бог го прави ова второто.

Овде и на други места (на пример, Римјаните 8,29.30), изразот преведен со „предодредени“ или „одредени“ се однесува на тоа што Бог планира за иднината, откако ќе го земе предвид сето она што Тој однапред го знае за слободните одлуки на созданијата. Значи, Бог може преку провидението да ја води историјата кон неговите посакувани добри цели за сите, дури и притоа почитувајќи ја онаа слобода на созданијата која е неопходна за вистински однос проникнат со љубов.

Стихот Ефесјаните 1,11 објавува дека Бог „прави сè по советот на Својата волја“. Дали ова значи дека Бог одредува сè да се одигра токму онака како што Тој сака? Прочитан засебно, текстот Ефесјаните 1,9-11 може да изгледа како да го потврдува тоа гледиште. Меѓутоа, тоа толкување би било спротивно на многу од текстовите што ги разгледавме претходно, а кои покажуваат дека луѓето понекогаш ја отфрлаат „Божјата волја“ (Лука 7,30; споредете Лука 13,34; Псалм 81,11-14). Ако Библијата не противречи на себе, како може овие пасуси да се разберат на начин што ќе им овозможи да бидат во согласност еден со друг?

Тој стих (Ефесјаните 1,11) има совршена смисла ако едноставно се препознае разликата помеѓу она што можеме да го наречеме Божја „идеална волја“ и Негова „дополнителна волја“. Божјата „идеална волја“ е она што Бог, всушност, повеќе би сакал да се случи, и што би се случувало кога сите секогаш би го правеле точно она што Бог го сака. Божјата „дополнителна волја“, од друга страна, е Божја волја која веќе го има земено предвид секој друг фактор, вклучително и слободните одлуки на созданијата, кои понекогаш отстапуваат од она што на Бога би му било помило. Стихот Ефесјаните 1,11 очигледно се однесува на Божјата „дополнителна волја“.

**Божјето предзнаење за иднината е толку моќно што, дури и знаејќи ги сите одлуки, вклучувајќи ги и лошите одлуки што ги носат луѓето, Тој сепак прави „сè да им содејствува за добро“ (Римјаните 8,28). Каква утеха можете да црпите од таа вистина?**

## ХРИСТОС ГО ПОБЕДИЛ СВЕТОТ

Кога сѐ би се случувало во согласност со Божјата идеална волја, никогаш не би имало ни зло, туку само совршено блаженство на љубов и хармонија. На крајот, вселената ќе биде вратена во хармонија со таа совршена, идеална Божја волја. Во меѓувреме, Бог ја спроведува својата волја на начин што ги зема предвид слободните одлуки на Неговите созданија.

Замислете натпревар во печење колачи каде што сите учесници се обврзани да користат одреден број посебни состојки, но можат да додадат други состојки по своја волја за да го испечат кој било вид колач што го сакаат. На крајот, каков колач и да направи пекарот, неговиот вкус ќе биде одреден, барем донекаде, и од некои состојки кои пекарот не ги избрал.

Слично на ова (во ограничена смисла), бидејќи Бог се обврзал да го почитува оној вид на слобода на созданијата што е неопходен за љубовта, многу од „состојките“ што ја сочинуваат светската историја не се избрани од Бога, туку се дури и спротивни на она што Бог го сака.

Според ова сфаќање, божественото провидение не е еднодимензионално, како Бог еднострано да контролира сѐ што се случува. Напротив, тоа бара (во најмала рака) дводимензионално сфаќање на Божјото провидение. Понекогаш Божјото дејство е причина за некои појави, но постојат и други, кои се резултат на слободните одлуки на созданијата (како и сите зла). Многу работи се случуваат што Бог не сака да се случат.

**Прочитајте го стихот Јован 16,33. Каква надеж, дури и среде неволјите, ни ги нуди тој текст?**

---

Верата на луѓето може да се поколеба, особено во време на страдања или искушенија, бидејќи тие се држат до погрешното верување дека Бог ќе ги поштеди или дека треба да ги поштеди од страдањата и искушенијата во овој живот. Меѓутоа, Исус изнесува сосема поинаква приказна, предупредувајќи ги своите следбеници дека ќе доживеат искушенија и неволји во овој свет, но дека постои надеж, бидејќи Тој го победил светот (Јован 16,33).

Фактот дека се соочуваме со страдања и искушенија не значи дека тоа е она што Бог, во идеален случај, го сака за нас. Секогаш мора да ја имаме на ум поширокаta слика – големата борба. Но, можеме да бидеме сигурни дека, и покрај тоа што злото само по себе не е неопходно за постоењето на доброто, Бог може да извлече нешто добро дури и од лошите настани. Кога имаме доверба во Бога, Тој може да ги искористи дури и страдањата за да нѐ привлече поблизу до Себе и да нѐ мотивира да бидеме сочувствителни и грижливи кон другите.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Бог е со нас“, стр. 19-26 оригинал.

„Планот за нашето спасение не бил дополнителна мисла, план создаден по Адамовото паѓање. Тој бил откровение на ’тајната скриена од вечноста‘ (Римјаните 16,25). Тој е откровение на начелата што биле темел на Божјиот престол уште од вечноста. Уште од почеток Бог-Отецот и Христос знаеле за отпадот на сатаната и за падот на човекот предизвикан со делувањето на измамната сила на отпадникот. Бог не е причина за постоењето на гревот, но однапред го видел неговото постоење, осигурувајќи средство со кое ќе ѝ се противстави на оваа страшна можност. Неговата љубов кон светот била толку голема што Тој се заветувал дека ќе го даде својот единороден Син ’за ниеден кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен‘ (Јован 3,16)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 22 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Ако Бог не го добива секогаш она што го сака, како тој факт влијае на вашиот начин на размислување за она што се случува во овој свет? Кои се практичните импликации од увидувањето дека и Бог има неисполнети желби?**

**2. Враќајќи се на аналогијата со колачот од проучувањето за четврток, можеме да разбереме зошто, иако „Бог-Отецот и Христос знаеле за отпадот на сатаната“, тие сепак продолжиле и нѐ создале нас. Во тоа морала да биде вмешана љубовта, а љубовта значи слобода. Наместо да нѐ создаде како суштества неспособни да сакаат, Бог нѐ создал со способност да сакаме, иако бил свесен дека тоа на крајот ќе го одведе Исуса на крст. Христос бил подготвен да пострада на крстот, наместо да ни ја ускрати слободата својствена на љубовта. Што ни открива тој факт за тоа колку е света љубовта и колку е суштински важна за Божјето владеење?**

**3. Често се жалиме за злото и страдањето на овој свет, но колку често одвојуваме време да размислиме за тоа дека и сам Бог тагува и е ожалостен поради страдањата и злото? Што се менува во вашето разбирање на страдањата и злото кога ќе сфатите дека и сам Бог страда поради тоа?**

**4. Како оваа вистина – дека многу работи што се случуваат на овој свет не се според Божјата волја – ви помага да излезете на крај со сопственото страдање, особено кога тоа нема никаква смисла и се чини дека не води до ништо добро?**

**Лекција 9**
**Од 22 до 28 февруари**

# КОСМИЧКИ КОНФЛИКТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 13,24-27; 1. Мојсеева 1,31; Езекиел 28,12-19; Исаија 14,12-15; Матеј 4,1-11; Јован 8,44.45.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата“ (2. Мојсеева 3,15).**

Во центарот на библиската теологија е големата борба меѓу Христа и сатаната. Иако идејата за космичкиот судир меѓу Бога и небесните созданија кои паднале и се побуниле против Него, е истакната тема во Светото писмо (Матеј 13,24-30.37-39; Откровение 12,7-10), а преовладува и во голем дел од христијанската традиција, многу христијани ја отфрлаат и занемаруваат.

Меѓутоа, од библиска перспектива, темата на космичкиот судир, во кој ѓаволот и неговите ангели се спротивставуваат на Божјето царство, не е нешто што можеме да го занемариме, а да не пропуштиме многу од она за што зборува библискиот наратив. И самите Евангелија се полни со цитати за ѓаволот и за демоните кои му се противат на Бога.

Оваа седмица, за почеток, ќе размислуваме за тоа како може да се одговори на следните две прашања во согласност со некои клучни библиски текстови:

(1) Каде Светото писмо учи дека постои космички судир меѓу Бога и сатаната?

(2) Според Светото писмо, каква е природата на тој судир?

## НЕПРИЈАТЕЛОТ ГО НАПРАВИ ТОА

**Прочитајте го текстот Матеј 13,24-27. Како оваа парабола ни помага да го разбереме злото во нашиот свет?**

Исус зборува за земјопоседник кој сее само добро семе на својата нива. Меѓутоа, меѓу пченицата никнува и какол. Кога го виделе тоа, слугите го прашале: „Господаре, нели добро семе посеа на нивата своја? Од каде сега, пак, овој какол во неа?" (Матеј 13,27) Ова е слично на прашањето што се поставува денес во врска со проблемот на злото: Ако Бог создал свет кој е совршено добар, зошто постои зло во него?

**Прочитајте го текстот Матеј 13,28-30 во светлината на Христовото објаснување во стиховите Матеј 13,37-40. Како ова ја расветлува и самата природа на космичкиот судир?**

На прашањето на своите слуги, господарот одговара: „Човекот непријател го направи тоа" (Матеј 13,28). Исус подоцна го препознава „Сејачот на доброто семе" како „Синот Човечки", а тоа е Самиот Тој (Матеј 13,37), и објаснува дека „нивата е светот" (Матеј 13,38), а дека „непријателот, што го посеа" каколот е „ѓаволот" (Матеј 13,39), со што јасно го прикажува космичкиот судир меѓу Него и сатаната. Зошто постои зло на светот? Злото е дело на непријателот (ѓаволот) кој му се спротивставува на господарот. „Непријателот... го направи ова" (Матеј 13,28).

Меѓутоа, тој одговор го наметнува следното прашање: „Сакаш ли тогаш да одиме и да го исплевиме?" Со други зборови, зошто да не го искорениме злото сега? „Не", одговара господарот, „да не би корнејќи го каколот, да ја откорнете со него и пченицата. Оставете ги нека растат двете заедно до жетвата" (Матеј 13,29.30; споредете со стихот Марко 4,29). Според таа парабола, Бог конечно ќе стави крај на злото, но неговото прерано искоренување би довело до обемна штета што може да му наштети на доброто.

**Кои опасности се поврзани со настојувањето да се искорени каколот меѓу пченицата сега? Во исто време, зошто тоа не значи дека едноставно треба да го игнорираме злото со кое се соочуваме?**

# ПОТЕКЛОТО НА СУДИРОТ НА ЗЕМЈАТА

Заедно со прашањето поставено во параболата – од каде а лошо семе на полето ако сопственикот посеал само добро семе – се поставува уште едно прашање: Ако Бог создал свет кој е целосно добар, како се појавило злото овде?

**Прочитајте го стихот 1. Мојсеева 1,31. Што ни откриваат Божјите зборови за состојбата на создадениот свет во моментот кога Тој го довршил создавањето, и зошто е важен тој одговор?**

__________________________________________________________

Според стихот 1. Мојсеева 1,31, кога Бог го довршил создавањето на светот, сѐ во него „беше многу добро“. Така, во првата глава од 1. Мојсеева, нема никакво навестување за злото за време на Божјото создавање на оваа планета. Како тогаш злото се вовлекло во човечкото искуство?

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,1-7. Што ни кажува тоа за начинот на кој злото дошло овде на земјата? Каква светлина фрла врз природата на космичкиот судир? (Видете и Откровение 12,7-9.)**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Во овој наратив ги гледаме лагите за Божјиот карактер кои ги кажува змијата, препознаена како ѓаволот лично (таа „стара змија“ од Откровение 12,7-9). Змијата прво се служи со прашања за да внесе сомнеж во поглед на Божјата заповед, при што речиси целосно го извртува она што Бог го заповедал. А потоа директно ги извртува Божјите зборови, уверувајќи ја Ева: „Нема да умрете“ (1. Мојсеева 3,4).

Некој, или змијата или Бог, ја излажал Ева, која сега требало да избере дали ќе верува во она што ѝ го рекол Бог или во она што го кажала змијата.

Овде и на други места во Светото писмо, природата на тој судир се огледува првенствено во тоа на што и кому треба да се верува, што само по себе е нераскинливо поврзано со љубовта. А причината за ова е што вашите верувања за некого, каков човек е тој или таа, и прашањето дали може да му се верува или не, длабоко влијае на тоа дали ќе ја сакате таа личност, дали ќе ѝ поверувате, и – како во овој случај – ќе ја послушате во она што ви го кажува.

**Прочитајте го стихот 1. Мојсеева 3,15. Божјата изјава упатена до змијата, дека семето на жената, што се однесува на Месија, ќе ѝ ја смачка главата, често се препознава како прво евангелие (протоевангелие) во Светото писмо. Како ова ја потврдува реалноста на судирот, а сепак дава и надеж за нас кои се наоѓаме среде тој судир?**

# ПОТЕКЛОТО НА СУДИРОТ НА НЕБОТО

Самиот текст од 1. Мојсеева 1-3 покажува дека злото постоело и пред падот на Адам и Ева. Како поим, „злото“ се појавува уште во склоп на називот на „дрвото за познавање на доброто и злото“ (1. Мојсеева 2,9.17). А тогаш змијата го обвинува Бога дека лаже, а всушност она е таа што лаже. Постоењето на змијата (Откровение 12,9), паралелно со нејзиното лажење, ја покажува реалноста на злото на тоа место. Така, дури и во Едем пред Падот, присуството на злото се манифестирало.

**Прочитајте го текстот Езекиел 28,12-19 во светлината на стиховите 2. Мојсеева 25,19-20. Каква е природата на падот на тоа суштество?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Според тој текст, злото и космичкиот судир водат потекло од небото.

Пред својот пад, суштеството кое станало познато како сатана, било херувим-заштитник. Освен што бил препознаен како херувим, тој бил „печат на совршенство, полнота на мудроста... венец на убавината...“, а се наоѓал „во Едем, во Божјата градина“ (Езекиел 28,12.13). Ништо од тоа не може да се каже за човек – „тирскиот цар“ (ниту за кој било друг човек). Оттука знаеме дека овде ни е даден брз поглед на падот на Луцифер.

**Прочитајте го текстот Исаија 14,12-15. Која дополнителна светлина фрла тој врз потеклото на големата борба?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Според текстот Исаија 14,13.14, Луцифер решил да се возвиси себеси и да се претстави како Бог. Тие стихови го надополнуваат она што го гледаме во текстот Езекиел 28 – дека неговото срце се „возгордеа“ поради неговата „убавина“ (Езекиел 28,17), што всушност требало да го наведе да го слави Бога што го направил убав. Но, наместо тоа, тој се возгордеал. И што е уште полошо, во својата горделивост, имал намера да го заземе местото на Бога и да го клевети. Еврејскиот израз за „трговија“ во Езекиел 28,16 значи и „клевета“, што е показател за тоа како сатаната ќе дејствува против Бога, а и против нас.

**Како го разбираме фактот дека Луцифер, кој паднал, првично бил „совршен... од денот“ кога бил создаден, „додека не се најде во тебе беззаконие“ (Езекиел 28,15)? Како можело едно совршено суштество да падне, освен ако, тоа што тој бил „совршен“, не вклучувало и вистинска морална слобода?**

## АКО МИ СЕ ПОКЛОНИШ

Напорите на сатаната да го узурпира Божјиот престол се откриваат и во наративите за искушенијата кои се наоѓаат во Матеј 4 и Лука 4. Впечатливата средба меѓу Исуса и искушувачот, открива многу за природата на нивниот судир. Тука ја гледаме реалноста на големата борба меѓу Христа и сатаната, прикажана со јасни и живописни изрази.

**Прочитајте го текстот Матеј 4,1-11. Како се открива овде реалноста на големата борба меѓу Христа и сатаната?**

---

---

Духот го „одведе“ Исуса во пустината со јасна цел – „да биде искушуван од ѓаволот“ (Матеј 4,1). А пред да дојде до таа однапред приготвена средба, Исус постел четириесет дена. Затоа ѓаволот, кога дошол, го искушал Исуса да ги претвори камењата во леб, сметајќи на Исусовиот голем глад. Но Исус се спротивставил на тоа искушение со Светото писмо, и мамката на сатаната пропаднала.

Тогаш, во обид да го наведе Исуса да постапи арогантно, ѓаволот го искушува да се фрли од врвот на храмот. Сатаната малку го извртува Светото писмо за да навести дека, ако е навистина Божји Син, ангелите ќе Го заштитат. Но, со правилно читање на Светото писмо, Исус повторно успешно се спротивставува на искушението.

Третото искушение јасно открива што настојува ѓаволот да постигне. Тој сака Исус да му се поклони, да го обожава. Сатаната, всушност, се обидува да го приграби обожавањето кое му припаѓа само на Бога.

За да го постигне тоа, тој му ги покажува на Исуса „сите царства на светот и нивната слава“, а потоа ветува: „Сето ова ќе ти го дадам ако паднеш и ми се поклониш“ (Матеј 4,8.9). Навистина, во стихот Лука 4,6, кој е паралелен со овој текст во Евангелието според Матеј, ѓаволот вели: „Тебе ќе Ти ја дадам сета оваа власт и нивната слава, зашто мене ми е предадена, и ја давам кому што сакам“ (Лука 4,6).

Уште еднаш, Исус се спротивставува на искушението со помош на Светото писмо, и сатаната повторно доживува неуспех.

Во сите три случаи, Исус го користел Светото писмо за да се одбрани од нападите на непријателот.

**Стихот Ефесјаните 6,12 нè потсетува дека „нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата“. Иако не треба да живееме во страв, зошто секогаш треба да ја имаме на ум реалноста на таа борба што се одвива околу нас?**

# ПРИРОДАТА НА КОСМИЧКИОТ СУДИР

Разгледавме некои текстови кои учат за космичкиот судир меѓу Бога и сатаната. Но, како е воопшто можен таков еден судир? Како може некој да му се спротивстави на семоќниот Бог? Ако овој космички судир се однесувал само во поглед на силата, би бил завршен уште пред да започне. Затоа, тој судир е сигурно од некој друг вид. И навистина, Светото писмо открива дека во прашање е спор околу Божјиот карактер – судир во врска со клеветничките обвиненија што ѓаволот ги изнел против Бога, тврдејќи (меѓу другото) дека Тој не е целосно добар и полн со љубов. Ваквите тврдења не можат да се поништат со сила или со брутална сила, туку само со споредување на два спротивставени карактери.

„Во своето постапување со гревот, Бог можел да се послужи само со правдата и вистината. Сатаната го употребувал она што Бог не можел да го употреби – ласкање и измама. Се обидувал да ја искривоколчи Божјата реч, а планот на Божјето владеење погрешно им го претставувал на ангелите тврдејќи дека Бог не е праведен, зашто на небесните жители им поставува закони и прописи и сака самиот себеси да се извиши барајќи од нив покорност и послушност. Затоа пред небесните жители, како и пред сите светови, морало да се докаже дека Божјето владеење е праведно и неговиот Закон совршен. Сатаната настојувал да покаже како самиот тој да сака да ја унапреди благосостојбата на вселената. Бидејќи требало сите да го разберат вистинскиот карактер на овој бунтовник и неговата вистинска цел, на сатаната морало да му биде дадено време потполно да се открие низ своите безбожни дела“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 498 оригинал).

**Прочитајте ги стиховите Јован 8,44-45 во светлината на текстот Откровение 12,7-9. Што ни откриваат овие стихови за карактерот на ѓаволот и за неговата стратегија?**

---

Планот на ѓаволот отсекогаш бил да ги наведе создадените суштества да веруваат дека Бог не е навистина праведен и полн со љубов, и дека Неговиот закон е деспотски и штетен за нив. Не е ни чудо што Исус вели за ѓаволот дека тој е „лажливец и татко на лагата“ (Јован 8,44). Спротивно на тоа, Исус дошол да „сведочи за вистината“ (Јован 18,37) и директно да се спротивстави на лагите и клеветите на сатаната, со цел да го порази и на крајот да го уништи ѓаволот и неговата сила (1. Јованово 3,8; Евреите 2,14).

Текстот Откровение 12,9.10 го препознава сатаната како (1) „старата змија“, (2) оној што го обвинува Божјиот народ на небесниот суд и (3) владетел-ѕвер што го мами светот. Грчкиот збор преведен со „ѓавол“ едноставно значи „клеветник“, а тоа повторно покажува дека природата на судирот има врска со верувањата, вклучувајќи ги и верувањата за Божјиот карактер.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Големата борб*а од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Потеклото на злото“, стр. 492-504 оригинал.

„Светото писмо јасно учи дека Бог во никој поглед не е одговорен за појавувањето на гревот и никакво самоволно скусување на божествената милост ниту каква и да е несовршеност во Божјето владеење не дале повод за создавање на бунт. Гревот е неканет дојденик за чие што постоење не може да се најде причина. Тој е таинствен, необјаснив; да се оправда гревот би значело тој да се брани... Кога (сатаната) веднаш би бил уништен, тие (жителите на небото и другите светови) на Бога би му служеле повеќе од страв отколку од љубов. Влијанието на измамникот не би било наполно уништено, ниту пак духот на бунтот би бил наполно искоренет. На злото морало да му се дозволи да узрее. За добро на целата вселена во сите времиња било потребно сатаната поцелосно да ги развие своите начела, за сите созданија да можат да ги видат во вистинска светлина неговите обвинувања против божественото владеење со цел правдата, Божјата милост и непроменливоста на Божјиот закон никогаш повеќе да не бидат ставени под сомневање“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 492, 493, 499 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Многумина се прашуваат како едно безгрешно суштество како Луцифер можело да згреши тој прв пат. Зошто гревот е толку „таинствен“, „необјаснив“? Како можеме да го објасниме тој прв грев без да бараме изговори за него и да не го оправдуваме? Односно, зошто објаснувањето на неговото потекло би било исто како и да се оправдува?**

**2. Зошто Бог едноставно веднаш не го отстранил сатаната за повеќе да не постои? Зошто на злото „морало да му се дозволи да узрее“? Во која смисла тоа е за „добро на целата вселена во сите времиња“?**

**3. Зошто е толку важно да се разбере дека судирот меѓу Бога и сатаната не е прашање на гола физичка сила, туку судир од поинаков вид? Во кој поглед судирот околу карактерот има смисла на начин на кој судирот околу гола физичка сила не може да има?**

**4. Како разбирањето на тој судир, ја повлекува, така да се каже, завесата на страна, откривајќи во која смисла вашиот сопствен живот може да биде минијатура на тој космички судир? На кои сè начини дури и сега ја доживувате реалноста на тој судир? Како би требало да реагирате на тоа, за да покажете на чија страна сте навистина?**

**Лекција 10**
**Од 1 до 7 март**

# ПРАВИЛА НА АНГАЖИРАЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 10,1-14; Откровение 13,1-8; За Јов 1,1-12; За Јов 2,1-7; Јован 12,31; Јован 14,30; Марко 6,5; Марко 9,29.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кој прави грев, од ѓаволот е, зашто ѓаволот греши од почетокот. Па затоа и се јави Синот Божји, за да ги урне делата ѓаволски“ (1. Јованово 3,8).**

Еден можен наратив, кој ја открива природата на космичкиот судир, може да се најде во текстот 1. Царевите 18,19-40, за Илија на планината Кармил, каде што Господ ги разоткрива таканаречените „богови на народите“. Затоа што, зад сцената, се насира дека овие „богови“ сепак се нешто повеќе од плод на паганска имагинација. Зад „боговите“ кои народите во опкружувањето на Израел мислеле дека ги обожаваат, всушност, стои нешто друго.

„Им принесуваа жртва на злите духови, а не на Бога; на боговите, што не ги познаваа, на боговите нови и непознати, кои предците ваши не ги знаеја“ (5. Мојсеева 32,17). Павле додава дека „она што го принесуваат незнабошците како жртва, го принесуваат на демони, а не на Бога; јас, пак, не сакам да бидете во заедништво со демоните“ (1. Коринќаните 10,20).

Затоа, зад лажните „богови“ на народите стоеле преправени демони. Ова значи дека сите текстови во Светото писмо, кои се занимаваат со идолопоклонство и туѓи богови, се всушност текстови за „космичкиот судир“.

Со оглед на таквата заднина, темата за космичкиот судир станува поразбирлива. Таа вистина има огромни импликации за подобро разбирање на тој судир и начинот на кој тој го осветлува проблемот на злото.

## АНГЕЛ КОЈ ДОЦНИ

Како што видовме, лажните „богови“ на народите биле преправени демони. И на друго место гледаме докази дека демоните исфрлени од небото понекогаш стојат зад земните владетели. Тие непријателски сили можат да се спротивстават дури и на ангелските суштества што Бог ги испраќа.

**Прочитајте го текстот Даниел 10,1-14, обрнувајќи посебно внимание на стиховите 12 и 13. Што учат тие стихови, што е релевантно за космичкиот судир? Што мислите вие за тоа што некој „се противел“ на ангелот испратен од Бога дваесет и еден ден?**

---

Како е можно ангел испратен од Бога да биде задржуван три седмици? Бидејќи е семоќен, Бог секако имал моќ веднаш да му одговори на Даниел – во случај така да одлучел. Ако ја искористил својата моќ за да го стори тоа, можел да направи ангелот веднаш да се појави пред Даниел. Сепак, на ангелот испратен од Бога, „кнезот на персиското царство ми се противеше“ цели три седмици. Што се случувало тука?

„Три седмици архангел Гаврил се борел со силите на темнината, трудејќи се да го осуети влијанието што дејствувало врз умот на царот Кир… Било направено сѐ што Небото можело да направи за Божјиот народ. Победата конечно била извојувана; силите на непријателот биле сопрени за сето време на владеењето на царот Кир и неговиот син Камбис, кој владеел околу седум и пол години“ (Елена Г. Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 572 оригинал).

За воопшто да дојде до таков судир, Бог не смее да ја употреби сета своја моќ. На непријателот мора да му се дозволи извесна вистинска слобода и моќ што не се отстранува на своеволен начин, туку ограничена со одредени параметри познати на двете страни (а чии детали не ни се откриени). Очигледно, во космичкиот судир мора да има одредени параметри, во чиишто рамки дејствуваат дури и Божјите ангели, а за кои ќе зборуваме во наредните денови како „правила на ангажирање“.

Во извесна смисла, разбирањето на овие ограничувања не треба да ни биде тешко, ако сме ја сфатиле идејата, за која веќе стана збор, дека Бог прави сѐ само од љубов и дека љубовта, а не принудата, е темел на Неговото владеење. Оваа идеја, дека Бог дејствува само според принципите кои произлегуваат од љубовта, може да ни помогне подобро да ја разбереме големата борба.

**Како вие сте ги искусиле ограничувањата на таквото дејствување само врз принципите на љубовта, без никаква принуда? Што научивте за границите на моќта?**

## ЗМЕВОТ ОД ОТКРОВЕНИЕТО

Сеопфатниот преглед на демонските сили во космичкиот судир е содржан во книгата Откровение, каде што ѓаволот е прикажан како „големиот змев“ кој му се спротивставува на Бога и „ја мами целата вселена“ (Откровение 12,9).

**Прочитајте го текстот Откровение 13,1-8. Што ни е откриено тука за опсегот на јурисдикцијата на змевот (надлежност и авторитет)?**

---

Змевот (сатаната) не само што води војна против Бога (Откровение 12,7-9) и неговите слуги (на пример, Откровение 12,1-6), туку е прикажан и како владетел зад земните царства, кои веќе со векови го прогонуваат Божјиот народ.

Исто така, „змевот му ја даде силата своја, и престолот свој, и голема власт“ на ѕверот од морето (Откровение 13,2; споредете со текстовите Откровение 13,5; Откровение 17,13.14). На тој ѕвер од морето му била дадена „уста што зборуваше големи зборови и богохулства; и му се даде власт така да прави четириесет и два месеци“ (Откровение 13,5).

Така, сатаната (змијата, змевот) му дава моќ и владејачки авторитет на ѕверот (земна религиозно-политичка сила). Таа моќ се користи за да се узурпира правото на богослужение што му припаѓа на Бога. Ѕверот хули на Божјето име. Тој, исто така, води војна против Божјите свети (светите на Вишниот), па дури и ги победува, барем за извесно време. Таа власт и јурисдикција над целиот свет ѝ ја дава змевот, узурпирачкиот владетел на оваа планета.

Сепак, постојат и јасни ограничувања за сатаната и неговите претставници, вклучувајќи ги и временските ограничувања. „Затоа веселете се, небеса, и вие, кои живеете на нив! Тешко вам, кои живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слегол кај вас со голем гнев, бидејќи знае дека му останува малку време!“ (Откровение 12,12)

Сатаната знае „дека времето е кратко“ (Откровение 12,12), а настаните опишани во Откровението следат пророчки временски распоред, кој поставува посебни ограничувања (видете Откровение 12,14; Откровение 13,5) на владеењето на злите сили.

Навистина, Бог победува на крајот. „И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина“ (Откровение 21,4).

**Колку и да ни е тешко да го видиме сега, на крајот доброто засекогаш ќе триумфира над злото. Зошто е важно никогаш да не го заборавиме тоа прекрасно ветување?**

## СЛУЧАЈОТ НА ЈОВ

Во Книгата за Јов ни се дадени неколку фасцинантни сознанија за реалноста на големата борба.

**Прочитајте ги текстовите Книгата за Јов 1,1-12 и Книгата за Јов 2,1-7. Кои принципи на големата борба се разоткриени тука?**

---

---

Од тие стихови може да се соберат многу значајни детали. Прво, се чини дека тоа е сцена на некој вид небесен совет, а не само дијалог меѓу Бог и сатаната. Најверојатно во тоа се вклучени и други небесни суштества.

Второ, постои некаков спор, навестен од фактот дека Бог го прашува сатаната дали го зел предвид Јов. Зошто треба да го земе предвид Јов? Тоа прашање има смисла само во контекст на поголемиот тековен спор.

Трето, додека Бог го прогласува Јов за непорочен, чесен и богобојазлив, сатаната тврди дека Јов се бои од Бога само затоа што Тој го штити. Тоа претставува клевета и против Јов и против Божјиот карактер (споредете со текстовите: Откровение 12,10; Захарија 3).

Четврто, сатаната изјавува дека постоењето на Божјата заштита (ограда) околу Јов е нешто нечесно, и дека тоа го спречува да ги докаже своите обвинувања. Ова укажува на одредени ограничувања поставени на сатаната (правила на ангажирање), и дека тој очигледно веќе се обидел да му наштети на Јов.

Бог одговара на обвинението на сатаната пред небесниот совет со тоа што му дозволува да ја стави својата теорија на проба, но само во одредени граници. Прво, тој му дава моќ над сè што има Јов, но му забранува да го повреди Јов лично (Кнгата за Јов 1,12). Подоцна, бидејќи сатаната тврди дека Јов се грижи само за себе, Бог му дозволува да го повреди и него лично, но со обврска да му го поштеди животот (За Јов 2,3-6).

Сатаната навлекува бројни несреќи врз домот на Јов, но тој секој пат продолжува да го благословува Божјето име (За Јов 1,20-22; За Јов 2,9.10), покажувајќи дека обвиненијата на сатана се лажни.

Тука дознаваме многу, на пример, дека во космичкиот судир постојат правила на ангажирање. На небесниот суд постојат параметри во рамките на кои може да се решат обвинувањата против Бога, но на начин што Тој не ги нарушува светите принципи на својствената љубов, кои се основа на Неговото владеење и Неговото управување со вселената и со сите интелигентни суштества во неа.

**Овие небесни сцени од Книгата на Јов ни даваат фасцинантни увиди во реалноста на големата борба и во начинот на кој таа се одигрува овде на земјата.**

## ПРИВРЕМЕНИОТ ВЛАДЕТЕЛ НА ОВОЈ СВЕТ

Во претходните лекции видовме дека, во рамките на космичкиот судир, на сатаната и на неговите чети привремено им е доделена значителна јурисдикција во овој свет, но сепак ограничени со некакви правила на ангажирање.

Тие правила на ангажирање не само што ги ограничуваат дејствата на непријателот – ѓаволот и неговите чети – туку и Божјите напори да го отстрани или ублажи злото што (привремено) потпаѓа под јурисдикција на непријателот. Бидејќи Господ никогаш не ги прекршува Своите ветувања, Тој, во морална смисла, го ограничил своето идно дејствување до онаа мера до која се согласил со правилата на ангажирање – со што му дал привремена и ограничена власт на ѓаволот (без притоа да ја намали Неговата својствена моќ).

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 12,31; Јован 14,30; Јован 16,11; 2. Коринќаните 4,4 и Лука 4,6. Што можеме да научиме од овие текстови за владеењето на непријателот на овој свет?**

---

---

Новиот завет го прикажува судирот на царствата – царството на светлината и царството на темнината, при што темнината доаѓа од сатаната и неговиот бунт. Дел од Христовата мисија била да го победи царството на сатаната: „Затоа и се јави Синот Божји, за да ги урне делата ѓаволски“ (1. Јованово 3,8).

Меѓутоа, постојат „правила“ кои го ограничуваат она што Бог може да го направи, а да остане верен на принципите кои стојат зад Неговото владеење. Во најмала рака, тие ограничувања вклучуваат: (1) давање слободна волја на созданијата и (2) заветни правила на ангажирање, со кои, барем засега, ние не сме запознаени. Ваквите пречки и ограничувања на божественото дејствување имаат значителни импликации во поглед на Божјата способност, во морална смисла, да го намали и/или веднаш да го отстрани злото што постои во овој свет. Затоа гледаме дека злото и страдањето продолжуваат, што навистина може да наведе многумина да се посомневаат или во Божјото постоење или во Неговата добрина. Меѓутоа, кога ќе ја согледаме задднината на големата борба и ограничувањата што Бог си ги поставил себеси, кога станува збор за справување со злото, тогаш можеме, макар донекаде, подобро да разбереме зошто сè е онака како што е – барем до конечната Божја победа над злото.

**Како, фактот што Исус го нарекува сатаната „кнез“ на овој свет, ни помага да го разбереме, макар донекаде, злото што моментално постои на овој свет? Колку е утешно да се знае дека тоа е, навистина, само привремено правило!**

## ГРАНИЦИ И ПРАВИЛА

Космичкиот судир е првенствено спор околу Божјиот карактер, предизвикан од ѓаволовите клеветнички обвинувања против Божјата добрина, правда и владеење. Тоа е еден вид космичка заветна судска парница.

Таквиот судир не може да се реши со гола сила, туку, наместо тоа, бара докажување.

Ако се упатат сериозни обвинувања против лице кое е на власт, најдобриот (а можеби и единствениот) начин да се побијат тие оптужби би бил да се дозволи слободна, чесна и отворена истрага. Ако овие оптужби го загрозуваат комплетното владеење (на љубовта), тие не можат тукутака да бидат ставени под тепих.

Што значи сето ова за разбирање на космичкиот судир и односот спрема проблемот на злото? Ако Бог даде некое ветување, дали некогаш ќе го прекрши? Секако дека не. Според тоа, до онаа мера до која Бог се согласува со правилата на ангажирање, Неговото идно дејствување ќе биде (во морална смисла) ограничено. И затоа одредени зла, како такви, можат да спаѓаат во привремениот домен на царството на темнината.

**Прочитајте Марко 6,5 и Марко 9,29. Како овие текстови ни покажуваат дека дури и божественото дејствување може да биде нераскинливо поврзано со фактори како што се верата и молитвата?**

Во двата наратива, постои впечаток дека се присутни извесни ограничувања или правила на ангажирање, динамички поврзани со нешто како што се верата и молитвата. На други места гледаме изобилни докази дека молитвата внесува огромни промени во овој свет, отворајќи ги патиштата за божественото дејствување, кои инаку (во морална смисла) не би биле достапни. Меѓутоа, не треба да паднеме во заблуда мислејќи дека верата и молитвата се единствените фактори. Веројатно има многу други фактори за кои можеби не сме свесни.

Ова се совпаѓа со она што го видовме претходно за правилата на ангажирање. До степен до кој Бог се обврзува или се согласува со некои правила на ангажирање, Неговото идно дејствување ќе биде (во морална смисла) ограничено. Затоа одредени зла, како такви, можат да потпаднат под привремениот домен на царството на темнината.

**Прочитајте Римјаните 8,18 и Откровение 21,3-4. Како овие текстови ни влеваат сигурност, така што, и покрај тоа што многу работи не ни се познати, можеме да веруваме дека Бог знае што е најдобро, дека Тој ни го посакува најдоброто, дека ќе стави крај на злото и ќе нѐ воведе во вечноста полна со блаженство?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Testimonies for the Church*, vol. 1 (Сведоштва за црквата, кн. 1) од Елена Г. Вајт прочитајте ја главата со наслов „Моќта на сатаната“, стр. 341-347.

„Со падот во грев човекот станал законски заробеник на сатаната. Христовата мисија на Земјата била да го ослободи човекот од власта на неговиот голем непријател. Човекот по својата природа е наклонет да подлегнува на сугестиите на сатаната, и затоа не е во состојба успешно да се спротивстави на толку страшниот противник, освен ако Христос, како силен Победник, не живее во него, насочувајќи ги неговите копнежи и давајќи му сила. Само Бог може да ја ограничи силата на сатаната. Сатаната слободно се движи на сите страни на Земјата, ја обиколува по должина и попречно. Тој ниту за момент не ја намалува својата будност, плашејќи се да не пропушти некоја шанса за уништување на душите. За Божјиот народ многу е важно да го разбере ова, за да може да ги избегне неговите стапици. Своите измами сатаната ги подготвува толку вешто, за припадниците на Божјиот народ, во последниот судир со него, да не можат да го препознаат. 'И не е никакво чудо, зошто и самиот сатана се престорува во ангел на светлината' (2. Коринќаните 11,14). И додека некои измамени души го застапуваат мислењето дека сатаната не постои, тој ги држи во свое ропство и успешно работи преку нив. Тој знае дури и подобро од припадниците на Божјиот народ, каква моќ тие можат да имаат во борбата со него, ако својата сила ја добиваат од Христа. Дури и најслабиот верник, кога цврсто ќе се потпре на Христос и понизно побара помош од Него како од моќен Победник, може со голем успех да го одбие сатаната и целата негова војска. Сатаната е премногу лукав за да настапи отворено и дрско со своите искушенија, бидејќи заспаните сили на христијанинот тогаш би се разбудиле и тој би се потпрел на силата на својот моќен Спасител. Затоа тој се приближува незабележливо, и делува маскиран преку синовите на непослушноста кои исповедаат побожност“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* vol. 1, p. 341).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Што значи да се биде „законски заробеник на сатаната“? Дали ова значи дека ѓаволот може да прави што сака со луѓето? Ако не, зошто? Каква врска постои меѓу ова и она што можеме да го наречеме „правила на ангажирање“ во космичкиот судир?**
2. **Зошто Бог би му дал на сатаната каква било јурисдикција во космичкиот судир, макар и привремено? Што ни кажува ова за начинот на кој Бог настојува да одговори на обвиненијата на сатаната?**
3. **Како вие одговарате на оние, дури и на христијаните, кои го негираат постоењето на сатаната како вистинско суштество? Иако не можеме да го докажеме постоењето на сатаната, кои докази сепак можеме да ги собереме за да му помогнеме на некој што е во толкава мера измамен?**

**Лекција 11**
**Од 8 до 14 март**

# ШТО УШТЕ МОЖЕВ ДА НАПРАВАМ?



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 18,37; Римјаните 3,23-26; Римјаните 5,8; Исаија 5,1-4; Матеј 21,33-39; Исаија 53,4; Римјаните 3,1-4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СИХОТ: „Пилат на тоа му рече: 'Сепак си Цар?' Исус одговори: 'Ти велиш дека Сум Цар. Јас се родив за тоа и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината. Секој - кој е од вистината - го слуша Мојот глас'" (Јован 18,37).**

Пред неколку години, во списанието Guide (Водич) беше објавена длабокоумна приказна за деца. Приказната се однесува на момче по име Денис, сираче кое живее во згрижувачко семејство во средновековно време. Денис жестоко го мрази царот на својата земја затоа што војниците на царот го однеле од дома кога неговите родители се разболеле, и тој никогаш повеќе не ги видел. Дури подоцна дознал дека царот ги разделил за да го поштеди, за да не мора да ги преживее сите ужаси на црната чума. Таа вистина за царот го ослободила Денис од омразата што ја негувал речиси цел живот. Тој цар секогаш и во секој случај правел потези од љубов кон својот народ.

Многу луѓе денес, во извесна мера, гледаат на Бога како што Денис гледал на тој цар. Злото што го гледале или го искусиле, ги наведува да го мразат и отфрлаат Бога. Каде е Бог кога страдаме? Ако Бог е добар, зошто има толку многу зло? Космичкиот судир фрла светлина врз тој клучен проблем, но остануваат многу прашања. Сепак, ако по сите обиди не добиеме задоволителен одговор, и понатаму можеме да погледнеме кон Исуса на крстот и во Него да видиме дека можеме да му веруваме на Бога, и покрај сите прашања кои засега остануваат без одговор.

# ХРИСТОС ПОБЕДОНОСЕЦ

Иако има непријател на дело, за кој самиот Христос вели дека е (узурпирачкиот) „кнез на овој свет“, вистинскиот цар на вселената е Исус Христос. Исус победува за нас, и во Него можеме да имаме победа, дури и среде тешкотии и страдања. Навистина, Христовото дејствување го одбива непријателот на секој чекор.

Видовме дека Светото писмо го опишува ѓаволот како некој кој е:

(1) измамник кој го мами целиот свет од самиот почеток (Откровение 12,9; Матеј 4,3; Јован 8,44; 2. Коринќаните 11,3; 1. Јованово 3,8).

(2) клеветник и обвинувач на Бога и на Неговиот народ на небото (Откровение 12,10; Откровение 13,6; Јов 1-2; Захарија 3,1.2; Јуда 9).

(3) узурпаторски владетел на овој свет (Јован 12,31; Јован 14,30; Јован 16,11; Дела 26,18; 2. Коринќаните 4,4; Ефесјаните 2,2; 1. Јованово 5,19).

**Прочитајте го стихот Јован 18,37. Што ни кажува тоа за Христовото дејствување во спротивставувањето на измамите на непријателот? Што значи тоа дека Исус е Цар?**

---

---

Иако Светото писмо учи дека сатаната е главниот измамник, клеветник, обвинувач и узурпирачки владетел на овој свет, тоа исто така учи дека Исус го победил сатаната во секој поглед.

(1) Исус за себе вели: „Јас за тоа се родив и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината“ (Јован 18,37);

(2) Преку крстот, Исус на врвен начин ја покажал Божјата совршена праведност и љубов (Римјаните 3,25.26; Римјаните 5,8), со што ги побил клеветничките обвиненија на ѓаволот (Откровение 12,10,11);

(3) Исус на крајот ќе го уништи царството на ѓаволот, кој знае „дека му останува малку време“ (Откровение 12,12; споредете со Римјаните 16,20), и „Тој ќе царува во сите векови!“ (Откровение 11,15)

На крајот на краиштата, што и да прави сатаната, тој е веќе поразен непријател, а за нас од клучна важност е да ја бараме Христовата победа за себе си секој ден, од миг во миг, и исто така да се повикуваме на ветувањата што ни ги нуди крстот.

**Ние знаеме која страна победува во големата борба. Како нашите секојдневни избори влијаат на тоа на која страна на крајот ќе се најдеме? Што треба да преземеме за да бидеме на победничката страна уште во овој момент?**

## ОНОЈ КОЈ Е ПРАВЕДЕН И КОЈ ОПРАВДУВА

Христовото дело го *поништува* ѓаволското дело на секој чекор. Според стихот 1. Јованово 3,8, „затоа и се јави Синот Божји, за да ги урне делата ѓаволски“ (1. Јованово 3,8) и „да го победи оној што ја има власта над смртта, односно ѓаволот“ (Евреите 2,14). Меѓутоа, целосниот пораз на непријателската власт се одвива во две фази. Прво, преку крстот, Христос ги побива сатанските клеветнички обвинувања. А потоа, подоцна, сатаната и неговото царство се уништени.

**Прочитајте Римјаните 3,23-26 и Римјаните 5,8. Што ни откриваат овие пасуси за начинот на кој Христос ги побива обвинувањата на ѓаволот?**

---

---

Како што видовме, непријателот тврди дека Бог не е целосно праведен и полн со љубов. Меѓутоа, преку Христа Бог ја пројавил својата праведност и љубов до крај, и тоа го направил на крстот.

По Исусовата смрт, „сатаната увидел дека неговата лага е разобличена. Пред безгрешните ангели и пред вселената е откриено неговото владеење. Се открил себеси како убиец. Пролевајќи ја крвта на Божјиот Син, загубил секаква наклоност кај небесните суштества“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 761 оригинал).

**Прочитајте го текстот Откровение 12,10-12 во светлината на Битие 3,15. Каква светлина фрла тој пасус врз значењето на Христовата победа на крстот?**

---

---

Историјата на искупувањето обезбедува изобилство докази кои нè уверуваат дека Бог секогаш работи на она што на крајот ќе биде добро за сите заинтересирани. Бог на Светото писмо секогаш го прави она што е добро и пожелно, земајќи ги предвид пристапните патишта што му стојат на располагање во големата борба (5. Мојсеева 32,4; 1. Самоилова 3,18; Псалм 145,17; Даниел 4,37; Авакум 1,13 Откровение 15,3; 1. Мојсеева 18,25).

**Зошто е толку важно јавното покажување на Божјата праведност и љубов во космичкиот судир? Кога размислувате за крстот и за Божјите дела во планот на спасението, како тие дела ви влеваат сигурност во Божјата љубов, дури и среде искушенијата и страдањата?**

# ПЕСНА НА МОЈОТ ВОЗЉУБЕН

Бог ја покажал својата љубов и правда на неверојатни начини среде космичкиот судир. Сепак, некои би можеле да прашаат, дали Бог требало да стори повеќе отколку што направил за да го спречи и/или да го отстрани злото? Досега ја разгледувавме рамката на космичкиот судир, која укажува на тоа дека Бог во своите постапки ја почитува слободната волја неопходна за најголем можен процут на односот проникнат со љубов меѓу Него и човечкиот род. Освен тоа, видовме дека Тој несомнено работи во рамките на извесни морални ограничувања, или правила на ангажирање, во контекст на космички спор околу Неговиот карактер, кој може да се реши само со јавно покажување на Неговата љубов.

**Прочитајте го текстот Исаија 5,1-4. Кој зборува во тие стихови? За кого зборува Исаија? Кого го претставуваат лозјето и сопственикот на лозјето? Кое е значењето на постапките на сопственикот во корист на лозјето? Каков е резултатот?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Во тие стихови Исаија пее песна за својот сакан, за лозјето. Сопственикот на лозјето е самиот Бог, а лозјето го претставува Божјиот народ (видете, на пример, Исаија 1,8; Еремија 2,21). Меѓутоа, импликациите на тој текст можат, во поширока смисла, да се однесуваат и на Божјото дело во светот. Според тие стихови, сопственикот на лозјето (Бог) направил сè што можело разумно да се очекува за да обезбеди процут на неговото лозје. Лозјето требало да даде добро грозје, но родило само „див ластар“, кој во другите преводи се спомнува како нешто „безвредно“. Навистина, еврејскиот текст овде буквално може да се преведе како смрдливо овошје. Божјото лозје раѓа расипано грозје.

Стихот Исаија 5,3 потоа се осврнува на Самиот Бог кој зборува, повикувајќи ги луѓето да „судат“ меѓу Него и Неговото лозје. И во стихот Исаија 5,4, самиот Бог го поставува најважното прашање: „Што уште требаше да направам за Моето лозје и не го направив? Зошто, кога очекував принос од добро грозје, тоа даде диво грозје?“ Што друго можел да направи? Колку е фасцинантно тоа што Тој дури и другите ги повикува да судат за тоа што Тој го направил.

**Кога ќе го погледнете крстот на кој Бог се принел Себеси како жртва за сиот наш грев, како тие Негови зборови: „Што уште требаше да направам за Моето лозје и не го направив?“ – попримаат сосем неверојатно значење?**

## ХРИСТОВА ПАРАБОЛА ЗА ЛОЗЈЕТО

Во својата парабола за сопственикот на лозјето, во Матеј 21 глава, Исус продолжува таму каде што текстот Исаија 5 застанува, фрлајќи дополнителна светлина врз карактерот на сопственикот и неговите постапки во полза на лозјето.

**Прочитајте го текстот Матеј 21,33-39, имајќи го посебно на ум прашањето од стихот Исаија 5,4. Што друго можел Бог да направи освен она што го направил?**

---

Првиот дел од Христовата парабола директно ја цитира песната од текстот Исаија 5, за сопственикот и неговото лозје. А потоа Исус додава дека сопственикот го дава своето лозје „под наем на земјоделците" (Матеј 21,33). Меѓутоа, подоцна, Сопственикот двапати ги испраќа Своите слуги (пророци) да го соберат плодот, но оние што го изнајмиле лозјето ги тепаат и ги убиваат Неговите слуги (Матеј 21,34-36). На крајот, Тој го испраќа Својот Син (Исус) велејќи: „Ќе се засрамат од мојот син" (Матеј 21,37). Но, тие го убиваат и Неговиот Син, велејќи: 'Овој е наследникот! Ајде да го убиеме и да го присвоиме неговото наследство!' И го фатија, го исфрлија надвор од лозјето и го убија" (Матеј 21,38.39).

Што друго можел да направи? Таткото нè засакал толку многу што го дал својот возљубен Син (Јован 3,16). Ако космичкиот судир навистина е од таква природа како што предлагаме во оваа поука, тогаш тој не би можел да се реши предвреме, со примена на божествената сила, туку барал најнапред Божјиот карактер да биде јавно покажан. И тој се покажа на врвен начин во Христовото дело (Римјаните 3,25.26; Римјаните 5,8). Што би можеле да бараме повеќе од тоа – Бог (во Христа) да се предаде себеси да умре за нас, за да може да нè оправда, а во исто време со ништо да не ја загрози својата правда и совршена љубов?

Она што се случило на крстот покажува дека Бог направил сè што можело да се направи за да го ублажи и отстрани злото, но на таков начин што нема да го уништи опкружувањето неопходно за процут на вистинската љубов. Кога на Бога би му стоело на располагање каков било друг поповолен пат, зар Тој не би го избрал? Иако луѓето во голема мера страдаат во тој космички судир, сепак најмногу страда самиот Бог. Навистина, кога ќе го погледнеме на крстот, можеме да видиме какво страдање и болка му предизвикал гревот на самиот Бог. Сепак, слободата, која не може да се одвои од љубовта, била толку света, што Христос бил подготвен сето тоа да го претрпи за нас.

**Прочитајте го текстот Исаија 53,4. Чии „болести" и „немоќи" ги понел Христос на крстот? Што ни кажува тоа за сето она што Бог го направил за нас и за тоа колку Го чинело нашето спасение?**

# ОДБРАНА НА БОЖЈЕТО ИМЕ

На крајот, Божјето име е одбранeто на секој можен начин. Преку дејствувањето на Отецот, Синот и Светиот Дух во рамките на планот на спасението, Божјата совршена праведност и љубов се манифестираат без какво било сомневање (видете Римјаните 3,25.26; Римјаните 5,8).

**Прочитајте Римјаните 3,1-4 во светлината на стиховите Исаија 5,3-4. Што можеме да научиме овде во поглед на тоа дека и сам Бог се оправдува преку космичкиот судир?**

---

---

Во текстовите како Римјаните 3 и Исаија 5, гледаме дека Бог (во донекаде ограничена смисла) ги повикува созданијата да судат за неговиот карактер, иако тие немаат право на тоа, ниту се во позиција да го прават тоа. На крајот, кога ќе се отворат сите „книги“, ќе го видиме доказот дека Бог е совршено чесен и праведен. Да, Бог ќе биде оправдан пред сите разумни созданија.

**Прочитајте Откровение 15,3 и Откровение 19,1-6. Што нè учат овие стихови за тоа како ќе биде одбранeто Божјето име на крајот?**

---

Во целото Свето писмо, Бог покажува заинтересираност за своето име.

Зошто? Затоа што не можете да имате длабок заемен однос, проникнат со љубов, со некој чиј карактер го презирате или кому не му верувате. Ако некој му каже на вашиот сегашен или иден сопружник ужасни лаги за вашиот карактер, вие би направиле сè што е во ваша моќ за да се спротивставите на таквите тврдења, бидејќи ако се поверува во нив, тоа би го нарушило вашиот однос полн со љубов.

На крајот, Бог е оправдан благодарение на крстот и на целокупниот план на спасение. На предадвентниот суд, Бог е одбранет пред вселената која сето тоа го набљудува.

Потоа, на постадвентниот суд, за време на кој откупените ќе им судат дури и на ангелите (1. Коринќаните 6,2.3), Бог ќе биде оправдан, кога на откупените ќе им биде дадена можност да ги прегледаат записите и сами за себе да се уверат зошто Бог постапувал така како што постапувал, и дека Неговите судови секогаш биле совршено праведни и водени од љубовта. За сега, кој од нас нема многу прашања на кои сè уште треба да се одговори? Но, пред сè да заврши, ќе добиеме одговори на тие прашања (видете 1. Коринќаните 4,5).

**И конечно, секое колено ќе се поклони, и секој јазик ќе признае дека Исус е Господ (Филипјаните 2,10.11). Сето тоа е дел од одбраната на Божјиот карактер.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Testimonies for the Church*, vol. 9 (Сведоштва за црквата, кн. 9) од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „The Reward of Earnest Effort“ („Награда за сесрдниот труд“), стр. 285-288.

„Сето она што нè збунувало во врска со Божјото провидение, ќе биде разјаснето во идниот свет. Тогаш ќе ни биде разјаснето она што сега тешко може да се разбере. Тајните на благодатта ќе се разоткријат пред нас. Таму каде што нашиот ограничен ум гледал само збрка и неисполнети ветувања, ќе видиме најсовршена и најубава хармонија. Ќе увидиме дека токму бескрајната љубов одредила да го доживееме она што ни изгледало потешко од сè. Кога ќе ја согледаме нежната грижа на Оној кој прави сè што ќе нè снајде да биде за наше добро, тогаш ќе доживееме неискажлива радост и слава“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* vol. 9, p. 286).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Дали сте биле збунети кога сте се обидувале да го разберете Божјото провидение? Каква утеха ви дава сознанието дека на крајот сè ќе биде разјаснето?**

**2. Размислете од што се откажал Христос за да стане човек и да умре за овој свет. А потоа запрашајте се што ни кажува тоа за Божјата љубов и за тоа дали може Нему да му веруваме. Што друго можел да направи?**

**3. Што е толку важно во врска со Божјето „име“? Какви импликации има тоа за нас, кои се нарекуваме христијани? На кои сè начини христијаните понекогаш му нанесуваат срам на Христовото име, и што можеме да направиме во нашите локални заедници за да покажеме како изгледа следењето на Христа во пракса?**

**4. На крајот на краиштата, дури и нашите најдобри „одговори“ на проблемот со злото за сега се нецелосни. Што можеме да направиме во пракса за да им се приближиме на оние кои страдаат и да ги ублажиме страдањата на овој свет, додека го чекаме конечното, есхатолошко решение на проблемот со злото, кое само Бог може да го донесе?**

**5. Задржете се уште малку на стихот Исаија 53,4, на фактот дека Христос ги понел нашите „болести“ и „слабости“. Што, во посебна смисла, се случило на крстот што ни помага да го разбереме планот на спасение и цената што Бог ја платил за да нè спаси?**

**Лекција 12**
**Од 15 до 21 март 2025**

# ЉУБОВТА И ПРАВДАТА - ДВЕТЕ НАЈГОЛЕМИ ЗАПОВЕДИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 22,34-40; Захарија 7,9-12; Псалм 82; Михеј 6,8; Матеј 23,23-30, Лука 10,25-37.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ако некој рече: ‘Го љубам Бога’ а го мрази својот брат, тој е лажливец: зашто, кој не го љуби својот брат, кого го видел, како може да Го љуби Бога, Кого не го видел?“ (1. Јованово 4,20)**

Иако имаме доверба дека Бог на крајот ќе доведе сè во ред, сепак е многу важно она што ние како христијани го правиме овде и сега. Иако има многу неправди и зла кои Бог за сега не ги искоренува (поради одредени параметри на космичкиот судир), тоа не значи дека не можеме да бидеме употребени за да придонесеме за ублажување на страдањата и злото каде и да наидеме на него, барем во онаа мера до која е тоа можно. Како христијани, ние, всушност, сме должни да го правиме тоа.

Како што видовме, љубовта и правдата одат заедно. Тие се неразделни. Бог ја сака правдата. Затоа, ако го сакаме Бога, и ние ќе ја сакаме правдата.

Исто така, ако го сакаме Бога, ќе се сакаме и едни со други. А составен дел на таа љубов еден кон друг е и покажувањето заинтересираност за доброто на оние околу нас. Кога другите се погодени од сиромаштија, злоупотреба или каква било неправда, тоа треба да нè загрижи и нас. Кога другите трпат насилство, не треба да замижуваме пред тоа. Наместо тоа, треба да се запрашаме што можеме да направиме, поединечно и како заедница, за да ја шириме Божјата љубов и правда на начин што, во овој расипан свет, ќе го одразува совршениот карактер на праведноста и љубовта на нашиот Господ.

## ДВЕТЕ НАЈГОЛЕМИ ЗАПОВЕДИ

Кога размислуваме за тоа што би можеле да направиме, поединечно и како заедница, за да ја шириме Божјата љубов и правда во нашиот свет, соодветно е за почеток да обрнеме внимание на она што Бог ни заповедал.

**Прочитајте го текстот Матеј 22,34-40. Како одговорил Исус на прашањето на тој познавач на законот?**

---

---

Според самиот Исус, „првата и најголема заповед" е: „Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум". „А", додава Исус, „втората е слична на неа: ‚возљуби го својот ближен како себеси'." Меѓутоа, тие две заповеди не стојат сами. Исус понатаму поучува: „На тие две заповеди се држат целиот Закон и Пророците" (Матеј 22,37-40). Навистина, и самите тие се цитати од Стариот завет.

**Прочитајте го текстот Матеј 19,16-23. На кој начин Исусовите одговори на прашањата на богатиот млад поглавар се поврзани со Неговите одговори на прашањето на законикот во текстот Матеј 22?**

**Што се случувало таму? Зошто Исус одговорил на тој млад човек на таков начин? И што треба да ни кажат тие средби на сите нас, без разлика на нашата положба или статус во животот?**

---

---

„Христос ги одредил единствените услови што би можеле да му помогнат на поглаварот да го усоврши христијанскиот карактер. Неговите зборови биле зборови на мудрост, иако изгледале строги и дека многу бараат. Единствена надеж за спасение на овој поглавар била да ги прифати и да ги послуша. Неговата висока положба и неговиот имот неусетно внесувале зло во неговиот карактер. Ако ги негува, тие ќе го заменат Бога во неговите мисли. Да се закине Бог малку или многу значи да се задржи она што ја намалува неговата морална сила и делотворност; ако грижливо се негува она што е световно, колку и да е несигурно или безвредно, тоа ќе преовладее" (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 520 оригинал).

**Иако можеби нема сите да бидеме повикани да го продадеме сето она што го имаме како тој богат млад поглавар, за што вие лично сè уште се држите и кое, ако не се откажете од тоа, може да доведе до ваша вечна пропаст?**

## ДВАТА НАЈГОЛЕМИ ГРЕВА

Според самиот Исус, двете најголеми заповеди се да го сакаме Бога и да се сакаме едни со други. А спроведувањето на тие заповеди подразбира жртви, кои на опиплив начин покажуваат љубов кон другите, што впрочем претставува суштина на тоа што значи да се следи Исус.

Е сега, ако двете најголеми заповеди се да се сака Бог и да се љубат другите, тогаш кои се двата најголеми грева?

**Прочитајте го текстот Псалм 135,13-19. Што ни се открива овде за еден вообичаен грев, кој се нагласува во целото Свето писмо?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Стариот завет постојано нагласува колку е важно да се сака Бог над сè друго (видете го стихот 5. Мојсеева 6,5). Тоа е тесно поврзано со големиот грев на идолопоклонството, што всушност е спротивно на љубовта кон Бога.

**Прочитајте го текстот Захарија 7,9-12. Според пророкот Захарија, што осудува Бог во тој текст? Во каква врска е тоа, како и гревот на идолопоклонството, со двете големи заповеди?**

______________________________________________

______________________________________________

Идолопоклонството не е единственото нешто на кое Бог одговара со гнев од љубов, туку тоа е и злоупотреба на Неговиот народ, поединечно или како заедница. Бог се лути на неправдата затоа што Тој е љубов.

Двата големи грева, кои се нагласуваат во целиот Стар завет, се всушност пропусти во врска со двете големи заповеди: да го сакаме Бога и да се сакаме едни со други. Според тоа, двата најголеми грева се одраз на недостаток на љубов. Накратко, не можете да ги држите заповедите ако не го љубите Бога и ако не ги сакате ближните.

Навистина, текстот 1. Јованово 4,20.21 потврдува: „Ако некој рече: 'Го љубам Бога', а го мрази брата си, лажец е; зашто кој не го љуби брата си, кого го видел, не може да Го љуби Бога, Кого не Го видел. И оваа заповед ја имаме од Него: кој Го љуби Бога, да го љуби и својот брат".

**Како би објасниле зошто љубовта кон Бога не може да се одвои од љубовта кон другите? Како ја разбирате таа нераскинлива поврзаност?**

# БОГ ЈА САКА ПРАВДАТА

Светото писмо објавува дека Бог ја сака правдата, а го мрази злото (на пример, Псалм 33,5; Исаија 61,8). Тој е длабоко загрижен поради неправдата, која предизвикува Негова праведна огорченост во полза на сите оние што се жртви на неправдата. Во целиот Стар и Нов завет Бог постојано и огнено се залага за обесправените и злоупотребените, додека во исто време изразува праведен гнев против насилниците и злупотребувачите.

**Прочитајте го текстот Псалм 82. Како овој псалм ја изразува Божјата заинтересираност за правдата во светот? Што би можело да значи тоа за нас денес?**

---

---

Како што разбираат многу коментатори, тој псалм ги осудува земните владетели одговорни за неправдата во општеството, а се однесува и на времето кога Бог ќе им суди на демоните исфрлени од небото („боговите“), кои стојат зад корумпираните судии и владетели на овој свет (демонски сили, очигледно). Конкретно, на владетелите им се поставува прашањето: „До кога ќе судите неправедно и спрема нечестивите ќе покажувате пристрасност?“ (Псалм 82,2)

Понатаму, ним им е дадено задолжение: „Бидете праведни кон сирак и беден, праведен и сиромав; ослободувајте го сиромавиот и бедниот од рацете на нечестивите“ (Псалм 82,3.4). Овде и на други места, пророците од Стариот завет упатувале јасен повик за правда. Тоа не е некоја периферна тема во Светото писмо. Тоа е главен дел од пораката на пророците во Стариот завет и она што Исус го зборувал додека бил овде во тело.

Не е никаква тајна што сака и бара Бог од оние кои тврдат дека го љубат и му се покоруваат. Тој јасно го прецизира ова во стихот Михеј 6,8 (и во слични текстови на други места): „О, човеку, речено ти е што е добро, и што бара од тебе Господ; да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог?“

Таа мисла одекнува низ Светото писмо. На пример, Исус вели: „По тоа сите ќе знаат дека сте мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,35; споредете со текстот 1. Јованово 4,8-16).

**Како би изгледале нашите семејства кога би посветиле посебно внимание на стихот Михеј 6,8 и свесно би го спроведувале во дело, со збор и постапки? Без оглед на околностите во кои се наоѓате, како би можела подобро да дојде до израз примената на тие принципи во вашиот живот?**

## ПОВИКАН ДА ВОСПОСТАВИ ПРАВДА

Пророците во Светото писмо постојано го истакнуваат Божјиот повик за правда во светот. Секогаш одново гледаме дека Светото писмо не се притеснува да го нагласи проблемот со неправдата и угнетувањето. И самиот повик до Бога да донесе суд, всушност, бил повик до Бога да воспостави правда.

На пример, пророкот Исаија не ги ублажува зборовите кога зборува за неправдата во Израел во тоа време. И тие негови зборови и повикот за правда треба да одекнат гласно и јасно во нашите уши денес. „Научете се да правите добро, барајте правда, спасувајте угнетен, заштитувајте сирак, застапувајте се за вдовица“ (Исаија 1,17). Понатаму, тој најавува дека ќе биде „тешко“ за оние што „создаваат неправедни закони“ и кои ги отстрануваат „сиромасите од правосудието“ (Исаија 10,1.2). Таквите тој ги предупредува: „А што ќе правите вие во денот на посетата, кога смртта ќе дојде оддалеку? Кон кого ќе прибегнете за помош? Каде ќе го оставите богатството свое?“ (Исаија 10,3)

На ист начин, и пророкот Еремија ја објавува Божјата порака: „Тешко му на оној, кој гради своја куќа со неправда, и свои соби – со беззаконие, кој го присилува ближниот свој да му работи без награда и не му дава плата... Татко ти јадеше и пиеше, но вршеше суд и правда, па затоа му беше добро. Тој го бранеше правото на бедниот и на сиромавиот, и затоа му беше добро. Зар не значи тоа дека некој Ме познава? – вели Господ“ (Еремија 22,13.15.16).

**Прочитајте Матеј 23,23-30. Што учи Исус овде за она што е најважно? Според вас, што мисли Тој кога зборува за „најважното“?**

________________________________________

________________________________________

За да не помисли некој дека неправдата ги загрижувала само старозаветните пророци, овде и во други прилики јасно гледаме дека тоа било главна преокупација и на самиот Христос за време на Неговата служба. Како што Тој вели: „Тешко вам, книжници и фарисеи, лицемери, зашто давате десеток од нане, копра и ким, а сте го оставиле најважното во Законот: праведноста, милоста и верата; ова требаше да го правите, а и она да не го оставате“ (Матеј 23,23). Во паралелниот пасус во Евангелието според Лука, Исус се жали што тие ги „занемаруваат“ „правдата и љубовта Божја“ (Лука 11,42).

**Ако денес треба да се сосредоточите на „она што е најважно“, како би изгледало тоа, наспроти „десеток од нане и рута, и од секаков зеленчук“ на кои можеби сте фокусирани?**

## КОЈ Е МОЈОТ БЛИЖЕН?

Во извештајот на Лука, веднаш откако Исус ги објавил двете најголеми заповеди, за љубовта кон Бога и љубовта кон ближните, законикот „сакајќи да се оправда, Му рече на Исус: ‘А кој е мој ближен?’“ (Лука 10,29). Како одговор, Исус ја кажува денес познатата, но тогаш шокантна парабола за добриот Самарјанец.

**Прочитајте ја параболата за добриот Самарјанец во Лука 10,25-37. Што ни кажува таа во светлината на пророчкиот крик за милост и правда и во светлината на сите неправди што одредени општествени групи им ги нанесувале на „другите“ низ целата човечка историја?**

___

___

Исус не зборувал само за правдата, туку Тој дошол и да ја донесе. Тој бил и ќе биде исполнување на пророчкиот повик и желба за правда (видете го текстот Лука 4,16-21 во светлината на стиховите Исаија 61,1.2). Тој е копнеж на сите народи, а особено на оние кои ја препознаваат својата потреба за избавување.

Во директна спротивност на непријателот кој ја приграбил власта и се обидел да го узурпира Божјиот престол, Исус се понизил себеси и се поистоветил со оние кои се под гревот, кои трпат неправда и насилство (без самиот да биде заразен од гревот). И го победил непријателот давајќи се себеси во љубовта, за да се утврди правдата – како Оној кој е праведен и ги оправдува сите што веруваат. Како можеме да тврдиме дека се грижиме за законот што Христос го поддржал со својата смрт, ако не се грижиме за она што Тој го нарекува најважно во тој закон?

Текстот Псалм 9, 8.9 објавува: „Тој ќе му суди на светот според правда, на луѓето ќе им суди праведно. Господ им е тврдина на угнетените, крепост во време на неволја.“ Слично на тоа, текстот Псалм 146,7-9 додава дека Бог „извршува правда за угнетените“ и „им дава леб на гладните; Господ крши окови на затворени. Господ им ги отвора очите на слепите, Господ ги исправа подгрбавените, Господ ги сака праведните. Господ ги пази придојдените, ги поддржува сираците и вдовиците, а патот на нечестивите го разурнува.“

Може ли Божјата реч да биде појасна за тоа како треба да настојуваме да им служиме на оние околу нас кои имаат многу потреби и кои страдаат?

**Што можеме да научиме од животот и службата на Исус за тоа како да допреме до оние на кои им е потребна помош? Иако не можеме да правиме чуда како што правел Тој, како може нашата помош за многу повредени луѓе да се смета за доволно „чудесна“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Сабота“, стр. 281-289 оригинал.

„Шпионите не се осмелувале да му одговорат на Христа во присуство на мноштвото од страв да не упаднат во тешкотии. Знаеле дека Тој ја зборува вистината. Побргу би дозволиле да страда човек отколку да ги кршат своите преданија, а животното би го ослободиле поради штетата што би ја претрпил сопственикот. На тој начин за немото животно покажувале повеќе грижа отколку за човекот кој е создаден според Божјиот лик. Ова го прикажува дејствувањето на сите лажни религии. Тие потекнуваат од човечкиот копнеж тој да се издигне над Бога, но конечниот резултат е спуштање на човекот под нивото на животно. Секоја религија што се бори против Божјето владеење го лишува човекот од славата што ја имал при создавањето и која во Христа повторно ќе му се врати. Секоја лажна религија своите следбеници ги учи немарно да се однесуваат кон човечките потреби, страдања и права. Евангелието му дава голема вредност на човечкиот род откупен со Христовата крв и ги учи на нежно уважување на човековите желби и страдања. Господ кажува: ‘Ќе сторам човекот да вреди повеќе од суво злато, повеќе од злато офирско” (Исаија 13,12).

Кога Исус им се обратил на фарисеите со прашање дали во саботен ден треба да се прави добро или зло, дали е според законот да се спасува живот или да се убива, ги соочил со нивните лоши намери. Со огорчена омраза демнеле над неговиот живот, додека Тој го спасувал животот и на мноштвото му донесувал радост. Дали било подобро да се убива во сабота, како што имале намера да го сторат тоа тие, или да се лекуваат болните, како што правел Тој? Дали било поправедно во текот на Божјиот свет ден да се носи убиство во срцето, отколку да се сакаат сите луѓе, што се покажало во делата на милосрдието?“ (*Копнежот на вековите*, стр. 286, 287 ориг.).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Зошто и во која смисла е точно дека „Секоја лажна религија своите следбеници ги учи немарно да се однесуваат кон човечките потреби“? Како можеме свесно да работиме на тоа да го избегнеме таквото невнимание во нашите црковни заедници?**

**2. Кој е мојот ближен? Кој е твојот ближен? На кои практични начини, тоа што го следиме Христа, би требало да нè направи послични на Самарјанецот, кој ги пречекорил границите на своето време, поттикнат од љубов да направи нешто?**

**3. Ако Бог ги сака правдата и милоста, како треба да постапуваме според она за кое Тој најмногу се грижи? Како можеме повеќе да се сосредоточиме на она што Исус го нарекол „ најважното во Законот“?**

**4. Кога размислуваме и зборуваме за судот, колку често нагласуваме дека Исус за судот зборува првенствено во смисла на тоа дали и во колкава мера ние активно ги сакаме другите, особено угнетените и обесправените? Размислете за тоа во светлината на Матеј 25,31-46.**

**Лекција 13**
**Од 22 до 28 март**

# ЉУБОВТА Е ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 20,1-17; Римјаните 6,1-3; Римјаните 7,7-12; Еремија 31,31-34; Матеј 23, 23.24; Јаков 2,1-9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И не должете никому ништо освен да се сакате еден со друг; зашто оној што го љуби ближниот, го исполнува Законот“ (Римјаните 13,8).**

Додека црковниот одбор се занимавал со еден проблематичен верник, некој од членовите на одборот му рекол на пасторот: „Не можеме да донесуваме одлуки врз основа на сочувство?“ Зар навистина не можеме? Пасторот се запрашал какво е разбирањето на таа личност за Бога и за Божјиот закон. Сочувството, секако, треба да биде водечки принцип во нашите постапувања со луѓето, особено со оние кои грешат. Сочувството е суштинска состојка на љубовта, а како што ни кажува стихот Римјаните 13,8, да се сака ближниот значи да се исполнува Законот.

Ако љубовта е навистина исполнување на законот, тогаш треба да водиме сметка да не го сметаме законот како нешто одвоено од љубовта, ниту да сметаме дека љубовта е нешто одвоено од законот. Во Светото писмо, љубовта и законот одат заедно. Божествениот законодавец е љубовта, така што, според тоа, Божјиот закон е и закон на љубовта. Тоа е, како што вели Елена Вајт, препис на Божјиот карактер (Видете *Христовите параболи*, стр. 305 оригинал).

Божјиот закон не е збир на апстрактни принципи, туку заповеди и упатства наменети за нашиот процут. Божјиот закон во својата суштина е израз на љубовта на начин на кој самиот Бог ја изразува.

## ЗАКОНОТ НА ЉУБОВТА

Божјиот закон не се состои од апстрактни принципи. Тој е, всушност, олицетворение на односите. Ова може јасно да се види во Десетте заповеди. Основните принципи на Десетте заповеди веќе биле на сила во Едемската градина – принципи на љубов наменети да управуваат со односот меѓу Бога и човекот, како и со односите меѓу самите луѓе.

Кога Десетте заповеди биле врежани во камен, како што гледаме во 2. Мојсеева 20, тие му биле дадени на Израел во контекст на заветниот однос. Десетте заповеди биле напишани откако Господ веќе го избавил народот од Египет, и тие се засновале на Божјата љубов и на Неговите ветувања дадени на народот (видете: 2. Мојсеева 6,7.8 и 3. Мојсеева 26,12). Врз основа на нивната поделба во две групи, се гледа дека тие имале за цел процут на односот на човекот со Бога, како и на односот меѓу луѓето.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 20,1-17. На кој начин во овие стихови се откриваат овие два принципа – љубов кон Бога и љубов кон другите?**

---

---

Првите четири заповеди се однесуваат на човековиот меѓусебен однос со Бога, а вторите шест за меѓусебните човечки односи. Затоа, нашиот однос спрема Бога и спрема другите луѓе мора да биде регулиран со принципите на Божјиот закон.

Тие два дела од законот директно одговараат на она што Исус го означил како две најголеми заповеди: „Љуби Го Господа, својот Бог со сето свое срце“ (Матеј 22,37; споредете со стихот 5. Мојсеева 6,5) и „возљуби го својот ближен како себеси!“ (Матеј 22,39; споредете со: 3. Мојсеева 19,18).

Првите четири заповеди нѐ упатуваат на тоа како да го сакаме Бога со целото наше битие, а вторите шест како да се сакаме еден со друг како себеси. Исус конкретно вели дека двете заповеди за љубовта се неразделно поврзани со законот. „На тие две заповеди се држат целиот Закон и Пророците“ (Матеј 22,40).

Според тоа, Божјиот закон е целосно втемелен на Божјата љубов. Божјата љубов и законот се неразделни. Често слушаме како луѓето велат: Не мора да го држиме законот, само треба да го сакаме Бога и другите луѓе. Зошто таа идеја нема смисла?

**Како можеме да зборуваме за љубовта кон Бога или за љубовта кон другите, ако кршиме некоја од Десетте заповеди?**

## ЗАКОНОТ Е СВЕТ И ПРАВЕДЕН И ДОБАР

Љубовта е темел на Божјиот закон. Кога го воздигнува законот, Бог ја воздигнува љубовта. Затоа Исус умрел за да ги спаси грешниците – за да може да го одржи законот додека во исто време ни ја дава благодатта. Само така можел и да остане праведен и да ги оправдува оние што веруваат (Римјаните 3,25.26). Каков ли само израз на љубовта! Според тоа, законот не бил поништен во процесот на откупувањето. Напротив, со тоа тој е дополнително потврден.

**Прочитајте Римјаните 6,1-3, а потоа Римјаните 7,7-12, со посебен нагласок на 12. стих. Што ни кажуваат овие стихови за законот, дури и по Христовата смрт?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Додека некои веруваат дека благодатта и откупувањето го укинуваат законот, Павле јасно кажува дека не треба да се остане во гревот за да се намножи благодатта. Напротив, оние кои престојуваат во Христа со вера се крстиле „во неговата смрт", па затоа треба да се сметаат себеси за мртви за гревот и живи за Христа.

Божјиот закон не е грев, туку тој (меѓу другото) го прави очигледен гревот и нашата грешност. Токму затоа „законот е свет, Законот е свет; а и заповедта е света, и праведна, и добра" (Римјаните 7,12). Тој, повеќе од сè друго, ја открива нашата голема потреба за спасение, за искупување – спасение и искупување кои доаѓаат само преку Христа. Затоа, ние не го „укинуваме Законот преку верата", „туку уште посилно го утврдуваме" (Римјаните 3,31).

Христос не дошол да го укине законот, туку да го исполни сето она што било ветено во Законот и Пророците. Затоа Тој нагласува дека „дури постојат небото и земјата, ниту една буквичка или црта од Законот нема да се измени, додека не се исполни сè!" (Матеј 5,18)

Самиот Божји закон ја претставува Божјата светост – Неговиот совршен карактер на љубов, праведност, добрина и вистина (3. Мојсеева 19,2; Псалм 19,7.8; Псалм 119,142.172). Во овој поглед, значајно е што, според 2. Мојсеева 31,18, Бог лично ги напишал Десетте заповеди на камени плочи. Напишани во камен, овие заповеди се сведоштво за Божјиот непроменлив карактер и за Неговото морално владеење, кое се заснова на љубовта – која е централна тема на големата борба.

**Како оваа врска меѓу законот и љубовта ни помага подобро да ги разбереме Исусовите зборови: „Ако Ме љубите, ќе ги пазите Моите заповеди" (Јован 14,15)?**

## ЗАКОНОТ И БЛАГОДАТТА

Како што видовме, законот и благодатта не се меѓусебно спротивставени. Тие служат само за друга цел во согласност со Божјата љубов и правда. Острата спротивност меѓу законот и благодатта би ги збунила древните Израелци, кои дури и на самото давање на законот гледале како на моќен израз на Божјата благодат. Додека „боговите“ на околните народи биле непостојани и целосно непредвидливи, оставајќи ги луѓето без никаква можност да дознаат што сакаат и што би им се допаднало, Бог, откриен во Библијата, многу јасно го учи својот народ што му е Нему угодно. А она што Нему му е угодно, е токму она што претставува врвно добро за сиот Негов народ, и за поединецот и за заедницата.

Меѓутоа, законот не може да нè спаси од гревот ниту да го промени нашето човечко срце. Поради нашата вродена грешност, потребно ни е духовно пресадување на срцето.

**Прочитајте го текстот Еремија 31,31-34. Што нè учи ова во врска со Божјето ветување дека ќе ни даде ново срце? Споредете го тоа со Христовите зборови за новото раѓање, упатени до Никодим во Јован 3,1-21. Видете исто така Евреите 8,10.**

---

Десетте заповеди сам Бог ги напишал на камени плочи (2. Мојсеева 31,18), но тој закон требало да биде запишан и во срцата на Божјиот народ (Псалм 37,30.31). Во идеален случај, Божјиот закон на љубовта не треба за нас да биде нешто надворешно, туку нешто што извира однатре, од самиот наш карактер. Само Бог може да го напише Својот закон во човечкото срце, и Тој ветил дека ќе го стори тоа за Неговиот заветен народ (видете Евреите 8,10).

Ние не може да се спасиме со држење на законот. Напротив, ние се спасуваме со благодатта преку верата. Тоа не е нешто што доаѓа од нас, туку е дар од Бога (Ефесјаните 2,8). Ние не го држиме законот за да бидеме спасени; го држиме законот затоа што веќе сме спасени. Не го држиме законот за да бидеме сакани, туку затоа што сме сакани, и затоа што го сакаме Бога и другите (види Јован 14,15).

Во исто време, законот ни укажува на нашиот грев (Јаков 1,22-25; Римјаните 3,20; Римјаните 7,7) и на потребата од Искупител (Галатјаните 3,22-24), нè упатува кон најдобриот начин на живот и ни го открива Божјиот карактер полн со љубов.

**На што се надевате кога е во прашање судот? Во вашето вредно и верно држење на законот или во Христовата праведност што ве покрива? Што открива вашиот одговор за улогата на Божјиот закон во поглед на тоа што може и што не може да направи?**

## ЉУБОВТА Е ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Поврзаноста меѓу љубовта и законот не може да се пренагласи. Навистина, според Светото писмо, да се љуби значи да се исполни законот.

Во Римјаните 13,8-10, Павле учи дека „оној што го љуби ближниот, го исполнува Законот“ (Римјаните 13,8). Откако ги наведува повеќето од другите шест Божји заповеди, Павле изјавува дека „и секоја друга заповед се содржат во овие зборови: ‘Љуби го ближниот како самиот себеси!’“ (Римјаните 13,9)  Навистина, Павле јасно учи дека „љубовта е исполнување на законот“ (Римјаните 13,10). И повторно, во Галатјаните 5,14, Павле објаснува дека „целиот Закон се извршува во еден збор, односно: сакај го ближниот како самиот себе“. Но, каква е таа љубов што го исполнува законот? Како изгледа таа љубов?

**Прочитајте Матеј 23,23.24. Што е „најважното во законот“? Прочитајте ги и следните текстови: 5. Мојсеева 5,12-15 и Исаија 58,13-14. Како овие пасуси го покажуваат односот меѓу законот (особено саботната заповед) и Божјиот интерес за правда и ослободување?**

---

---

Исус го означува „најважното во Законот: праведноста, милоста и верата“. А во врска со особено една заповед – онаа за саботата – можеме да видиме во Светото писмо дека самата сабота е нераскинливо поврзана со ослободувањето и правдата.

Во текстот 5. Мојсеева 5, заповедта за сабота е втемелена на Божјото ослободување на Израел од ропството. Односно, саботата не е само спомен на создавањето, туку и спомен на избавувањето од ропството и угнетувањето. А во контекст на одвраќањето од личното задоволство на човекот,  со цел саботата да се нарече милина заради уживањето во Господа (Исаија 58,13,14), нагласокот е ставен на делата на љубовта и правдата насочени кон другите – на правењето добро, хранење на гладните, вдомување на бездомниците (видете го текстот Исаија 58,3-10).

Имајќи ги предвид сите овие учења (а и многу други), оние кои сакаат да го исполнат законот правејќи дела на љубов, треба да ги земат предвид не само „гревовите што се направени“, туку и „гревовите на неправење“. Љубовта како исполнување на законот не го опфаќа само држењето на заповедите, во смисла на воздржување од правење гревови, туку се состои и од активно правење добро – вршење дела на љубов со кои верно се унапредуваат правдата и милоста. Да се биде верен на Бога, тоа подразбира многу повеќе отколку само да не се прекрши словото на законот.

## ПРЕД СЕ, САКАЈТЕ СЕ ЕДЕН СО ДРУГ

Ако љубовта е исполнување на законот, тогаш не можеме да го држиме Божјиот закон во целосна смисла само со воздржување од она што е погрешно. Самиот закон на љубовта (претставен во Светото писмо како целина) не само што ни налага да се воздржуваме од правење зло, туку и нè поттикнува да правиме дела што ја откриваат Божјата љубов кон другите – не само на другите членови на црквата, туку и на светот во целина, на кој му е толку очајно потребно вистинско христијанско сведочење.

**Прочитајте Јаков 2,1-9. Која клучна порака ни е дадена тука?**

---

Јаков тука остро ја осудува неправдата во општеството, особено укажувајќи на срамотење на сиромашните и на нивната злоупотреба од страна на некои богаташи. Потоа, тој го привлекува вниманието на законот на љубовта спрема ближниот, велејќи дека „добро правите“ кога тој закон го извршувате (Јаков 2,8).

Како што кажала Елена Вајт: „Љубовта кон човекот е земен израз на љубовта кон Бога. Царот на славата станал едно со нас за да ни ја всади оваа љубов, за да нè стори деца на едно семејство. Кога ќе се исполнат неговите проштални зборови: ’Да се љубите еден со друг како јас што ве љубев вас‘ (Јован 15,12), кога ќе го сакаме овој свет како што го сакал Тој, тогаш е остварена неговата мисија за нас. Приготвени сме за небото, зашто небото го имаме во своето срце“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 641 оригинал).

Кога го сакаме овој свет на начин на кој Христос го сакал – *тогаш сме приготвени за небото*. Колку моќен израз на тоа што значи да се биде Исусов следбеник!

Исус им заповеда на своите ученици: „Да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив“ (Јован 13,34). Тој исто така објавува: „По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,35). Љубовта е толку пресудна за христијанската вера затоа што Бог е љубов (1. Јованово 4,8.16). А оние кои тврдат дека го љубат Бога, мора да се љубат едни со други (споредете со стиховите 1. Јованово 3,11; 4,20.21).

Според тоа, 1. Петрово 4,8 ги охрабрува христијаните: „А пред сè, имајте постојано љубов меѓу себе; зашто „љубовта покрива многу гревови“ (видете исто така: Евреите 10,24 и 1. Солуњаните 3,12).

**Задржете се повеќе на идејата дека треба да го сакате светот онака како што го сакал Христос. Како ова може да ни помогне подобро да го разбереме поимот на христијанското совршенство и начинот на кој се оспособуваме за вечниот живот? Изнесете ги своите одговори во вашата класа во сабота.**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „На еден од овие мои најмали браќа“, стр. 637-641 оригинал).

„Големиот Пастир ќе им служи на оние што им служат на другите. Тие ќе пијат од реката на животот и ќе ја угаснат жедта. Нема да се стремат кон возбудливи забави или кон некоја промена во својот живот. Најважен предмет на нивно интересирање ќе биде како да ги спасат душите што се наоѓаат пред пропаст. Нивните општествени допири ќе бидат корисни. Љубовта на Откупителот ќе ги привлече и ќе ги соедини срцата.

Кога ќе сфатиме дека сме Божји соработници, неговите ветувања нема да ги објавуваме рамнодушно. Тие ќе горат во нашите срца и ќе се распалат на нашите усни. Кога бил повикан да му служи на неукиот, недисциплиниран и бунтовен народ, Бог на Мојсеја му дал ветување: ‘Лично јас ќе појдам со тебе и ќе ти дадам одмор’. Рекол и: ‘Јас ќе бидам со тебе’ (2. Мојсеева 33,14; 3,12). Ова ветување е за сите што работат наместо Христа за сиромасите и за измачените луѓе“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 641 оригинал).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 13,4-8. Како 1. Коринќаните 13 фрла светлина врз тоа какви луѓе треба да бидеме?**

**2. Што ги одвојува овците од јарците во Матеј 25,31-46? Како можеме да ги разбереме овие Исусови зборови на начин што не го поткрепува учењето за спасение со дела?**

**3. Што значи за вас сознанието дека „кога ќе го сакаме овој свет како што го сакал Тој, тогаш е остварена неговата мисија за нас. Приготвени сме за небото, зашто небото го имаме во своето срце“. (видете го проучувањето за четврток)? Што ни открива тоа за природата на Бога и за природата на самото небо? Имајќи го тоа предвид, како можеме уште овде да живееме повеќе како граѓани на небото, ширејќи ја Божјата љубов на начин кој носи светлина и правда за угнетените?**

**4. Кои практични чекори треба да се преземат во вашата локална црква за таа да ја одразува Божјата заинтересираност за љубовта и правда во вашата општествена заедница? Кои добри работи ги правите во вашата локална заедница? Што треба да подобрите и на што треба повеќе да се фокусирате? Кои опипливи чекори можете да ги преземете поединечно и заедно за да постапувате според она што го проучувавме за Божјата љубов и правда?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈАНУАРИ

# ДА ГО ЗАПОЗНАЕМЕ БОГА

### ТОЈ Е ВЕЧЕН ЦАР

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | ***Јован 10,29.30.*** | *Тој е вистински Бог* |
| *2. Четврток* | ***1. Тимотеј 1,17.*** | *Тој е вечен Цар* |
| *3. Петок* | ***Јован 10,29.30.*** | *Бог и Христос се едно* |
| ***4. Сабота*** | ***4. Мојсеева 23,19.*** | *Бог не е човек* |

### ПИСМАТА СВЕДОЧАТ ЗА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | ***1. Летописи 16,26.*** | *Бог ги создал небесата* |
| *6. Понеделник* | ***Евреите 7,25.*** | *Бог ни дал Посредник* |
| *7. Вторник* | ***1. Јованово 5,20.*** | *Ајде да Го запознаеме* |
| *8. Среда* | ***Јован 5,39.*** | *Писмата сведочат за Бога* |
| *9. Четврток* | ***Псалм 19,1–3.*** | *Небесата ја кажуваат Неговата слава* |
| *10. Петок* | ***1. Царевите 19,12.*** | *Илија го нашол Бога во тивкиот глас* |
| ***11. Сабота*** | ***Римјаните 1,20.*** | *Бога го наоѓаме во делата на создавањето* |

### БОЖЈИОТ ПРЕСТОЛ Е НА НЕБЕСАТА

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | ***Дела 14,17.*** | *Неговата добрина постојано сведочи* |
| *13. Понеделник* | ***Псалм 27,8.*** | *Оние кои го бараат Неговото лице ќе го најдат* |
| *14. Вторник* | ***Псалм 11,4.*** | *Божјиот престол е на небесата* |
| *15. Среда* | ***Осија 6,6.*** | *Мора да ја негуваме желбата да Го запознаеме* |
| *16. Четврток* | ***Мудри изреки 8,17.*** | *Мора да Го бараме* |
| *17. Петок* | ***2. Летописи 20,20.*** | *Мора да веруваме* |
| ***18. Сабота*** | ***Јован 16,14.*** | *Светиот Дух?* |

### БОГ НÈ ИЗБРАЛ ЗА СПАСЕНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | ***Псалм 34,8.*** | *Испитајте и видете* |
| *20. Понеделник* | ***Псалм 33,5.6.*** | *Земјата изобилува со Неговата добрина* |
| *21. Вторник* | ***Псалм 92,4.5.*** | *Ние мора да ги проучуваме Неговите дела* |
| *22. Среда* | ***2. Солјаните 2,13.*** | *Бог нè избра нас за спасение* |
| *23. Четврток* | ***5. Мојсеева 10,20.*** | *Бојте се од Господа и служете Му* |
| *24. Петок* | ***Филипјаните 2,12.13.*** | *Сами го градиме нашето спасение* |
| ***25. Сабота*** | ***Матеј 22,39.*** | *Да имаме љубов спрема другите* |

### ДРЖЕТЕ СЕ ЦВРСТО ЗА СЛОВОТО

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | ***Јован 1,29.*** | *Треба да им укажеме на луѓето на Исус* |
| *27. Понеделник* | ***Мудри изреки 3,13.14.*** | *Мора да бараме мудрост* |
| *28. Вторник* | ***Исаија 54,2.*** | *Предизвикот на големата работа/дело??* |
| *29. Среда* | ***Тит 1,9.*** | *Држете се цврсто на Словото* |
| *30. Четврток* | ***1. Коринќаните 3,10.11.*** | *Поставување на вистинската основа* |
| *31. Петок* | ***Матеј 5,6.*** | *Барајте ја праведноста* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ФЕВРУАРИ

# БОГ Е ЉУБОВ

### КОЈ ОСТАНУВА ВО БОГА, ОСТАНУВА ВО ЉУБОВТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | **1. Јованово 4,16.** | *Кој останува во Бога, останува во љубовта* |

### ХРИСТОС ГИ САКАЛ СВОИТЕ ДО КРАЈ

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **Јован 15,9.10.** | *Христовата љубов е како Татковата љубов* |
| *3. Понеделник* | **Езекиел 34,12.** | *Бог ги бара своите овци* |
| *4. Вторник* | **Јован 17,23.** | *Христос нè љуби нас како што Отецот го љуби Него* |
| *5. Среда* | **Јован 13,1.** | *Христос ги сакаше своите до крај* |
| *6. Четврток* | **Псалм 145,15.16.** | *Бог во својата љубов ги исполнува секојдневните потреби* |
| *7. Петок* | **Јаков 1,17.** | *Бог го дава секој добар дар* |
| *8. Сабота* | **Јован 15,13.** | *Божјата љубов е поголема од самиот живот* |

### БОГ ЌЕ ГО ОТСТРАНИ НАШИОТ ЈАРЕМ НА ГРЕВОТ

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **Јован 3,16.** | *Христовата мисија поттикната од љубовта на Отецот* |
| *10. Понеделник* | **2. Мојсеева 34,6.** | *Божјата љубов го открива Неговиот карактер* |
| *11. Вторник* | **2. Мојсеева 34,7.** | *Божјата љубов нема да ја очисти вината* |
| *12. Среда* | **Псалм 103,13.14.** | *Си спомнува дека дека сме прав* |
| *13. Четврток* | **Осија 11,4.** | *Бог ќе го отстрани нашиот јарем на гревот* |
| *14. Петок* | **Римјаните 8,4.** | *Божјата љубов ни дава совршена надеж* |
| *15. Сабота* | **Плач 3,21,22.** | *По милоста на Господ не загинавме наполно* |

### ТОЈ НÈ ОТКУПИЛ

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **Исаија 54,8.** | *Неговата добрина е вечна* |
| *17. Понеделник* | **2. Солуњаните 2,16.17.** | *Утеха и добра надеж примаме преку благодатта* |
| *18. Вторник* | **Евреите 6,19.** | *Надежта како носител на душата* |
| *19. Среда* | **2. Коринќаните 5,21.** | *Тој го направи грев заради нас* |
| *20. Четврток* | **2. Коринќаните 5,19.** | *Ние сме помирени со Бога преку Христа* |
| *21. Петок* | **Исаија 44,22.** | *Тој нè откупил* |
| *22. Сабота* | **Римјаните 5,8.** | *Христос умрел за нас додека сме биле грешници* |

### МЕЃУСЕБНА ЉУБОВ

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **1. Петрово 3,18.** | *Христовите страдања нè доведуваат до Бога* |
| *24. Понеделник* | **Исаија 53,10.** | *Тој бил наша жртва за гревот* |
| *25. Вторник* | **Галатјаните 1,4.** | *Христос се дал Себеси за нашето спасение* |
| *26. Среда* | **5. Мојсеева 10,12.** | *Што бара Бог?* |
| *27. Четврток* | **Ефешаните 5,2.** | *Меѓусебна љубов* |
| *28. Петок* | **1. Јован 3,13.** | *Светот не го сака Бога* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАРТ

# СПАСЕНИЕТО

### „МОЕТО СПАСЕНИЕ ИЗГРЕВА“

| | | |
|---|---|---|
| ***1. Сабота*** | *Исаија 51,5.* | *„Моето спасение изгрева“* |

### СПАСЕНИЕТО Е ДАР ОД БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | ***Еремија 15,20.*** | *„Јас Сум со тебе, за да те спасам“* |
| *3. Понеделник* | ***Ефесјаните 2,9.8.*** | *Спасението е дар од Бога* |
| *4. Вторник* | ***Исаија 45,22.*** | *„Кон Мене обратете се, и ќе бидете спасени“* |
| *5. Среда* | ***Езекиел 16,62.63.*** | *Тој ќе го утврди својот завет со нас* |
| *6. Четврток* | ***Еремија 31,33.*** | *Тој ќе го напише Законот во нашите срца* |
| *7. Петок* | ***Еремија 31,34.*** | *Веќе нема да се сеќава на нашите гревови* |
| ***8. Сабота*** | ***Езекиел 36,26.*** | *Тој ќе ни даде ново срце* |

### ТОЈ ЌЕ НÈ ОЧИСТИ

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | ***Езекиел 36,27.*** | *Тој ќе направи да одиме по Неговите уредби* |
| *10. Понеделник* | ***Езекиел 36,25.*** | *Тој ќе нè очисти* |
| *11. Вторник* | ***Еремија 33,8.*** | *Тој ќе ни ги прости сите беззаконија* |
| *12. Среда* | ***Лука 19,10.*** | *Христос дошол да ги најде изгубените* |
| *13. Четврток* | ***Езекиел 34,16.*** | *Тој ќе нè превие и ќе нè окрепи* |
| *14. Петок* | ***Езекиел 34,13.*** | *Тој ќе ги собере и ќе ги врати изгубените* |
| ***15. Сабота*** | ***Марко 10,14.15.*** | *Тој ги повикува децата* |

### ВЕРНОСТА ЌЕ БИДЕ НАГРАДЕНА

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | ***2. Тимотеј 1,9.*** | *Повикани сме по Негова заповед* |
| *17. Понеделник* | ***Јован 4,23.*** | *Бог бара искрени верници* |
| *18. Вторник* | ***1. Петрово 2,9.*** | *Бог нè избрал нас* |
| *19. Среда* | ***Псалм 84,11.*** | *Бог не ускратува ниедно добро* |
| *20. Четврток* | ***Евреите 2,18.*** | *Тој им помага на оние кои се во искушение* |
| *21. Петок* | ***Мудри изреки 28,20.*** | *Верноста ќе биде наградена* |
| ***22. Сабота*** | ***Исаија 26,3.*** | *Ќе ни биде даден совршен мир* |

### ГОСПОД НЕ ДОЦНИ СО СВОИТЕ ВЕТУВАЊА

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | ***5. Мојсеева 32,9.10.*** | *Господовиот дел е Неговиот народ* |
| *24. Понеделник* | ***Псалм 27,5.*** | *Тој обезбедува заштита во време на неволја* |
| *25. Вторник* | ***Исаија 58,11.*** | *Нам ни е ветено постојано водство* |
| *26. Среда* | ***2. Петрово 3,9.*** | *Господ не доцни со своите ветувања* |
| *27. Четврток* | ***Матеј 7,7.8.*** | *Мора да се повикуваме на Божјите ветувања* |
| *28. Петок* | ***Матеј 21,22.*** | *Мораме да веруваме* |
| ***29. Сабота*** | ***Јован 15,7.*** | *Божјите ветувања зависат од послушноста* |

### БОГ ГИ ИСПОЛНУВА ВЕТУВАЊАТА АКО СОРАБОТУВАМЕ

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | ***Откровение 3,20.*** | *Бог ги исполнува ветувањата ако соработуваме* |
| *31. Понеделник* | ***Ефесјаните 1,3.*** | *Треба да Му се заблагодариме за Неговите ветувања* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува" е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јануари*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Мојс. 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| **4.** | 10-12 |
| | |
| 5. | 13-15 |
| 6. | 16-19 |
| 7. | 20-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-30 |
| 10. | 31-33 |
| **11.** | 34-36 |
| | |
| 12. | 37-39 |
| 13. | 40-42 |
| 14. | 43-46 |
| 15. | 47-50 |
| 16. | 2. Мојс. 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| **18.** | 7-9 |
| | |
| 19. | 10-12 |
| 20. | 13-15 |
| 21. | 16-18 |
| 22. | 19-21 |
| 23. | 22-26 |
| 24. | 27-29 |
| **25.** | 30-31 |
| | |
| 26. | 32-34 |
| 27. | 35-37 |
| 28. | 38-40 |
| 29. | 1-4 |
| 30. | 5-7 |
| 31. | 8-10 |

## *Февруари*

| | |
|---|---|
| **1.** | 3. Мојс. 11-13 |
| | |
| 2. | 14-16 |
| 3. | 17-19 |
| 4. | 20-23 |
| 5. | 24-27 |
| 6. | 4. Мојс. 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| **8.** | 7-9 |
| | |
| 9. | 10-13 |
| 10. | 14-16 |
| 11. | 17-19 |
| 12. | 20-22 |
| 13. | 23-26 |
| 14. | 27-29 |
| **15.** | 30-32 |
| | |
| 16. | 33-36 |
| 17. | 5. Мој. 1-3 |
| 18. | 4-6 |
| 19. | 7-9 |
| 20. | 10-13 |
| 21. | 14-16 |
| **22.** | 17-19 |
| | |
| 23. | 20-22 |
| 24. | 23-25 |
| 25. | 26-28 |
| 26. | 29-31 |
| 27. | 32-24 |
| 28. | И. Навин 1-3 |

## *Март*

| | |
|---|---|
| **1.** | И. Навин 5-9 |
| | |
| 2. | 10-13 |
| 3. | 14-17 |
| 4. | 18-21 |
| 5. | 22-24 |
| 6. | Судии 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| **8.** | 7-9 |
| | |
| 9. | 10-12 |
| 10. | 13-15 |
| 11. | 16-18 |
| 12. | 19-21 |
| 13. | За Рута 1 и 2 |
| 14. | 3 и 4 |
| **15.** | 1. Сам. 1-3 |
| | |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| **22.** | 24-26 |
| | |
| 23. | 27-31 |
| 24. | 2. Сам. 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-11 |
| 27. | 12-14 |
| 28. | 15-17 |
| **29.** | 18-20 |
| | |
| 30. | 21-24 |
| 31. | 1. Цар. 1-3 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

| ***Јануари*** | ***Февруари*** | ***Мар̄т*** |
|---|---|---|
| 1. Псалм 1 | **1.** Псалм 29 | **1.** Псалм 53 |
| 2. Псалм 2 | 2. Псалм 30 | 2. Псалм 54 |
| 3. Псалм 3 | 3. Псалм 31,1-14 | 3. Псалм 55 |
| **4.** Псалм 4 | 4. Псалм 31,15-24 | 4. Псалм 56 |
| 5. Псалм 5 | 5. Псалм 32 | 5. Псалм 57 |
| 6. Псалм 6 | 6. Псалм 33 | 6. Псалм 58 |
| 7. Псалм 7 | 7. Псалм 34 | 7. Псалм 59 |
| 8. Псалм 8 | **8.** Псалм 35,1-14 | **8.** Псалм 60 |
| 9. Псалм 9 | 9. Псалм 35,15-28 | 9. Псалм 61 |
| 10. Псалм 10 | 10. Псалм 36 | 10. Псалм 62 |
| **11.** Псалм 11 | 11. Псалм 37,1-19 | 11. Псалм 63 |
| 12. Псалм 12 | 12. Псалм 37,20-40 | 12. Псалм 64 |
| 13. Псалм 13 | 13. Псалм 38 | 13. Псалм 65 |
| 14. Псалм 14 | 14. Псалм 39 | 14. Псалм 66 |
| 15. Псалм 15 | **15.** Псалм 40 | 1**5.** Псалм 67 |
| 16. Псалм 16 | 16. Псалм 41 | 16. Псалм 68 |
| 17. Псалм 17 | 17. Псалм 42 | 17 Псалм 69 ,1-16 |
| **18.** Псалм 18,1-15 | 18. Псалм 43 | 18. Псалм 69,17-36 |
| 19. Псалм 18,16-30 | 19. Псалм 44,1-12 | 19. Псалм 70 |
| 20. Псалм 28,31-50 | 20. Псалм 44,13-26 | 20. Псалм 71,1-15 |
| 21. Псалм 19 | 21. Псалм 45 | 21. Псалм 71,15-24 |
| 22. Псалм 20 | **22.** Псалм 46 | **22.** Псалм 72 |
| 23. Псалм 21 | 23. Псалм 47 | 23. Псалм 73,1-15 |
| 24. Псалм 22,1-15 | 24. Псалм 48 | 24. Псалм 73,16-28 |
| **25.** Псалм 22,16-31 | 25. Псалм 49 | 25. Псалм 74 |
| 26. Псалм 23 | 26. Псалм 50,1-5 | 26. Псалм 75 |
| 27. Псалм 24 | 27. Псалм 50,16-23 | 27. Псалм 76 |
| 28. Псалм 25 | 28. Псалм 51 | 28. Псалм 77 |
| 29. Псалм 26 | 29. Псалм 52 | **29.** Псалм 78 ,1-14 |
| 30. Псалм 27 | | 30. Псалм 78,15-28 |
| 31. Псалм 28 | | 31. Псалм 78,29-42 |

*Им ӣредлаīаме на верницийе овие йексйови да īи чийааш во йекоӣ на вечерноӣо боīослужение во своейо семејсиво.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈАНУАРИ 2025 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | *3.* | *10.* | *17.* | *24.* | *31.* |
| Виница | 16:13 | 16:19 | 16:27 | 16:36 | 16:45 |
| Колешино | 16:13 | 16:20 | 16:27 | 16:36 | 16:45 |
| Стар Дојран | 16:14 | 16:21 | 16:28 | 16:37 | 16:45 |
| Куманово | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:38 | 16:47 |
| Неготино | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:39 | 16:47 |
| Струмица | 16:13 | 16:20 | 16:28 | 16:36 | 16:45 |
| Кочани | 16:13 | 16:20 | 16:28 | 16:36 | 16:45 |
| Велес | 16:16 | 16:23 | 16:31 | 16:39 | 16:48 |
| Кавадарци | 16:16 | 16:23 | 16:31 | 16:39 | 16:48 |
| Дебар | 16:22 | 16:28 | 16:36 | 16:45 | 16:53 |
| Скопје | 16:16 | 16:23 | 16:31 | 16:40 | 16:49 |
| Битола | 16:20 | 16:27 | 16:34 | 16:43 | 16:51 |
| Кичево | 16:20 | 16:27 | 16:35 | 16:43 | 16:52 |
| Лаки | 16:12 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Чифлик | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:38 | 16:47 |
| Штип | 16:14 | 16:21 | 16:29 | 16:37 | 16:46 |
| Тетово | 16:18 | 16:25 | 16:33 | 16:42 | 16:51 |
| Јегуновце | 16:17 | 16:24 | 16:32 | 16:41 | 16:50 |
| Росоман | 16:16 | 16:23 | 16:31 | 16:39 | 16:48 |
| Гевгелија | 16:15 | 16:22 | 16:29 | 16:38 | 16:46 |
| Свети Николе | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:38 | 16:47 |
| Делчево | 16:11 | 16:18 | 16:26 | 16:35 | 16:43 |
| Валандово | 16:14 | 16:21 | 16:29 | 16:37 | 16:46 |
| Охрид | 16:22 | 16:29 | 16:36 | 16:45 | 16:53 |
| Радовиш | 16:13 | 16:20 | 16:28 | 16:37 | 16:45 |
| Прилеп | 16:18 | 16:25 | 16:33 | 16:41 | 16:50 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ФЕВРУАРИ 2025

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 16:54 | 17:03 | 17:11 | 17:20 |
| Колешино | 16:53 | 17:02 | 17:11 | 17:19 |
| Стар Дојран | 16:54 | 17:03 | 17:11 | 17:20 |
| Куманово | 16:56 | 17:05 | 17:14 | 17:23 |
| Неготино | 16:56 | 17:05 | 17:13 | 17:22 |
| Струмица | 16:54 | 17:03 | 17:11 | 17:20 |
| Кочани | 16:54 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |
| Велес | 16:57 | 17:06 | 17:14 | 17:23 |
| Кавадарци | 16:56 | 17:05 | 17:14 | 17:22 |
| Дебар | 17:02 | 17:11 | 17:20 | 17:28 |
| Скопје | 16:58 | 17:07 | 17:15 | 17:24 |
| Битола | 17:00 | 17:09 | 17:17 | 17:25 |
| Кичево | 17:01 | 17:09 | 17:18 | 17:26 |
| Лаки | 16:53 | 17:02 | 17:11 | 17:19 |
| Чифлик | 16:56 | 17:04 | 17:13 | 17:21 |
| Штип | 16:55 | 17:04 | 17:13 | 17:21 |
| Тетово | 17:00 | 17:09 | 17:17 | 17:26 |
| Јегуновце | 16:59 | 17:08 | 17:17 | 17:25 |
| Росоман | 16:57 | 17:05 | 17:14 | 17:22 |
| Гевгелија | 16:55 | 17:04 | 17:12 | 17:20 |
| Свети Николе | 16:56 | 17:05 | 17:14 | 17:22 |
| Делчево | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:19 |
| Валандово | 16:55 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |
| Охрид | 17:02 | 17:11 | 17:19 | 17:27 |
| Радовиш | 16:54 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |
| Прилеп | 16:58 | 17:07 | 17:16 | 17:24 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАРТ 2025 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 17:52 |
| Колешино | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:50 |
| Стар Дојран | 17:28 | 17:35 | 17:43 | 17:51 |
| Куманово | 17:31 | 17:39 | 17:47 | 17:55 |
| Неготино | 17:30 | 17:38 | 17:46 | 17:53 |
| Струмица | 17:28 | 17:36 | 17:43 | 17:51 |
| Кочани | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 17:52 |
| Велес | 17:31 | 17:39 | 17:47 | 17:55 |
| Кавадарци | 17:30 | 17:38 | 17:46 | 17:54 |
| Дебар | 17:36 | 17:44 | 17:52 | 18:00 |
| Скопје | 17:32 | 17:40 | 17:48 | 17:56 |
| Битола | 17:33 | 17:41 | 17:49 | 17:56 |
| Кичево | 17:34 | 17:42 | 17:50 | 17:58 |
| Лаки | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:51 |
| Чифлик | 17:29 | 17:37 | 17:45 | 17:53 |
| Штип | 17:29 | 17:37 | 17:45 | 17:53 |
| Тетово | 17:34 | 17:42 | 17:50 | 17:58 |
| Јегуновце | 17:33 | 17:42 | 17:50 | 17:57 |
| Росоман | 17:31 | 17:38 | 17:46 | 17:54 |
| Гевгелија | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 17:51 |
| Свети Николе | 17:30 | 17:38 | 17:46 | 17:54 |
| Делчево | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:51 |
| Валандово | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 17:51 |
| Охрид | 17:35 | 17:43 | 17:51 | 17:58 |
| Радовиш | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 17:52 |
| Прилеп | 17:32 | 17:40 | 17:48 | 17:55 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



## МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).